Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 391, 15 јуни 2026 година

јуни 2026 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА ХЕМИЈА ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ НАУКИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „АНАЛИЗА НА ИНТЕГРАЛНИ И ОДРЖЛИВИ МОДЕЛИ (AISM) ЗА ОПТИМИЗАЦИЈА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ЈАГЛЕН ВО ПОВРШИНСКИТЕ КОПОВИ ВО КОСОВО“ ОД КАНДИДАТОТ М-Р УЈМИР УКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ , УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП ........ 14

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „МОДЕЛИРАЊЕ ВО РУДАРСТВОТО” ОД ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВАНЧО АЏИСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 20

П Р Е Г Л Е Д
НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ 28

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТАНЦОВА УМЕТНОСТ И НАУКИ НА ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 29

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТАНЦОВИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ НА ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 37

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАСОВНИ КОМУНИКАЦИИ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 50

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (6.04.00.05) МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 64

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ (6.04.00.05) НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 85

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (6.04.00.05) МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 91

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ СОРАБОТНИК / АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП ........ 100

Издавач
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Сашо Коцески, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА ХЕМИЈА ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ НАУКИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1302-103/4 од 15.5.2026 година донесена на 260. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 15.5.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник асистент за наставно-научната област применета хемија во земјоделските науки (4.05.00.03) на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- проф. д-р Биљана Балабанова – претседател (наставно-научна област хемија на земјиштето), редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос – член (наставно-научна област винарство и јаки алкохолни пијалаци), редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска – член (наставно-научна област наука за храна и технологии на прехранбени производи), редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 6.5.2026 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат, м-р Александар Пиперевски.

Пријавата е во целост разгледана и утврдивме дека кандидатот уредно, навремено и во целост ги има доставено следниве документи: Дипломи за завршени прв и втор циклус на студии; Уверение за положени испити од прв циклус; Уверение за положени испити од втор циклус; Уверение за положени испити на трет циклус (студии во тек), Потврда за познавање на странски јазик (англиски јазик), Препорака од тројца универзитетски професори, Уверение за државјанство, Кратка биографија (CV); Список на објавени научни и стручни трудови; Примерок од објавените трудови; Примерок од магистерскиот труд; Сертификати за обуки и учества на научни конференции и научни активности.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Александар Пиперевски** е роден на 22.5.1984 година во Штип, каде што завршува основно и средно гимназиско образование. На додипломски студии се запишува на Институтот за хемија (аналитичко структурна насока) на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје. Во 2008 година дипломира со **просек 8,27** и се стекнува со звање *дипломиран инженер по хемија*.

Во учебната 2020/2021 година се запишува на втор циклус студии (120 ЕКТС) на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на насока Енологија. Во јули 2023 година го брани магистерскиот труд под наслов *„Влијание на различни типови на ферментатори врз полифенолниот профил на вина од сортите вранец и мерло“* под менторство на проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос и се стекнува со академско звање *магистер на земјоделски науки - Енологија*. Просекот од магистерските студии изнесува **9,46,** со 120 ЕКТС кредити и се стекнал со квалификација од ниво VIIA.

Во учебната 2023/2024 година се запишува на трет циклус студии на студиската програма Наука за земјиштето и хидрологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип под менторство на проф. д-р Биљана Балабанова, раководител на Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија. Тековно, кандидатот има положено 7 испити од вкупниот број на испити предвидени со студиската програма и реализирал 4 предвидени активности: подготовка на пилот-истражувачки труд, презентација на пилот-истражувачки труд, учество на меѓународни собири и објавен труд во референтна научна публикација. Согласно со наведеното, кандидатот се стекнал со 110 ЕКТС, од спроведените тековни активности на студиската програма на трет циклус студии.

Во периодот од 2008 до 2026 година е вработен како хемиски аналитичар во Винарската визба „Имако-вино“ - Штип. Од 2022 г. е назначен за раководител на Хемиската лабораторија во Винарската визба „Имако-вино“ - Штип, каде што извршува организирање на работните задачи на вработените во лабораторијата, калибрација на инструменти, стандардизација на методи согласно со SOP сертификати.

Во периодот од 2023 до 2026 г. кандидатот е избран за демонстратор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со активности за организација и спроведување на лабораториски вежби за предметите Хемија (8 ЕКТС, 3+2+2), Биохемија (6 ЕКТС, 2+2+1), Агрохемија (6 ЕКТС, 2+2+1) и Еколошки мониторинг и биоиндикатори (8 ЕКТС, 3+2+2), во склоп на студиските програми на прв циклус на Земјоделски факултет при УГД - Штип.

Во периодот од 2025 г. – тековно е ангажиран како администратор на научното списание на Земјоделски факултет - Journal of Agriculture and Plant Sciences.

Во перодот од 2024 г. – тековно е ангажиран како помошен лабораториски кадар во лабораторијата УНИЛАБ (Оддел за агрохемија и исхрана на растенијата), во извршување на тековни лабораториски активности во одделот.

Кандидатот м-р Александар Пиперевски покажува континуирана посветеност кон меѓународна едукација, научноистражувачка мобилност и стручно усовршување преку активно учество во бројни меѓународни обуки, летни школи и истражувачки престои реализирани во рамки на европски образовни и научни програми. Неговата мобилност опфаќа престој и соработка со реномирани високообразовни и научноистражувачки институции во Литванија, Португалија, Србија, Бугарија, Австрија, Романија и Унгарија, што укажува на изразен интернационален ангажман и стремеж кон континуирано професионално усовршување.

Во текот на мај 2026 година кандидатот учествувал на „Комбинирана интензивна програма (BIP) „Регулација на почвената влажност во контекст на климатските промени", организирана од Литванскиот инженерски колеџ (Lietuvos inžinerijos kolegija), Каунас, Литванија, во рамки на ACE²-EU алијансата. Програмата била фокусирана на современи пристапи за регулација на почвената влага и влијанието на климатските промени врз почвените системи, при што кандидатот стекнал дополнителни знаења од областа на климатски адаптирани агроеколошки практики и управување со природните ресурси.

Во октомври 2025 година учествувал во меѓународната едукативна програма ACTYouth – „Млади во акција: младите како двигатели на промени во руралните заедници" (Youth in Action: Young People as Agents of Change in Rural Communities), реализирана на Политехничкиот институт во Сантарем (Instituto Politécnico de Santarém), Португалија, каде што биле обработувани теми поврзани со рурален развој, младински ангажман и одржлив развој на руралните заедници.

Особено е значајно неговото учество на Летната школа „Примена на одржливи органски подобрувачи на почвата" (Sustainable Organic Amendment Applications), организирана од Природно-математичкиот факултет при Универзитетот во Нови Сад, Република Србија, во рамки на проектот TwinSubDyn. (Договор број 101059546). Обуката била насочена кон примена на органски подобрувачи на почвата, динамиката на хранливите материи и контаминантите во потповршинските почвени слоеви, како и управувањето со подземните води, што е директно поврзано со современите истражувачки предизвици во областа на науката за почвите, агроекологијата и заштитата на животната средина.

Кандидатот реализирал и повеќе краткорочни CEEPUS мобилности со лабораториска и истражувачка компонента. Во рамки на Југозападниот универзитет „Неофит Рилски" (South-West University "Neofit Rilski"), Благоевград, Република Бугарија, престојувал на Катедрата за хемија при Факултетот за математика и природни науки (Department of Chemistry, Faculty of Mathematics and Natural Sciences), каде што бил активно вклучен во лабораториска работа и научноистражувачки активности.

Дополнително, кандидатот реализирал истражувачки престој на Универзитетот за природни ресурси и природни науки – BOKU (University of Natural Resources and Life Sciences), Виена, Република Австрија, при Одделот за наука и технологија на храна (Department of Food Science and Technology), каде што бил вклучен во активности поврзани со прехранбената технологија и примената на современи аналитички пристапи во областа на науката за храна.

Во рамки на програмата CEEPUS, кандидатот учествувал и на меѓународни летни школи организирани од Универзитетот за медицина, фармација, наука и технологија „Ѓорѓе Емил Паладе" во Тргу Муреш (George Emil Palade University of Medicine, Pharmacy, Science and Technology of Târgu Mureş), Романија, во областа на физичката хемија, како и на Универзитетот во Печ (University of Pécs), Република Унгарија. Овие едукативни активности придонеле за дополнително унапредување на неговите теоретски и практични знаења во областа на хемиските, физичкохемиските и аналитичките науки.

Посебно треба да се истакне тримесечниот истражувачки престој на Универзитетот во Печ (University of Pécs), Република Унгарија, реализиран во рамки на програмата CEEPUS, при Катедрата за аналитичка хемија на Природно-математичкиот факултет (Department of Analytical Chemistry, Faculty of Sciences) и Институтот за биоанализа при Медицинскиот факултет (Institute of Bioanalysis, Faculty of Medicine). Престојот бил поврзан со изработката на магистерски труд на кандидатот и вклучувал напредна обука за работа со UPLC-QTOF-MS системи. Оваа мобилност претставува значаен придонес кон развојот на неговите компетенции во областа на современите инструментални аналитички техники, обработката и интерпретацијата на аналитички податоци, како и во унапредувањето на неговите научноистражувачки методолошки вештини.

**Услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

Услови за избор во соработничко звање **асистент**:

- Завршени прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити;
- Има стекнато назив магистер од соодветната област;
- Остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно или на студиски програми на интегриран прв и втор циклус студии заедно;
- Има познавање на најмалку еден странски јазик;
- Има објавено минимум еден научен труд;
- Покажува способност за наставно-научна, односно наставно-уметничка дејност;
- Две препораки од професори.

- Кандидатот има завршено прв циклус академски студии на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, при што се стекнал со звање дипломиран инженер по хемија. Потоа успешно завршил втор циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, студиска програма Енологија, во траење од 120 ЕКТС кредити.
- Кандидатот успешно го одбранил магистерскиот труд со наслов „Влијание на различни типови на ферментатори врз полифенолниот профил на вина од сортите *вранец* и *мерло*“ и се стекнал со академско звање магистер на земјоделски науки – енологија. Тематиката на магистерскиот труд и стекнатата квалификација се во непосредна врска со научните области што се изучуваат и истражуваат на Земјоделскиот факултет, со што кандидатот го исполнува предвидениот услов. Согласно со структурата на студиските програми и стекнатите квалификации, кандидатот има реализирано најмалку 300 ЕКТС кредити и го исполнува законскиот услов за избор во наставно-научно звање асистент.

- Кандидатот на првиот циклус студии остварил просечен успех од **8,27**, додека на вториот циклус студии остварил просечен успех од **9,46**. И двата просека се повисоки од минимално предвидениот просек од 8,00, со што кандидатот во целост го исполнува овој критериум.
- Континуираното учество на кандидатот во повеќе меѓународни образовни програми, мобилности, летни школи и обуки реализирани во Литванија, Португалија, Австрија, Романија и Унгарија претставува јасен показател за активно користење и познавање на најмалку еден странски јазик, пред сè англискиот јазик како официјален јазик на меѓународната академска комуникација. Кандидатот има приложено и Сертификат за завршен курс по **англиски јазик Headway Intermediate (B1.2)** издаден 2026 од школа за странски јазици „Полипроект“.
- Кандидатот во периодот 2023–2026 година е ангажиран како **демонстратор** на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, каде што активно учествува во организацијата и реализацијата на лабораториски вежби по предметите Хемија, Биохемија, Агрохемија и Еколошки мониторинг и биоиндикатори. Неговиот повеќегодишен ангажман во наставниот процес, заедно со долгогодишното професионално искуство како хемиски аналитичар и раководител на лабораторија, покажуваат развиени компетенции за практична настава, лабораториска работа и научноистражувачка дејност. Дополнително, активното учество во докторските студии и во лабораторијата УНИЛАБ претставува потврда за неговата научна ориентираност и потенцијал за понатамошен академски развој.
- Согласно со конкурсните услови, кандидатот има доставено три препораки од универзитетски професори, со што го исполнува и овој формален услов за избор во звање асистент.
- Кандидатот има **четири објавени научни труда** во референтна научна публикација, **од кои три како прв автор** што претставува показател за неговата научна зрелост и истражувачка самостојност во раната фаза од академската кариера. Кандидатот има објавено и еден научно истражувачки труд во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.

***Научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија:***

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Година на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Piperevski, Aleksandar** and Dimovska, Violeta and Milanov, Dejan and Runchev, Atanas (2025) | Determination of free hydrocyanic acid in homemade fruit brandies. | Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS - international journal | 2017 |
| 2 | **Piperevski, Aleksandar** and Balabanova, Biljana (2025) | Agrochemical characterization of soils from the ovche pole vine district: a case study from Tri Cheshmi and Dolno Trogerci. | Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS - international journal | 2017 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Dimovska, Violeta and Ilieva, Fidanka and Arsov, Emilija and **Piperevski, Aleksandar** and Balabanova, Biljana and Vitanovska, Biljana (2024) | Physical and chemical properties of Madzun (grape molasses) produced from Vranec grape variety by traditional and industrial techniques. | Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS - international journal | 2017 |
| 4 | **Piperevski, Aleksandar** and Ivanova, Violeta and Milanov, Dejan and Runchev, Atanas (2023) | Influence of the type of fermenter on the chemical composition of Vranec and Merlot wines. | Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS - international journal | 2017 |

***Научноистражувачки труд во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји***

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Зборник на рецензирани научни трудови | Научен собир |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Piperevski, Aleksandar** and Balabanova, Biljana (2026) | Laboratory Validation of a Cost-Effective Walkley-Black Method for the Determination of Soil Organic Carbon. | 4th International Symposium on Biotechnology, - Proceedings - ISBN 978-86-87611-99-3 | 4th International Symposium on Biotechnology12–13 March 2026, Faculty of Agronomy in Čačak, University of Kragujevac, Serbia |

**Кратка евалуација на научните трудови трудови:**

1. Piperevski, Aleksandar and Balabanova, Biljana (2025) Agrochemical Characterization of Soils from the Ovche Pole Vine District: A Case Study from Tri Cheshmi and Dolno Trogerci. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 23(1).

**Краток опис:** Трудот претставува агрохемиска карактеризација на почвите од лозарскиот регион Овче Поле, преку детална анализа на примероци од локалитетите Три Чешми и Долно Трогерци. Истражувањето ги опфаќа основните физичко-хемиски и агрохемиски параметри на почвите релевантни за лозарското производство, со цел проценка на нивната плодност и производствен потенцијал. Резултатите обезбедуваат научна основа за рационално управување со почвените ресурси и подобрување на агротехничките практики во лозарството.

2. Piperevski, Aleksandar and Dimovska, Violeta and Milanov, Dejan and Runchev, Atanas (2025) Determination of Free Hydrocyanic Acid in Homemade Fruit Brandies. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 23(1), 69-82.

**Краток опис:** Во трудот е извршено определување на содржината на слободна цијановодородна киселина во домашно произведени овошни ракии, со акцент на безбедноста и квалитетот на традиционалните алкохолни пијалаци. Истражувањето овозможува проценка на потенцијалните ризици по здравјето на потрошувачите поврзани со присуството на токсични соединенија кои можат да се формираат во текот на производствениот процес. Добиените резултати претставуваат значаен придонес во областа на контролата на квалитет и безбедноста на традиционалните прехранбени производи.

3. Dimovska, Violeta and Ilieva, Fidanka and Arsov, Emilija and Piperevski, Aleksandar and Balabanova, Biljana and Vitanovska, Biljana (2024) Physical and Chemical Properties of Madzun (Grape Molasses) Produced from Vranec Grape Variety by Traditional and Industrial Techniques. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 22(1), 15-22.

**Краток опис:** Трудот ги анализира физичките и хемиските својства на маџунот добиен од сортата *вранец* преку традиционални и индустриски производствени техники. Истражувањето опфаќа споредбена евалуација на основните параметри на квалитетот на производот, со цел да се утврдат разликите кои произлегуваат од применетата технологија на производство. Резултатите даваат научен придонес во валоризацијата на традиционалните производи од грозје и нивната нутритивна и технолошка карактеризација.

4. Piperevski, Aleksandar and Ivanova, Violeta and Milanov, Dejan and Runchev, Atanas (2023) Influence of the Type of Fermenter on the Chemical Composition of Vranec and Merlot Wines. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 21(1), 93–98.

**Краток опис:** Во трудот е истражувано влијанието на различни типови ферментатори врз хемискиот состав на вината произведени од сортите *вранец* и *мерло*. Анализирани се клучни параметри на квалитетот на виното, при што е направена споредба на ефектите од различните технологии на ферментација врз финалниот производ. Добиените резултати придонесуваат кон подобро разбирање на технолошките фактори кои влијаат врз составот и квалитетот на виното и претставуваат корисна основа за оптимизација на процесите во современото винарско производство.

5. Piperevski, Aleksandar and Balabanova, Biljana (2026) Laboratory Validation of a Cost-Effective Walkley-Black Method for the Determination of Soil Organic Carbon. In: 4th International Symposium on Biotechnology, Conference Paper, 1(1), 857–866.

**Краток опис:** Во трудот е прикажана лабораториска валидација на економски оправдана модификација на Walkley-Black методата за определување на органски јаглерод во почва, како еден од најзначајните индикатори за плодноста, квалитетот и одржливото управување со почвените ресурси. Истражувањето опфаќа проценка на аналитичките перформанси на методата преку евалуација на параметри како точност, прецизност, репродуцибилност и применливост во лабораториски услови.

Добиените резултати ја потврдуваат можноста за примена на валидираната методологија како сигурна и економски достапна алатка за рутинско определување на органската материја во почвите. Трудот има значаен придонес во областа на агрохемијата, мониторингот на почвите и проценката на почвениот органски јаглерод како клучен параметар поврзан со плодноста на почвата, секвестрацијата на јаглерод и современите концепти на климатски одржливо земјоделство.

**Магистерски труд:**

**Пиперевски, Александар (2023)** „Влијание на различни типови на ферментатори врз полифенолниот профил на вина од сортите *вранец* и *мерло*“, магистерски труд, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Краток опис:** Магистерскиот труд е посветен на проучување на влијанието на различни типови ферментатори врз полифенолниот состав на

вина произведени од автохтоната сорта *вранец* и меѓународно афирмираната сорта *мерло*. Истражувањето опфаќа анализа на динамиката на екстракција и трансформација на полифенолните соединенија за време на процесот на ферментација, како и проценка на влијанието на технолошките услови врз квалитетот и антиоксидативниот потенцијал на вината.

Во трудот се применети современи аналитички методи за определување на вкупните и индивидуалните полифенолни компоненти, при што е направена споредбена евалуација на различни ферментациски системи. Резултатите укажуваат на значајното влијание на типот на ферментатор врз екстракцијата на фенолните соединенија, формирањето на бојата и сензорните карактеристики на вината, што претставува важен аспект за оптимизација на технолошките процеси во винарството.

Трудот има научен и апликативен придонес во областа на енологијата и технологијата на вино, обезбедувајќи нови сознанија за управувањето со процесот на ферментација и можностите за подобрување на квалитетот на вината од сортите *вранец* и *мерло*. Истражувањето претставува значајна основа за понатамошни научни студии поврзани со полифенолниот профил, антиоксидативните својства и технолошката валоризација на вината.

**Учество на меѓународни и домашни на научни конференции**

Во последните пет години, кандидатот м-р Александар Пиперевски активно учествувал на вкупно 19 меѓународни научни конференции, при што континуирано ги презентирал резултатите од својата научноистражувачка работа пред меѓународната академска и стручна јавност. Неговата активна вклученост во научните собири е потврдена и преку добиените признанија за квалитетот на презентираните истражувања. Имено, во 2023 година, на IV Студентска конференција „Критични прашања во земјоделството и животната средина", го освоил првото место во категоријата учесници од втор и трет циклус студии за најдобро научно излагање. Дополнително, во 2024 година кандидатот бил награден за најдобра научна презентација на XIII Меѓународен симпозиум за земјоделски науки „AgroReS 2024", одржан во Требиње, Босна и Херцеговина, што претставува значајно признание за квалитетот и научната релевантност на неговите истражувања.

Учествата на кандидатот на меѓународните научни конгреси, конференции и симпозиуми се тематски тесно поврзани со неговата научноистражувачка дејност и претставуваат значаен придонес кон неговиот професионален и научен развој, како и кон афирмацијата на институцијата во меѓународната научна заедница:

1. **Piperevski, Aleksandar** and Balabanova, Biljana (2026) Laboratory Validation of a Cost-Effective Walkley-Black Method for the Determination of Soil Organic Carbon. In: 4th International Symposium on Biotechnology, 12-13 March, Faculty of Agronomy in Čačak, University of Kragujevac, Serbia. https://symbiotech.rs/wp-content/uploads/2026/04/Proceedings-Symbiotech26.pdf
2. **Piperevski, Aleksandar** and Biljana, Balabanova (2025) Soil Health – an Evidence for the Biogeochemical Indicators on Regional vs. Global. In: Summer School on Sustainable organic amendment applications from a soil and ground water management perspective TwinSubDin 2025, 2-6 June, Matica srpska, Matice Srpske 1, 21000 Novi Sad, Serbia. https://zenodo.org/records/15724066

**3. Piperevski, Aleksandar** and Balabanova, Biljana (2025*)* Physico-chemical Evidence of Soil Quality from Southeastern part of the Ovče Pole Wine Region. In: XIV International Symposium on Agricultural Sciences "AgroReS 2025", 26-29 May 2025, Trebinje, Bosnia and Herzegovina. https://agrores.agro.unibl.org/wp-content/uploads/2025/05/AgroReS_2025_Book-of-Proceedings.pdf

4. Dimovska, Violeta and Ilieva, Fidanka and Balabanova, Biljana and **Piperevski, Aleksandar** (2025) *Some qualitative properties, minerals and heavy metals in juice and madzun (grape molasses) produced from Stanushina grape variety.* In: AGBIOL 2025, VII internation Agricultural, Biological, Life Science Conference, 07-10 Sept 2025, Istanbul Beykent Univrsity. https://eprints.ugd.edu.mk/36508/

5. Balabanova, Biljana and Ilieva, Verica and Mitrev, Sasa and Panev, Kristina and Donev, Ivan and **Piperevski, Aleksandar** (2025) Unlocking soil health: carbon determination in agricultural soils. In: 11th International Conference on New Trends in Chemistry, 25 –27 April 2025, Bologna, Italy. https:// eprints.ugd.edu.mk/37924/

6. Dimovska, Violeta and Ilieva, Fidanka and Balabanova, Biljana and Vitanovska, Biljana and **Piperevski, Aleksandar** (2024) *Chemical composition of juise and madzun (grape molasses) produced from Stanushina grape variety by traditional means.* In: Innovations in sustainable agriculture – bridging science and practice, 11 Dec 2024, Skopje. https://eprints.ugd.edu.mk/35314/

**7. Piperevski, Aleksandar** and Dimovska, Violeta and Runcev, Atanas and Milanov, Dejan and Runcev, Aleksandar and Kukutanov, Gjorgi (2024) *Determination of free hydrocyanic acid in fruit brandies produced under industrial and homemade condition.* In: Inovation in sustainable agriculture -bridging science and practice, 11 Dec 2024, Skopje. https://eprints.ugd.edu.mk/35460/

8. Dimovska, Violeta and Ilieva, Fidanka and Rabrenovic, Biljana and Pajic, Lazar and Arsov, Emilija and **Piperevski, Aleksandar** (2024) *Fizicko-hemiska i senzorna analiza proizvoda Madzun (melasa od grozda) od sorte grozda gajenih u usovima Republike Severen Makedonije.* In: 17 Kongres vocara &vinogradara Srbije za megunarodnim ucescem, 16-18 Oct 2024, Vrsac, R.Srbija. https://eprints.ugd.edu.mk/35535/

9. Dimovska, Violeta and Ilieva, Fidanka and **Piperevski, Aleksandar** and Vitanovska, Biljana (2024) *A research on the composition of madzum (grape molasses) produced from table grape varieties.* In: 4th International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2024), 13 June 2024, Stip. https://eprints.ugd.edu.mk/34596/

10. Dimovska, Violeta and Ilieva, Fidanka and **Piperevski, Aleksandar** and Vitanovska, Biljana (2024) *Physical and chemical properties of Madžun (grape molasses) produced from Vranec grape variety by traditional and industrial techniques.* In: AgroRes 2024, Trebnje, BIH. https://eprints.ugd.edu.mk/34598/

11. Dimovska, Violeta and Ilieva, Fidanka and Arsov, Emilija and **Piperevski, Aleksandar** and Balabanova, Biljana and Vitanovska, Biljana (2024) *Physical and chemical properties of grape molasses produced from Vranec grape variety by traditional and industrial techniques.* In: XIII International Symposium on Agricultural Sciences "AgroReS 2024", 27-30 May 2024, Trebinje, Bosnia and Herzegovina. https://eprints.ugd.edu.mk/34197/

**12. Piperevski, Aleksandar** and Dimovska, Violeta and Runcev, Atanas and Runcev, Aleksandar and Milanov, Dejan (2024) *Determination of free hydrocyanic acide in homemade produced fruit brandies.* In: AgroRes 2024, Trebinje. BIH. https://eprints.ugd.edu.mk/34599/

**13. Piperevski, Aleksandar** and Balabanova, Biljana (2024) *Data extraction of significant soil chemistry markers for sustainable viticulture.* In: 4th International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2024), 13 June 2024, Stip, Republic of North Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/34457/

**14. Piperevski, Aleksandar** and Ivanova, Violeta and Runcev, Atanas and Milanov, Dejan and Runcev, Aleksandar (2023) *Влијание на дабовите буриња и зреењето врз содржината на фурфурал во примероци ракија.* In: IV Студентска конференција „Критични прашања во земјоделството и животната средина", 09 Nov 2023, Faculty of Agriculture, Goce Delcev University, Stip, Republic of North Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/33497/

**15. Piperevski, Aleksandar** and Ivanova, Violeta and Sándor, Viktor and Kilár, Ferenc (2022) *Determination of polyphenolic profile of Pinot Noir wines with UPLC-ESI-IT-MS technique.* In: XIII Смотра на студентски трудови, 12 Dec 2022, Skopje. https://eprints.ugd.edu.mk/31023/

**16. Piperevski, Aleksandar** and Ivanova, Violeta and Sándor, Viktor and Kilár, Ferenc and Milanov, Dejan (2022) *Идентификација на полифеноли во вина од сортата вранец со примена на UPLC-ESI-IT-MS.* In: III Студентска конференција „Критични прашања во земјоделството и животната средина", 11 Nov 2022, Stip, Republic of North Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/30679/

**17. Piperevski, Aleksandar** and Ivanova, Violeta and Sándor, Viktor and Kilár, Ferenc (2022) *Phenolic profile of Merlot wines detrmined by UPLC-ESI-IT-MS.* In: 15th Students' Congress of SCTM, 29 Sept - 1 Oct 2022, Institute of Chemistry, Skopje. https://eprints.ugd.edu.mk/30243/

**18. Piperevski, Aleksandar** and Ivanova, Violeta and Sándor, Viktor and Kilár, Ferenc (2022) *Study of the phenolic profile of Vranec and Merlot wines produced under different vinification conditions.* In: 20th International Symposium and Summer School on Bioanalysis, 24-30 June 2022, Pecs, Hungary. https:// eprints.ugd.edu.mk/30108/

**19. Piperevski, Aleksandar** and Ivanova, Violeta and Runcev, Atanas (2021) *Impact of different vinification methods on the polyphenolic content in red wines.* In: 14th Students' Congress of SCTM, 30 Sept - 2 Oct 2021, Skopje, N. Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/29224/

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната документација доставена со пријавата на Конкурсот, како и од анализата на наставно-образовните, научноистражувачките и стручно-апликативните активности на кандидатот м-р Александар Пиперевски, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот поседува соодветни стручни, научни и професионални компетенции за избор во звањето асистент.

Во текот на досегашниот академски развој, кандидатот покажува континуирана посветеност кон научноистражувачката работа, што се потврдува преку објавените научни трудови, активното учество на домашни и меѓународни научни конференции, како и вклученоста во научноистражувачки

и апликативни проекти. Особено е значајно што неговите истражувачки активности се насочени кон современи и актуелни прашања од научната област применета хемија во земјоделските науки, што е во согласност со развојните приоритети на Земјоделскиот факултет и Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Кандидатот покажува способност за самостојна научна работа, аналитичко размислување и примена на современи истражувачки методологии, а истовремено демонстрира подготвеност за понатамошно стручно и научно усовршување. Неговото активно учество во научни собири, меѓународни обуки и мобилности, како и добиените признанија за научни презентации, претставуваат показател за неговиот потенцијал за успешен академски и професионален развој.

Комисијата оценува дека кандидатот ги исполнува законските и статутарните услови предвидени за избор во звањето асистент и поседува соодветен капацитет за активно вклучување во наставниот процес, научноистражувачката работа и развојот на факултетот.

Имајќи ги предвид наведените факти, постигнатите резултати и потенцијалот за понатамошен академски развој, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип да го избере кандидатот м-р Александар Пиперевски во звање **асистент** во наставно-научна област **применета хемија во земјоделските науки (4.05.00.03)**, согласно распишаниот Конкурс.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Биљана Балабанова, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос, редовен професор, член, с.р.
Проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска, редовен професор, член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „АНАЛИЗА НА ИНТЕГРАЛНИ И ОДРЖЛИВИ МОДЕЛИ (AISM) ЗА ОПТИМИЗАЦИЈА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ЈАГЛЕН ВО ПОВРШИНСКИТЕ КОПОВИ ВО КОСОВО“ ОД КАНДИДАТОТ М-Р УЈМИР УКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ , УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Кампус 2 при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип со Одлука бр. 0206-399/7 од 1.6.2026 г., донесена на 98. седница, одржана на 20.5.2026 г., формира Рецензентска комисија за оценка на докторската дисертација со наслов **„АНАЛИЗА НА ИНТЕГРАЛНИ И ОДРЖЛИВИ МОДЕЛИ (AISM) ЗА ОПТИМИЗАЦИЈА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ЈАГЛЕН ВО ПОВРШИНСКИТЕ КОПОВИ ВО КОСОВО“,** изработена од кандидатот **м-р Ујмир Ука**, во состав:

- проф. д-р Зоран Панов – претседател,
- проф. д-р Зоран Десподов – член,
- проф. д-р Ристо Поповски – член,
- проф. д-р Кемаљ Зекири – екстерен ментор, член,
- проф. д-р Ристо Дамбов – интерен ментор, член.

Комисијата имаше за задача да ја оцени докторската дисертација од аспект на научен и апликативен придонес, како и начин на пишување и изнесување на податоците во рамките на целината и научните цели.

Кандидатот достави комплетна верзија од докторската дисертација до сите членови на Комисијата, по што Комисијата во рок од 30 (триесет) дена треба да достави Рецензија на доставениот докторски труд.

Комисијата во наведениот состав, по прегледување на докторската дисертација, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторска дисертација со наслов **„АНАЛИЗА НА ИНТЕГРАЛНИ И ОДРЖЛИВИ МОДЕЛИ (AISM) ЗА ОПТИМИЗАЦИЈА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ЈАГЛЕН ВО ПОВРШИНСКИТЕ КОПОВИ ВО КОСОВО”,** изработена од кандидатот **м-р Ујмир Ука**.

Горенаведената докторска дисертација е работена под менторство на проф. д-р Ристо Дамбов, редовен професор на Факултетот за природни и технички науки и проф. д-р Кемаљ Зекири, редовен професор на Факултетот во Митровица, како екстерен ментор. Докторската дисертација е изработена и според сите норми на техничко изразување и е во тврд повез со корици.

Изработена е на 142 страници, со приложен список на прилози, со слики нумерирани според поглавјето и изнесуваат вкупно 19 слики и шематски прикази. Изработени се вкупно 2 дијаграми, 8 табели и поголем број нумерички обрасци, исто така нумерирани според поглавјата и потточките.

Во ***Воведот*** на докторската дисертација кандидатот дава воведни напомени во врска со насловот и тезите во докторската дисертација.

Во оваа докторска дисертација е разработен предизвикот за оптимизација на оперативната технологија при површинска експлоатација на

лигнит, при што Рудникот „Сибовц“ во Република Косово е третиран како конкретна студија на случај, преку развој и примена на интегрален и одржлив модел на одлучување, дефиниран како Анализа на интегрални и одржливи модели (AISM).

Истражувањето адресира значаен практичен и научен недостаток, имајќи предвид дека историски процесите на одлучување за технолошките системи главно се базирале на економски или технички аспекти, што укажува на недостиг од модели кои на структуриран начин ги интегрираат енергетските, економските, техничките, безбедносните, социјалните и еколошките параметри. Емпириската основа е формирана врз реални оперативни податоци од континуираниот систем во Рудникот „Сибовц“ за кварталните периоди во 2024 година, кои се стандардизирани, верификувани и интегрирани во хармонизирана структура што ги опфаќа планирањето, реализацијата, работните часови и капацитетите.

Моделот AISM е структуриран преку интеграција на повеќекритериумски методи на одлучување, при што тежините на критериумите се определуваат со методот AHP, додека финалното рангирање на алтернативите се врши преку примена на методот PROMETHEE II, при што конечната 3×9 матрица опфаќа девет критериуми дефинирани за оперативна употреба. Преференциските прагови се калибрирани согласно со реалните економски и оперативни толеранции, со што се обезбедува моделот да ја рефлектира инженерската реалност. Конечното рангирање на алтернативите за реалните оперативни услови во Рудникот „Сибовц“, добиено од моделот AISM-PROMETHEE II, покажува дека комбинираниот систем е рангиран како оптимално решение во однос на другите две алтернативи - дисконтинуираниот и континуираниот систем.

Трудот потврдува дека процесот на оптимизација на технологијата за експлоатација на лигнит во површинските рудници треба да се разгледува како интегрален и одржлив проблем и не може да се третира како изолиран технички проблем. Развиениот модел не само што овозможува конкретно решение за оптимален избор на технолошки систем за случајот на Рудникот „Сибовц“, туку претставува модел кој може да се адаптира и за други случаи со слични оперативни, геолошки и управувачки услови. Ова го прави трудот применлив како во стручната практика, така и во идни научноистражувачки развои во областа на рударството и оптимизацијата на системи.

Содржината е составена од 7 поглавја со апстракт, со вкупно 142 страни со методологија на истражување, организација на докторската дисертација, коментари, предлози и заклучок со соодветна користена литература.

Се состои од следните поглавја:

1. **Вовед**
2. **Теоретски основа и преглед на литература**
3. **Геолошки карактеристики на Косовскиот јаглен басен**
4. **Концептуално и математичко моделирање на AISM**
5. **Емпириска анализа и примена на PROMETHEE**
6. **Дискусија и евалуација на резултатите**
7. **Заклучоци и препораки**

**Користена литература**

Организацијата на докторската дисертација е дизајнирана да обезбеди методолошки и аргументиран развој – од реалниот проблем, преку развојот на моделот, до неговата примена и интерпретација на резултатите.

Темата започнува со ***првото поглавје,*** која структурира концептуалната основа на истражувањето. Во него се презентира стратешкото значење на лигнитот, техничкиот проблем во Сибовц, оправданоста за интегрална и одржлива оптимизација, целите, истражувачките прашања, хипотезите, опсегот на истражувањето и методолошката рамка.

Во ***второто поглавје*** се фокусира на теоретската основа и критичкиот преглед на литературата, каде што се разгледуваат главните концепти на површинската експлоатација, индикаторите за продуктивност и перформанси, теоријата на системи на опрема, како и MCDA пристапите при избор на рударски технологии. Целта на ова поглавје е да се идентификуваат празнините во литературата и да се аргументира зошто е потребен интегрален модел како AISM, воспоставувајќи директни врски со придонесот на оваа тема (Figueira et al., 2005; Burt, 2014).

Во ***третото поглавје*** се презентира тековната технолошка и геотехничка состојба на експлоатацијата на лигнит во Сибовц, вклучувајќи ги геолошките карактеристики, применетите технологии, анализата на реалната продуктивност со оперативни податоци, геотехничката стабилност и тековните проблеми кои создаваат потреба за оптимизација.

Во ***четвртото поглавје*** се развива концептуалниот модел и неговата формализација преку математички израз на AISM. Во ова поглавје се дефинираат критериумите, нормализацијата, структурата на тежини, методот PROMETHEE и конфигурацијата на моделот за OCET алтернативите.

Во ***петтото поглавје*** се спроведува практичната примена на моделот, пресметките, конструкцијата на матрицата на одлучување и рангирањето на алтернативите. Ова е поглавјето во кое се презентираат резултатите од оптимизацијата.

Во ***шестото поглавје*** се верификува точноста и доверливоста преку анализа на чувствителност и се дискутираат практичните импликации. Тука се испитува дали рангирањето е стабилно на промени во тежините и што тоа значи за имплементацијата во КЕК и рударскиот сектор.

Во ***седмото поглавје*** се сумираат научните заклучоци, се даваат технолошки и стратешки препораки и се предлагаат насоки за идни истражувања. Тука се тежнее резултатите да се трансформираат во јасни и применливи придонеси, позиционирајќи ја дисертацијата како алатка за донесување одлуки и оперативна оптимизација.

На крајот е дадена користената стручна литература прикажана на осум страни од бројни домашни и странски книги, списанија и научни проекти.

Во **заклучоците и дадените препораки** поврзани со докторката дисертација се истакнати следните констатации:

Анализата на верификувани и стандардизирани реални оперативни податоци значително влијае врз евалуацијата на технолошките алтернативи и постигнатите резултати. Преку оценување на перформансите на континуираниот систем за експлоатација на лигнит во Сибовц врз основа на ефективниот капацитет, разликата помеѓу планираното и реализираното,

оперативните прекини и коефициентот на искористување на времето, утврдено е дека системот кој се смета за оптимален за експлоатација на рудникот за лигнит има структурни ограничувања во реални оперативни услови.

Примената на моделот AISM покажува дека повеќекритериумското донесување одлуки, изградено врз критериуми кои се оперативно формализирани и конзистентно тежински вреднувани, е значително посигурно отколку традиционалниот еднокритериумски пристап или едноставните економски споредби. Резултатите добиени преку примена на методот PROMETHEE II при евалуацијата на алтернативите произлегуваат од одржлив баланс помеѓу оперативните трошоци, еколошките влијанија, потрошувачката на енергија, ефективниот капацитет, оперативната флексибилност и безбедноста при работа, а не како резултат на доминација на еден критериум. Оптимизацијата на технолошките системи мора да се третира како системски и долгорочен проблем, па затоа не може да се сведе само на минимизација на трошокот по единица производство.

| АЛТЕРНАТИВИ | $\phi^{+}$ | $\phi^{-}$ | $\phi$ | РАНГ |
|---|---|---|---|---|
| КОМБИНИРАН СИСТЕМ - Hybrid | 0.600 | 0.380 | +0.220 | 1 |
| КОНТИНУИРАН БТО - СИСТЕМ | 0.435 | 0.490 | −0.055 | 2 |
| ДИСКОНТИНУИРАН СО КАМИОНИ | 0.370 | 0.535 | −0.165 | 3 |

Главниот резултат постигнат во оваа дисертација е потврдата дека комбинираниот систем претставува најбалансирана и одржлива алтернатива за реалните услови на Рудникот „Сибовц“, што може да се постигне преку комбинирање на континуираниот систем како главен систем за остварување на годишните производствени обеми, со негово дополнување преку селективна примена на дисконтинуираниот систем во критичните зони. Докажано е дека иако во рангирањето според PROMETHEE комбинираниот систем се рангира на прво место, тоа не подразбира апсолутна доминација во сите разгледувани критериуми, туку се рангира прв затоа што обезбедува можности за зголемена флексибилност, го намалува оперативниот ризик и ги неутрализира влијанијата што произлегуваат од неизбежните прекини на континуираниот систем.

Од методолошки аспект се докажува валидноста на комбинацијата на повеќекритериумските методи за донесување одлуки AHP/Fuzzy-AHP со методот PROMETHEE II за студии на случај каде што се среќава висока оперативна варијабилност и техничка неизвесност. Калибрацијата на праговите q и p врз основа на реални толеранции, контролата на конзистентноста на тежините (CR ≤ 0.10) и анализата на чувствителност на тежините покажаа дека конечниот ранг е стабилен и дека при разумни варијации на претпоставките не се добива различен резултат. Ова го прави моделот AISM погоден за практична примена во реалните процеси на донесување одлуки во рамките на Рудникот „Сибовц“ и ја зајакнува научната доверливост на резултатите. Примената на интегралниот AISM модел може да се користи не само за избор на оптимална технологија, туку и како метод за идентификација на слабите точки на постојните системи.

Од аналитичките заклучоци, препораките што произлегуваат треба да се третираат како конкретни организациски, технички и стратешки насоки

за Рудникот „Сибовц“. Преку резултатите од моделот AISM јасно се покажува дека оптимизацијата на технологијата треба да се разбере како процес на унапредување базиран на управување со оперативниот ризик и функционална интеграција, и не подразбира непосредна замена на еден систем со друг.

Главната техничка препорака од конечниот ранг на PROMETHEE II е постепена и прогресивна имплементација на комбинираната организација на системот BWE+TS, при што континуираниот систем има клучна улога во обезбедувањето на производствениот обем на транспортираниот лигнит, додека дисконтинуираниот систем селективно се применува во одредени критични зони. Ова подразбира внимателен избор на дополнителна опрема во согласност со оперативните барања на рудникот и со реалниот капацитет на континуираниот транспорт.

Комбинираниот систем бара дополнителни капитални инвестиции за набавка на опрема за дисконтинуираниот систем, но тие се компензираат и оправдуваат преку стабилизацијата на снабдувањето на термоелектраните со јаглен и намалувањето на производствените загуби. Оваа препорака од финансиски аспект треба да се разгледува врз основа на вкупните трошоци на системот на среден рок, вклучувајќи ги и трошоците од неисполнување на планот и оперативниот ризик, па затоа не треба да се оценува само врз основа на OPEX по единица производство.

Примената на AISM може да се поврзе и со институционализацијата на примената на повеќекритериумски методи во процесите на донесување одлуки во Рудникот „Сибовц“, бидејќи моделот обезбедува транспарентност во донесувањето одлуки, има структуриран пристап и значително ја зголемува доверливоста на стратешките одлуки преку минимизирање на зависноста од индивидуалното искуство на инженерите или од моменталните проценки.

Примената на комбинираниот систем придонесува за намалување на изложеноста на работниците на оперативни ризици и за подобрување на HSE параметрите, како резултат на минимизирање на оперативните состојби под оптоварување и намалување на непланираните застои. Од друга страна, примената на дисконтинуираниот систем само во критичните области придонесува за поодржливо управување со потрошувачката на енергија и контрола на $CO_2$eq емисиите.

Од научен аспект се препорачува интегралниот модел AISM да ја надмине рамката на оваа студија на случај за Рудникот „Сибовц“ и да се користи како општа основа за анализа на транзиции на технолошки системи во површински рудници на лигнит кои функционираат во услови слични на оние во „Сибовц“. Сепак, за да се избегнат неточни генерализации, секоја понатамошна примена треба да се базира на реални локални податоци и внимателна калибрација на критериумите и тежините.

Како заклучок, овој труд покажа дека процесот на оптимизација е комплексен повеќекритериумски процес кој бара интеграција на реални податоци, напредни аналитички методи и длабинска инженерска интерпретација, па затоа оптимизацијата на технологијата за експлоатација на лигнит не може да се третира како едноставен технички проблем.

Моделот AISM, кој е применет во овој конкретен случај во Рудникот „Сибовц“, дава значаен практичен и научен придонес покажувајќи дека флексибилните и хибридни пристапи се посоодветни за обезбедување

стабилно снабдување на термоелектраните на јаглен, кои во случајот на Косово претставуваат главен извор на производство на електрична енергија, и дека ваквиот пристап е исто така соодветен за управување со оперативните неизвесности.

Преку заклучоците и препораките од овој труд, целта е моделот AISM да послужи како силна основа за донесување одлуки и за одржлив развој на рударскиот сектор во наредните години.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Резултатите од истражувањата во рамките на докторската дисертација на м-р Ујмир Ука се прикажани на современ, научно аргументиран и стручно и разбирлив стил. Истиот е во корелација со современите научни достигнувања на развојот на оваа област како во поглед на прикажување на резултатите, анализата така и во поглед на методолошкиот пристап на истражувања.

Придонесот во докторскиот труд се огледа во: стандардизација и примена на интегрален и одржлив модел за оптимизација на технолошките системи за површинска експлоатација на лигнит во Косово, со посебен акцент на Рудникот „Сибовц" како студија на случај.

Анализата на верификувани и стандардизирани реални оперативни податоци значително ќе влијае врз евалуацијата на технолошките алтернативи и постигнатите резултати и изразување на поголеми позитивни ефекти во оваа област од рударството.

Врз основа на досега изнесеното му предлагаме на Наставно-научниот совет на докторските студии на Кампус 2 (природно-математички, биотехнички и техничко-технолошки науки) да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов **„АНАЛИЗА НА ИНТЕГРАЛНИ И ОДРЖЛИВИ МОДЕЛИ (AISM) ЗА ОПТИМИЗАЦИЈА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ЈАГЛЕН ВО ПОВРШИНСКИТЕ КОПОВИ ВО КОСОВО"**, изработена од кандидатот **м-р Ујмир Ука**, да одреди датум и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Зоран Панов, претседател, с.р.
Проф. д-р Зоран Десподов, член, с.р.
Проф. д-р Ристо Поповски, член, с.р.
Проф. д-р Кемаљ Зекири, член, екстерен ментор, с.р.
Проф. д-р Ристо Дамбов, член, интерен ментор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „МОДЕЛИРАЊЕ ВО РУДАРСТВОТО” ОД ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВАНЧО АЏИСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1702-6614 од 86. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 23.2.2026 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Зоран Десподов, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, избран во научната област подземна експлоатација;
- д-р Раде Токалиќ, редовен професор на Рударско-геолошки факултет, Универзитет во Белград, Р Србија, избран во научната област изработка на подземни рударски простории и рударски материјали

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МОДЕЛИРАЊЕ ВО РУДАРСТВОТО**” од **вонр. проф. д-р Ванчо Аџиски,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот со наслов „МОДЕЛИРАЊЕ ВО РУДАРСТВОТО” припаѓа во научната област подземна експлоатација (2.07.03.04) според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот со наслов „Моделирање во рударството” од вонр. проф. д-р Ванчо Аџиски е наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Предметот според Наставната програма е предвиден да се слуша во петтиот семестар, со неделен фонд на часови кој изнесува 2+1+1. Доставениот текст е целосно подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведениот предмет и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на основните принципи, методи и примена на моделирањето во рударството. Ракописот ја опфаќа наставната материја потребна за стекнување теоретски и практични знаења од областа на моделирањето, симулацијата и анализата на системи во рударското инженерство.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот „Моделирање во рударството” од авторот вонр. проф. д-р Ванчо Аџиски е напишан на македонски стандарден јазик, со компјутерски обработен текст, што овозможува лесно читање и следење на презентираниот материјал. Ракописот е наменет за студентите на прв циклус студии на  Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот е напишан на вкупно 312 страници, систематизиран во 9 поглавја, и содржи 83 слики и 11 табели, кои соодветно ја надополнуваат

и визуелно ја појаснуваат обработената наставна содржина. Материјалот е конципиран согласно со наставната содржина на предметот и овозможува систематско изучување на основните принципи, методи и примени на моделирањето и симулацијата во рударското инженерство.

Учебникот е пишуван согласно со Упатството за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (ОИДК.ОБ.15), подготвен е во А4 формат и технички е уреден на прегледен начин, со јасна структура на поглавјата, сликите, табелите и користената литература. Техничкото уредување на ракописот е на соодветно ниво и овозможува прегледност на изложениот материјал во целост.

Како Рецензентска комисија сметаме дека обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој учебник е прв од ваков вид и со ваква содржинска концепција, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, кој систематски ја обработува проблематиката на моделирањето, симулацијата и анализата на системи во рударството.

Потребата од објавување на овој учебник произлегува од современите барања во рударското инженерство, каде што моделирањето и симулацијата претставуваат значајни алатки за анализа, планирање, оптимизација и донесување инженерски одлуки. Содржината на ракописот е приспособена на наставната материја и овозможува студентите да стекнат основни теоретски и практични знаења за системскиот пристап, математичкото моделирање, симулациските методи и нивната примена во рударски процеси и системи.

Ракописот има посебна вредност, бидејќи ја поврзува општата теорија на моделирање и симулација со примери и објаснувања релевантни за рударството. На тој начин, учебникот ќе претставува значаен наставен ресурс за студентите, но и корисна литература за наставниците и стручните лица кои се занимаваат со анализа, моделирање и оптимизација на рударски системи. Со неговото објавување ќе се надополни потребата од соодветна литература на македонски јазик од оваа област.

**Краток опис на содржината:** Во воведниот дел од учебникот се истакнува значењето на моделирањето и симулацијата како основни алатки за разбирање, предвидување и подобрување на сложените рударски системи. Авторот ја нагласува потребата од системски пристап при анализа на рударските процеси, кои се карактеризираат со голем број компоненти, временска променливост, повратни влијанија и неизвесност. Во овој дел се објаснува улогата на моделот како репрезентација на реалниот систем и улогата на симулацијата како безбеден и економичен начин за испитување на различни сценарија.

Посебно внимание е посветено на поврзаноста меѓу теоретските основи и инженерската практика, преку објаснување на клучните поими како изворен систем, модел, симулатор и експериментална рамка. Во воведот се истакнува и значењето на изборот на соодветен формализам, нивото на деталност, верификацијата, валидацијата и примената на современи податочни и софтверски алатки. На тој начин, воведниот дел ја поставува основната

концептуална рамка на учебникот и ја насочува содржината кон практична примена на моделирањето и симулацијата во рударското инженерство.

**Поглавје 1 - Вовед во системи**. Во ова поглавје се обработуваат основните поими поврзани со системите и системскиот пристап, како основа за понатамошно разбирање на моделирањето и симулацијата во рударството. Системот е дефиниран како збир на меѓусебно поврзани компоненти кои разменуваат материја, енергија и информации, при што рудникот е претставен како типичен пример на сложен, отворен и динамичен систем. Разгледани се границата на системот, компонентите, интеракциите, околината, влезните и излезните параметри, како и пристапите на анализа преку „црна кутија“ и „бела кутија“.

Понатаму, обработена е класификацијата на системите според временската рамка, сложеноста, природата на компонентите, видот на интеракциите и присутната неизвесност. Посебно внимание е посветено на линеарните и нелинеарните системи, временски променливите и временски независните системи, континуираните и дискретните системи, како и детерминистичките и стохастичките системи. Исто така, разгледани се тврди и меки системи, анализа и синтеза на системи, основите на системската филозофија и значењето на системското размислување за разбирање и управување со комплексни инженерски и рударски процеси.

**Поглавје 2 - Моделирање на системи.** Во ова поглавје се обработуваат основните принципи на моделирањето на системи, со посебен акцент на неговата примена во рударството. Моделирањето е објаснето како процес на апстракција на реален систем, преку кој може да се анализираат, предвидуваат и оптимизираат различни рударски процеси без изведување скапи, ризични или временски интензивни експерименти во реални услови. Разгледани се улогата на математичките модели, значењето на променливите, претпоставките и границите на системот, како и односот помеѓу едноставноста и точноста на моделот.

Понатаму, објаснета е потребата од моделирање на системи, особено во случаи кога директното експериментирање е прескапо или опасно, како што се анализата на стабилноста на рударски косини, оптимизацијата на транспортни рути, проценката на производството и моделирањето на процеси за преработка на минерални суровини. Разгледани се и различни методи за моделирање на комплексни системи, вклучувајќи математички модели, модели базирани на вештачки невронски мрежи и фази модели. Исто така, прикажана е класификацијата на моделите според нивната природа и примена, како физички и апстрактни модели, математички и описни модели, статички и динамички модели, стабилни и преодни модели, детерминистички и стохастички модели, како и континуирани и дискретни модели.

**Поглавје 3 - Рамка за моделирање и симулација.** Во ова поглавје е обработена рамката за моделирање и симулација, преку дефинирање на основните ентитети и нивните меѓусебни односи. Објаснети се клучните поими: изворен систем, модел, симулатор и експериментална рамка, како основа за правилно разбирање и примена на симулациското моделирање. Посебно внимание е посветено на улогата на изворниот систем како реална или виртуелна средина што се моделира, како и на базата на однесување која се формира преку собирање податоци од набљудување или експериментирање.

Понатаму, разгледана е експерименталната рамка како формулација на условите под кои системот се набљудува или се испитува, при што се дадени примери од рударството, како моделирање на стабилност на косини, краткорочно предвидување на нестабилност и долгорочно планирање на безбедни рударски косини. Објаснета е и разликата помеѓу моделот како збир на инструкции, равенки или правила за генерирање однесување и симулаторот како пресметковен систем што го извршува моделот. Обработени се и примарните односи меѓу ентитетите, односно моделирачката релација поврзана со валидноста на моделот и симулациската релација поврзана со точноста на симулаторот. На тој начин, поглавјето обезбедува јасна методолошка основа за правилно поставување, проверка и примена на модели и симулации во рударските системи.

**Поглавје 4 - Формализми за моделирање и нивни симулатори.** Во ова поглавје се обработуваат основните формализми за моделирање и нивните симулатори, со цел да се објасни како различни типови динамички системи можат да се претставаат и симулираат. Разгледани се моделите со дискретно време, кај кои состојбата на системот се менува чекорно во однапред дефинирани временски интервали. Објаснети се транзициските и излезните функции, траекториите на состојба и излез, како и основниот алгоритам за дискретно-временска симулација. Посебно внимание е посветено на клетченските автомати, Конвејевата „Игра на живот", преклопните автомати, секвенциските машини и линеарните дискретно-временски мрежи, како примери за појава на сложено однесување од едноставни правила и интеракции.

Понатаму, обработени се моделите со диференцијални равенки и нивните симулатори, каде што промената на состојбата се опишува преку стапки на промена и континуирани траектории. Прикажани се основите на обичните диференцијални равенки, линеарните и нелинеарните модели, нумеричката интеграција, Ојлеровите методи, Рунге-Кута методите, методите со повеќе чекори, контролата на големината на чекорот, точноста, конвергенцијата и нумеричката стабилност. Разгледани се и специфични проблеми кои се јавуваат при континуирана симулација, како крути системи, маргинално стабилни системи и системи со дисконтинуитети. Исто така, обработени се дискретно-настанските модели и симулатори, каде што симулацијата се фокусира на значајни настани наместо на секој временски чекор. Преку примери со дискретно-настански клетченски автомати, закажување на настани, редици и серверски процеси, поглавјето ја прикажува важноста на изборот на соодветен формализам според природата на системот, барањата за точност и пресметковната ефикасност.

**Поглавје 5 - Верификација, валидација и акредитација.** Во ова поглавје се обработуваат верификацијата, валидацијата и акредитацијата како основни предуслови за доверлива и сигурна примена на симулациските модели. Објаснети се основните поими поврзани со симуландот, референтот, концептуалниот модел, извршниот модел, симулацијата, резултатите и барањата на моделот. Посебно внимание е посветено на разликата помеѓу верификацијата, како процес со кој се проверува дали моделот е правилно изработен според поставените барања и спецификации, и валидацијата, како процес со кој се оценува дали моделот доволно точно го претставува реалниот систем или процес што се симулира. Акредитацијата е разгледана како

официјална одлука за тоа дали моделот е прифатлив за конкретна примена, врз основа на резултатите од верификацијата и валидацијата.

Понатаму, разгледани се верификацијата и валидацијата како процеси на споредба помеѓу барањата, концептуалниот модел, извршниот модел, резултатите и реалниот систем. Обработени се ризиците што можат да произлезат од неправилна примена на моделите, како користење невалиден модел, некористење валиден модел или користење модел надвор од неговата намена. Посебно се објаснети границите на валидност, кредибилитетот на моделот и потребата од документирање на претпоставките и условите под кои моделот може да се користи. Во поглавјето се прикажани и различни методи за верификација и валидација, вклучувајќи неформални, статички, динамички и формални методи, како инспекција, валидација со непосредна проценка, анализа на чувствителност, предвидлива валидација, споредбено тестирање, статистички методи и формални логички пристапи. На тој начин, поглавјето дава јасна методолошка основа за проверка на точноста, доверливоста и применливоста на симулациските модели во инженерски и рударски системи.

**Поглавје 6 - Симулациони техники во рударството.** Во ова поглавје се обработуваат главните симулациони техники кои имаат примена во рударското инженерство. Разгледана е Монте Карло симулацијата како веројатносен пристап за анализа на неизвесности, проценка на ризици и поддршка при донесување одлуки во рударските проекти. Објаснети се техниките за случајно земање примероци, моделирањето на распределби на веројатност, примената во анализа на финансиски и оперативни ризици, како и употребата на Монте Карло пристапот при проценка на економската исплатливост, временските ризици и сценаријата за управување со рударски проекти.

Во поглавјето се обработени и нумеричките методи за симулација, вклучувајќи ги методот на конечни разлики, методот на конечни елементи и компјутерската динамика на флуиди. Преку овие методи се разгледуваат можностите за анализа на напрегања, деформации, стабилност на карпести маси, подземни води, вентилација и дисперзија на гасови во рударски средини. Посебно внимание е посветено на нивната примена во проектирање, мониторинг, безбедност и оптимизација на рударските операции.

Исто така, разгледани се дискретно-настанската симулација, агент-базираната симулација, системската динамика и хибридната симулација како современи пристапи за моделирање на сложени рударски системи. Обработени се нивните примени во транспортните системи, багер-камион операциите, подземната логистика, движењето и безбедноста на работниците, евакуациските сценарија, управувањето со материјалните текови, долгорочното планирање, еколошките влијанија и управувањето со јаловишта. Преку овие содржини, поглавјето ја прикажува практичната вредност на различните симулациски техники и нивното комбинирање во интегрирани модели за подобро планирање, оптимизација, управување со ризици и донесување инженерски одлуки во рударството.

**Поглавје 7 - Дигитална трансформација во рударското инженерство: симулации и автономни системи.** Во ова поглавје се обработува дигиталната трансформација во рударското инженерство преку примена на симулации, дигитални технологии и автономни системи. Разгледани се современите симулациски технологии во рударството, нивната улога во планирањето,

оптимизацијата на производството, управувањето со безбедноста и подобрувањето на оперативната ефикасност. Обработени се нумеричките методи за моделирање, системите базирани на агенти, симулациите засилени со вештачка интелигенција, дигиталните двојници и виртуелните рударски околини, како основа за понапредно донесување инженерски одлуки.

Понатаму, разгледани се симулациските модели за управување со перформансите на опремата и флотата во рударството, со посебен акцент на симулаторите за обука на оператори, предвидливото одржување, оптимизацијата на диспечирањето, намалувањето на оперативните трошоци и примената на вештачка интелигенција во распоредувањето и одржувањето. Обработена е и примената на дигиталните двојници како виртуелни реплики на рударски средства, процеси и системи, кои овозможуваат мониторинг во реално време, анализа на сценарија, оптимизација на процесите и подобрено управување со ризици.

Во поглавјето се опфатени и далечинското набљудување и ГИС-базираните симулации во рударството, особено нивната примена во истражувањето на минерални ресурси, оперативното планирање, мониторингот на животната средина и следењето на рекултивацијата. Разгледани се климатското и хидролошкото моделирање како важни алатки за управување со рударските води, предвидување на поплави, моделирање на одводнување, контрола на кисели руднички дренажи и проценка на ризици поврзани со климатски промени. Исто така, обработени се роботиката и автономните системи во рударството, вклучувајќи автономни транспортни системи, роботизирано дупчење, автоматизирано минирање, далечинско управување и AI-базирано сортирање на руда. Со овие содржини, поглавјето ја прикажува улогата на дигитализацијата, автоматизацијата и интелигентните системи во создавањето побезбедни, поефикасни, поодржливи и технолошки напредни рударски операции.

**Поглавје 8 - Софтвери и алатки за програмирање во рударското инженерство.** Во ова поглавје се обработуваат софтверските и програмските алатки кои се користат за моделирање, симулација, анализа и оптимизација во рударското инженерство. Разгледани се Python, MATLAB, SimPy, SciPy и NumPy како значајни пресметковни околини и библиотеки за нумеричка анализа, дискретно-настанска симулација, обработка на податоци, геопросторна анализа и развој на прилагодени модели за рударски процеси. Обработена е и нивната компаративна примена, со посебен акцент на предностите, ограничувањата, интеграцијата со постојните индустриски софтвери и примената во геолошко моделирање, рударско планирање, оптимизација на процеси и проценка на еколошки влијанија.

Во поглавјето се разгледани и специјализирани софтверски решенија наменети за рударската индустрија, како Rocscience EX3, GEOVIA Surpac, AnyLogic, GoldSim, MineTwin и други алатки за геотехничко моделирање, анализа на стабилност, рударско планирање, симулација на оперативни сценарија, управување со ризици и еколошко моделирање. Обработени се методите за анализа на чувствителност и проценка на грешки, вклучувајќи Монте Карло симулација, латинско хиперкубично земање примероци, Соболови индекси, пренос на грешка и квантификација на неизвесноста, како основа за подобра валидација и доверливост на нумеричките модели.

Разгледани се и процесите на калибрација, проценка на параметри и тестирање на моделите во реални услови, со примена на статистички методи, Баесови пристапи, оптимизациски техники и споредба со емпириски податоци. Посебно внимание е посветено на интеграцијата на вештачката интелигенција и машинското учење во симулациските модели, преку примена на синтетички податоци, засилено учење, невронски мрежи, предвидувачко моделирање и AI-засилени дигитални двојници за подобра оптимизација, предвидување и поддршка при донесување инженерски одлуки.

Исто така, обработени се облачните пресметки и високоперформансните пресметки како современа основа за изведување сложени и пресметковно интензивни рударски симулации. Разгледани се паралелните пресметковни рамки, распределените архитектури, GPU-пресметките, облачните симулациски платформи и нивната примена во моделирање на големи рударски системи, автономни операции, климатски модели и индустриска автоматизација. Со овие содржини, поглавјето ја заокружува техничката и софтверската основа потребна за практична примена на современото моделирање и симулација во рударското инженерство.

**Поглавје 9 - Етички, практични и регулаторни аспекти на моделирањето и симулацијата во рударското инженерство.** Во ова поглавје се обработуваат етичките, практичните и регулаторните димензии на современото моделирање и симулација во рударското инженерство. Посебно внимание е посветено на концептот на одговорно моделирање, при што се разгледуваат прашањата поврзани со транспарентноста, одговорноста, точноста на претставувањето, ограничувањата на моделите, употребата на податоци и влијанието на симулациските резултати врз засегнатите страни, животната средина и донесувањето инженерски одлуки.

Во поглавјето се разгледуваат и пристрасноста и правичноста во рударските симулациски модели, како и етичките дилеми што произлегуваат од примената на вештачката интелигенција, автоматизацијата, надзорните технологии и предвидувачките модели во рударски апликации со висок ризик. Обработени се и прашањата за приватноста, човечкиот фактор, еколошкото одлучување, меѓугенерациската правичност и потребата од регулаторен надзор врз моделите што се користат при планирање, управување и проценка на ризици во рударските операции. Со ова поглавје учебникот добива дополнителна современа вредност, бидејќи ја нагласува потребата моделирањето и симулацијата да се применуваат не само како технички алатки, туку и како одговорна инженерска практика со пошироки безбедносни, еколошки, општествени и институционални последици.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на понудената содржина и оценката за квалитетот, структурата и соодветноста на разработените теми, Рецензентската комисија оценува дека учебникот „Моделирање во рударството" од вонр. проф. д-р Ванчо Аџиски ги задоволува критериумите за квалитет, стручност и приспособеност кон наставната програма за која е наменет. Учебникот претставува јасен, систематски и разбирлив наставен материјал, првенствено наменет за студентите од прв циклус на студии при Факултетот за природни и технички науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Учебникот обработува современа и значајна проблематика од областа на моделирањето, симулацијата и анализата на системи во рударското инженерство. Содржината е изложена на прегледен и методолошки доследен начин, со јасна поврзаност меѓу теоретските основи и практичната примена во рударството. Посебна вредност на учебникот претставува тоа што ги опфаќа основните концепти на системи, модели, симулациски формализми, верификација и валидација, симулациски техники, дигитална трансформација, софтверски алатки, вештачка интелигенција, дигитални двојници и современи пресметковни пристапи применливи во рударските процеси.

Учебникот има значајна педагошка и стручна вредност, бидејќи овозможува студентите да стекнат теоретски знаења, аналитички пристап и практични основи за примена на моделирањето и симулацијата во решавање на инженерски проблеми во рударството. Покрај студентите, учебникот може да биде корисен и за наставници, истражувачи, инженери и стручни лица кои се занимаваат со планирање, анализа, оптимизација, управување со ризици и примена на современи дигитални технологии во рударството.

Воедно, учебникот е подготвен согласно со правилата и критериумите за објавување на платформата е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и ги исполнува условите за објавување како учебник.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки учебникот со наслов „Моделирање во рударството" од вонр. проф. д-р Ванчо Аџиски да го одобри за издавање и користење како учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Зоран Десподов, редовен професор, с.р.
Д-р Раде Токалиќ, редовен професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА**

| **Билтен 15.6.2026 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | 1. Дигитализацијата на сообраќајниот надзор и кривичната одговорност за безобѕирно управување со моторно возило | 1102-88/17 од 3.6.2026 год. | Проф. д-р Олга Кошевалиска | Марица Аврамчева Зафирова |
| | 2. Геополитичката позиција на Украина помеѓу Истокот и Западот: од неутралност кон стратешка соработка | 1102-88/16 од 3.6.2026 год. | Вонр. проф. д-р Јорданка Галева | Виолета Пановска |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | 3. Фреквенција на еритроцитни антигени и преваленца на ирегуларни еритроцитни антитела кај дарители на крв во РСМ | 2002-253/56 од 21.10.2024 год. | Проф. д-р Ивана Мицковски | Даница Поповска |
| | 4. Трансплантација на срце како врв на современата кардиохирургија: медицински, етички и клинички аспекти | 2002-43/52 од 28.1.2026 год. | Проф. д-р Билјана Ефтимова | Елизабета Бошнакова |

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТАНЦОВА УМЕТНОСТ И НАУКИ НА ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2502-56/4 од 2026 година донесена на 124. седницата на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмска академија, одржана на 20.5.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *танцови уметности и науки (6.04.00.06)* на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- проф. д-р Рисима Матевска-Мијановиќ (Рисимкин), редовен професор од наставно-научната област танцови уметности и науки (6.04.00.06), вработена на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- проф. м-р Александра Мијалкова, редовен професор од наставно-научната област танцова уметност и науки (6.04.00.06), Катедрата за балетска педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, вработена во НОБ, член;
- проф. м-р Антонијо Китановски, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 21.4.2026 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Анастасија Данчевска, насловен доцент по класичен балет на Филмската академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс и му го поднесува, на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Кандидатката **м-р Анастасија Данчевска** е родена на 15.10.1995 година во Скопје, Македонија. Завршува основно образование во ОУ „Невена Ѓорѓиева-Дуња“, а во 2010 година се запишува во Државниот музичко-балетски училиштен центар „Илија Николовски Луј“. Изучува класичен балет во класата на професор Лилјана Бонева. Во 2014 година го продолжува своето школување на Универзитетот за аудиовизуелни уметности – Европска филмска, театарска и танцова академија ЕСРА (Скопје-Париз-Есен-Ротердам) под менторство на проф. д-р Рисима Рисимкин. Студиите ги завршува со просечна оценка на успехот 8,92, со што го добива стручниот назив: дипломиран современ танчар. Во 2021/2022 година запишува двегодишни магистерски студии, Master of Arts of Contemporary Dance Education, за танцов педагог, на Филмската академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Студиите ги завршува со просечна оценка 10,00 и добива стручен назив: магистер за современ танц – Методика и педагогија на современ танц.

Кандидатката е дел од наставно-научниот тим, како насловен доцент, во наставната програма за класичен балет на Катедрата за современ танц на Филмската академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Анастасија Данчевска активно учествува во наставата на оваа Академија од 2017 година до денес како стручен соработник, а од 2024 како насловен доцент.

Кандидатката м-р Данчевска се занимава и со научноистражувачка дејност и во 2024 година го создава трудот „Оформување на современо танчарско тело преку совладување на класичната балетска техника“, во кој опфаќа практични и теоретски истражувања на тематиката.

М-р Данчевска е комплетно посветена и на својата уметничка надградба. Своето стручно знаење и образование Данчевска го надополнува во 2015 година преку соработката што ја остварува со Интерарт културниот центар, со едномесечен студиски престој на Универзитетот „Кодартс“ во Ротердам, Холандија, каде што активно го надградува знаењето со учество на различни работилници за современ танц и мастер часови со извонредни професори и кореографи.

Кандидатката учествува на меѓународни танцови проекти, во кои го остварува и надградува својот уметнички потенцијал, меѓу кои „Летниот камп во Кина“, проект остварен на платформата „Кина и земјите од централна и југоисточна Европа“ – „CEEC-China summer Dance Camp“, на второто издание на кампот во 2016 година. Таа е дел од уметничката екипа на продукцијата, која произлегува од работата на кампот, претставата „Колевка“ во кореографија на Грегор Луштек од Словенија. За потребите на создавањето на претставата м-р Данчевска престојува во Кина во 2017 година, каде што се изведува премиерата, која понатаму има турнеја низ повеќе градови во Кина и Европа.

Во периодот од 2014 година до денес м-р Данчевска е активен учесник во програмата на Скопје танцовиот театар како современ танчар и работи на многубројни продукции кои се изведуваат во земјава и во странство. М-р Данчевска својата наставно-научна дејност ја остварува и на странски високообразовни институции – универзитети: во 2022 и 2024 година одржува мастер часови за класична балетска техника адаптирана за современи танчари на Академијата за уметност во Братислава – Фестивал на европски танцови академии „Share“.

Својата уметничка дејност м-р Анастасија Данчевска ја остварува во рамките на програмите на Скопје танцовиот театар, во кој таа делува како танчар и репетитор, активен учесник во севкупниот репертоар на оваа единствена официјална современа танцова компанија кај нас. Посебно е значаен нејзиниот настап во март 2022 година, со претставата „Идентитети – Историја на еден растегнат сон“, во кореографија на проф. д-р Рисима Рисимкин, со која „Скопје танцовиот театар“ остварува историско гостување во Националниот театар за современ танц „Шајо“ во Париз, Франција. Со Скопје танцовиот театар м-р Анастасија Данчевска настапува во Скопје, низ повеќе градови во Македонија, како и на странски фестивали, меѓу кои: „Верона Шекспир Фринге фестивал“ во 2023 година; „Laiksdejot festival“ во Рига, Латвија; „Недела на модерен танц“ во Загреб, Хрватска во 2022 година; „Холандскиот танцов фестивал“ во Хаг, Холандија и „Battery Dance Festival“ во Њујорк, САД во 2018 година; „Егзодос фестивал“ во Љубљана, Словенија во 2017 година; „Share“ фестивалот во Братислава, Словачка, во 2017 и 2019

година; манифестацијата „Отворена сцена“ во Хаг и Ротердам, Холандија во 2015 година, како и на фестивалот „Средба во Пекинг“ во Пекинг, Кина.

**Општи услови за избор**

Кандидатката м-р Анастасија Данчевска има завршено соодветно високо образование од втор степен, односно магистерски студии од соодветната научна област на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, со стручен назив магистер за современ танц – Методика и педагогија на современ танц, со просечна оценка: 10,00.

Првиот циклус на додипломски студии го завршува со средна оценка на успехот: 8,92.

Објавува научноистражувачки магистерски труд под наслов „Оформување на современо танчарско тело преку совладување на класичната балетска техника“ во соодветната област.

Препораки од двајца професори од наставно-научната и уметничка област:

- Препорака од ред. проф. д-р Ангеле Михајловски, Македонија;
- Препорака од ред. проф. м-р Александар Илиќ, Србија.

**Посебни услови**

Кандидатката м-р Анастасија Данчевска постојано дејствува во полето на современиот танц и придонесува во севкупната едукативна дејност во создавањето на млади современи танчари во програмата на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. М-р Анастасија Данчевска, воедно, се истакнува како педагог и на европските академии, а посебен успех покажува и во својата репетиторска работа со млади уметници, при што многу посветено го пренесува сопственото знаење и уметничко искуство стекнато на домашната и на меѓународната современа танцова сцена.

Во периодот од 2017 година до денес, м-р Анастасија Данчевска со голем успех работи како стручен соработник во наставната програма на Катедрата за современ танц на Филмската академија при УГД, каде што предава класичен балет и држи репетиција, неопходен елемент во оформувањето на студентите при извршување на нивната пракса, преку учество на професионални продукции на Скопје танцовиот театар.

Во периодот од 2017 до 2019 година, кандидатката работи како едукатор по класичен балет, креативен танц, современ танц за деца на возраст од 4 до 12 години во Рисимкин истражувачкиот центар, при што се истакнува со сензибилност и со индивидуален приод во наставниот план, овозможувајќи им на младите ученици да се пронајдат и со успех да ги совладуваат поставените задачи, при што развиваат уметничка креативност.

**Евалуација на магистерскиот труд**

Магистерскиот труд со наслов „Оформување на современо танчарско тело преку совладување на класичната балетска техника“ на кандидатката Анастасија Данчевска е напишан на 67 страници, компјутерски изработен, методолошки структуриран во повеќе поглавја и тоа: вовед и четири поглавја, со потточки и заклучни методологии и начини произлезени од истражувањата на авторката.

Во воведниот дел на трудот, таа ги образложува идејата и процесот на истражување во креирање на класичен балетски час, кој е модифициран и приспособен за современите танчари, врз база на веќе постојната балетска техника, што е основна тема на анализа и создавање на овој магистерски труд.

Првото поглавје на магистерскиот труд се однесува на историските аспекти на танцовата уметност: Историја на класичен балет, Историја на македонската балетска сцена, Историја на современ танц, со цел да се објасни развојниот пат на класичната балетска уметност, како и дискурсите на современиот танц, за да се разберат аспектите на нивно испреплетување и создавање методологија на предавања која ќе им помогне на современите танчари преку совладување на класична балетска техника. Опфатени се историски аспекти од зародишот на класичната балетска уметност до денес, даден е краток преглед на македонската балетска сцена и хронологија на развојот на современата танцова сцена.

Второто поглавје опфаќа теоретско предавање по методот Ваганова, во кое авторката исцрпно ја објаснува поставеноста на методот, како и целиот балетски вокабулар, систематски подреден по години и начин на кој се совладува за развој на класичната балетска техника.

Третото поглавје се состои од аналитички преглед на поставеност и изведба на два класични балетски часа, кои се изведуваат од различно обучени танчари – професионални класични балетски уметници и современи танчари.

Заклучокот од истражувањето на овој магистерски труд се наоѓа во четвртото поглавје, во кое таа ни дава преглед на методологии и начини како да се изведува наставата, со цел да се развие современо танчарско тело, со класична балетска техника, при што истакнува дека класичниот балет може да се модифицира и да се адаптира за современи танчари кои немаат претходно совладана балетска техника, при што класичната балетска техника максимално помага во развојот на оформувањето на танчарското тело.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

**Автор-изведувач во оригинални премиерни кореографии во периодот од 2014 до 2026**

2026 – „Трендинг апокалипса“, кор. Адријана Данчевска-Ровчанин; Македонски народен театар.

2026 – „Будење“, кор. Рисима Рисимкин; Македонски народен театар.

2025 – „Идентитети – Будење“, кор. Рисима Рисимкин; Македонски народен театар.

2025 – „Д (како Дездемона)“, кор. Рисима Рисимкин; Мала сцена на Национална опера и балет.

2025 – „Одекот на баронот“, кор. Дејан Битровски; Мала сцена на Национална опера и балет.

2023 – „Место, многу посебно за неа“, кор. Адријана Данчевска-Ровчанин; Македонски народен театар.

2023 – „Леди Магбет“, кор. Рисима Рисимкин; Македонски народен театар.

2023 – „Блокови“, кор. Дејан Битровски; Македонски народен театар.

2023 – „Табу република“, кор. Бобан Русески; Младински културен центар.

2021 – „Меѓусвет – Убавите жени“, кор. Рисима Рисимкин; Отворена сцена Танц фест.

2021 – „Не ми ги допирај очите“, кор. Адријана Данчевска Ровчанин; Сцена Лубарда, Дом на АРМ.

2021 – „Ѓаволска дупка“, кор. Дејан Битровски; Отворена сцена Танц фест.

2020 – „Идентитети – Историја на еден растегнат сон“, кор. Рисима Рисимкин; Предворје на „Св. Софија“, Охридско лето.

2020 – „Дома“, кор. Адријана Данчевска Ровчанин; танцов филм; Отворена сцена МКЦ.

2019 – „Идентитети“, кор. Рисима Рисимкин; Македонски народен театар.

2019 – „Коски и месо“, кор. Шимон Кубан, Младински културен центар.

2019 – „Трагедијата на тигарската бубачка“, кор. Јотам Пелед; Младински културен центар.

2019 – „Луцидниот Јос“, кор. Дејан Битровски; Македонски народен театар.

2019 – „Скеч“, кор. Адријана Данчевска Ровчанин; Македонски народен театар.

2019 – „Контура“, кор. Дејан Битровски; Младински културен центар.

2018 – „Анима“, кор. Рисима Рисимкин; Младински културен центар.

2018 – „Чудаците“, кор. Матеа Киселичка; Младински културен центар.

2018 – „Непознато“, идеја Александра Петрушевска; Младински културен центар.

2018 – „Д.О.Л.“, кор. Адријана Данчевска; Македонски народен театар.

2016 – „Симбол“, кор. Александра Петрушевска и Адријана Данчевска; Кино Култура, Скопје.

2016 – „Тишината на пчелите“, кор. Џоан ван дер Маст; Македонски народен театар.

2016 – „Најди некој“, кор. Матеа Киселичка; Македонски народен театар.

2016 – „Четири“ – премиера, кор. Адријана Данчевска; Младински културен центар.

2016 – „Control freak” кор. Иван Ангелковски; Младински културен центар.

2016 – „Кој и да е” кор. Андријана Андреева; Младински културен центар.

2016 – „Најди некој” кор. Матеа Киселичка; Младински културен центар.

2016 – „И јас ќе дојдам” кор. Валентино Апостоловски; Младински културен центар.

2015 – „СМС (Сите мои слики)“, кор. Рисима Рисимкин; Македонски народен театар.

2015 – „Блесок“, кор. Антонело Тудиско; „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ – Велес.

2014 – „Лудус“ кор. Рисима Рисимкин; Сцена ЗЕБРА, Скопје.

2014 – „О(тело)“ кор. Рисима Рисимкин; Сцена ЗЕБРА, Скопје.

**Изведби на м-р Данчевска во оригинални кореографии како автор-изведувач во странство во периодот од 2015 до 2025 г.:**

2025 – „Д (како Дездемона)", кор. Рисима Рисимкин; „Верона Шекспир Фринге фестивал", Верона, Италија.

2023 – „Лејди Магбет", кор. Рисима Рисимкин; „Планета Шекспир фестивал", Верона, Италија.

2022 – „Идентитети – Историја на еден растегнат сон", кор. Рисима Рисимкин; Националниот театар за современ танц „Шајо", Париз, Франција.

2022 – „Не ми ги допирај очите", кор. Адријана Данчевска-Ровчанин; „Laiksdejot festival" Рига, Латвија.

2019 – „Контура", кор. Дејан Битровски; „Share" фестивал, Братислава, Словачка.

2018 – „Погрешно", кор. А. Данчевска-Ровчанин; „Holland Dance Festival" Хаг, Холандија.

2018 – „Истиот извор" кор. Матеа Киселичка; „Holland Dance Festival" Хаг, Холандија.

2018 – „Котел", кор. Рисима Рисимкин; „Holland Dance Festival" Хаг, Холандија.

2018 – „Истиот извор", кор. Матеа Киселичка; „Battery Dance Festival" Њујорк, САД.

2018 – „Котел", кор. Рисима Рисимкин; „Battery Dance Festival" Њујорк, САД.

2017 – „Колевка", кор. Грегор Луштек; Пекинг, Кина.

2017 – „Колевка", кор. Грегор Луштек; „Егзодос фестивал", Љубљана, Словенија.

2015 – „Живи на друга место" кор. Адријана Данчевска-Ровчанин; „Отворена сцена" во Хаг и Ротердам, Холандија.

2015 – „Создадени суштества", кор. М. Киселичка; „Отворена сцена" во Хаг и Ротердам, Холандија.

2015 – „СМС (Сите мои слики)", кор. Рисима Рисимкин; фестивал „Средба во Пекинг" Пекинг, Кина.

2015 – „Живи на друго место" кор. Адријана Данчевска-Ровчанин; фестивал „Средба во Пекинг" Пекинг, Кина.

2015 – „Лудус" кор. Рисима Рисимкин; фестивал „Средба во Пекинг" Пекинг, Кина.

2015 – „Создадени суштества" кор. Матеа Киселичка; фестивал „Средба во Пекинг" Пекинг, Кина.

**Авторски претстави на м-р Данчевска (2018)**

М-р Данчевска реализира авторска кореографија под наслов „trashOUT" во Младински културен центар, Скопје, а подоцна во 2019 година на Интернационалниот фестивал „Share" во Братислава, Словачка.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

2017 – 2026 – Член/асистент на фестивалот Танц фест Скопје.

2025/2024/2023 – Семинар по класичен балет во танцово студио Ритам плус, Скопје.

2024 – Одржува мастер часови по класичен балет на „Share“ Интернационален студентски фестивал во Братислава, Словачка.

2023 – Член на организација „Танц бункер“.

2022 – Асистент-предавач на работилница со танцова компанија „Марта Греам“ на Скопје Танц фест.

2022 – Мастер час по класичен балет на „LAIKS DEJOT“ фестивал во Рига, Латвија.

2022 – Мастер часови по класичен балет на „Share“ Интернационален студентски фестивал во Братислава, Словачка.

2018 – Учество во „Инкубатор културна програма“ во организација на Интерарт културен центар.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

М-р Анастасија Данчевска е избрана во научно-наставно звање насловен доцент на Катедрата за современ танц при Универзитетот „Гоце Делчев“ од 2024 година. Претходно работи како стручен соработник, од 2017 до 2024 година, во наставната програма на Катедрата за современ танц на Филмската академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, за класичен балет и репетиција.

Кандидатката како предавач во стручната област на универзитетско ниво, има осумгодишно искуство, во кое покажува голем распон на наставни активности со повеќе генерации студенти. Во својата педагошко-уметничка дејност м-р Анастасија Данчевска преку систематска работа и совладување на наставниот план, со секој студент покажува посебност во комуникацијата и асистенција на студентите кои даваат одлични резултати, со што се подготвуваат за професионалната сцена.

Со својата посветеност на предавањата, Данчевска успева да направи двонасочен однос со студентите, преку индивидуален пристап кон секој студент, со што им помага во развој на уметничката слобода и интерпретација во кореографските дела. Во својата повеќегодишна работна пракса, како предавач, но и како танчар, м-р Данчевска покажува неспорен уметнички талент во изведбите на современи танцови дела, квалитети, кои се предуслов за стекнување со неопходно предзнаење и искуство, кое таа понатаму го пренесува на студентите.

Уметничкиот талент кој Данчевска го поседува, влијае на оформувањето на студентите во насока на развој на креативноста и нивниот уметнички интегритет. Кандидатката во својот професионален пат настапува на претстави создадени од различни кореографи, со што се стекнува со неопходната пракса на сцена, која таа понатаму ја пренесува во работата со студентите.

М-р Анастасија Данчевска се занимава и со научноистражувачка дејност и го создава трудот „Оформување на современо танчарско тело преку совладување на класичната балетска техника“ во кој дава аналитички преглед на материјата, ја објаснува терминологијата од етимолошки аспект, дава хронолошки преглед на развојот на класичниот балет, од неговиот зародиш во 1500 година. Не води низ развојот на македонската балетска сцена како и низ хронологијата на развојот на современиот танц, од три историски аспекти, кои го означуваат истражувањето на овој магистерски труд.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Анастасија Данчевска ги има остварено потребните поени, во периодот од 2017 година до денес, односно вкупно поени од **НИ-СУ + СА-ОР = 216.**

Врз основа на изнесените факти и податоци, му предлагаме на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија при УГД – Штип, да ја избере кандидатката **м-р Анастасија Данчевска** во наставно-научното звање **доцент за наставно-научната област танцови уметности и науки (6.04.00.06)** на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Рисима Матевска-Мијановиќ (Рисимкин)**, редовен професор од наставно-научната област танцови уметности и науки (6.04.00.06), вработена на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Скопје, претседател, с.р.

**Проф. м-р Александра Мијалкова**, редовен професор од наставно-научната област танцови уметности и науки (6.04.00.06), Катедра за балетска педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, вработена во НОБ, член, с.р.

**Проф. м-р Антонијо Китановски**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Одбранет магистерски труд | 1 x 4 | 4 | | | 4 |
| | Настапи на официјални концерти/претстави | 36 x 3 | 108 | 18 x 3 | 54 | 162 |
| | Студиски престој во странство | | | 2 x 8 | 16 | 16 |
| | Самостојни настапи со авторски дела | 1 x 6 | 6 | 1 x 10 | 10 | 16 |
| | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 12 x 1 | 12 | | | 12 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **210** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Предавање на стручен собир | | | 3 x 2 | 6 | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **6** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **216** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТАНЦОВИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ НА ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2502-56/5 од 2026 година донесена на 124. седницата на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија, одржана на 20.5.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област танцови уметности и науки (6.04.00.06) – современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- проф. д-р Рисима Матевска-Мијановиќ (Рисимкин), редовен професор од наставно-научната област танцови уметности и науки (6.04.00.06), вработена на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Скопје, претседател;
- проф. м-р Адријана Данчевска, доцент од наставно-научната област танцови уметности и науки (6.04.00.06), вработена на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Скопје, член;
- проф. м-р Антонијо Китановски, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 21.4.2026 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Дејан Битровски, соработник на Катедрата за современ танц на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс и му го поднесува, на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатот м-р Дејан Битровски е современ уметник, танчар, кореограф и танцов педагог, чијашто уметничка заднина произлегува од хип-хоп и од урбаните танцови стилови. Дел е од наставно-научниот тим како стручен соработник по современ танц на Катедрата за современ танц при Филмската академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, каде што активно учествува во наставниот процес и во реализацијата на наставната програма. Своето високо образование го надградува со магистерски студии по Contemporary Dance Education – Методика и педагогија на современ танц, кои ги завршува со просечна оценка 10,00 и се стекнува со стручен назив: магистер за современ танц – Методика и педагогија на современ танц.

Кандидатот м-р Дејан Битровски се занимава и со научноистражувачка дејност. Во рамките на магистерските студии го реализира магистерскиот труд со наслов „Кореографските практики во високообразовниот систем

за создавање современи танчари во РС Македонија", во кој ги истражува методските, педагошките и креативните аспекти на современиот танц, како и поврзаноста помеѓу современата танцова практика и едукативниот процес во високото образование.

Кандидатот е активно вклучен и во уметничко-истражувачката и педагошка дејност, каде што преку својата работа ги поврзува современиот танц, сценската практика и едукативниот процес. Во своите кореографски дела истражува теми поврзани со човековата психолошка состојба, општествените промени, идентитетот и современите културни текови.

Своето кореографско деби го има во 2017 година со делото „Јас и ние", создадено со танчари од „Скопје танцовиот театар". Во 2019 година, на „Танц фест Скопје", го претставува делото „Луцидниот Јос", а истата година учествува и во меѓународниот проект „Стриминг", реализиран во рамките на летниот танцов камп во Кина, во соработка со кореографката Мартина Томиќ. Во сезоната 2019/2020 ја создава соло-кореографијата „Контура", наменета за современата танчарка Анастасија Данчевска, во која ја истражува позицијата на жената во современото општество. Во следниот период ги создава делата „Божја брзина" (2020) и „Ѓаволска дупка" (2021), претставени на „Танц фест Скопје", инспирирани од личните и од општествените состојби за време на пандемијата на КОВИД-19. Во овие проекти користи мултимедијален пристап преку видеоматеријали и оригинална музика од домашни автори.

Во 2022 година го создава делото „09190", во соработка со студенти од Катедрата за современ танц при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, коешто претставува значаен пример за поврзување на педагошкиот процес со сценската продукција. Во 2023 година ја создава мултимедијалната танцова претстава „Блокови", инспирирана од стихозбирката „Бели мугри" на Кочо Рацин, во која преку визуелен и сценски израз ја обработува човековата борба и општествената поделеност.

Во 2024 година ја создава претставата „Напуштена иднина", насочена кон поапстрактен и графички кореографски пристап, додека неговото дело „Ехо на баронот" (2025), во продукција на Скопје танцовиот театар, премиерно изведено на Малата сцена во Националната опера и балет, се занимава со психолошката манипулација и создавањето идентитет во современото дигитално општество. Негово последно кореографско дело е претставата „МА", изведена во рамки на Скопје танцовата платформа, која го истражува суспендираното време како споделена состојба. Инспирирана од драматуршката структура на „Чекајќи го Годо", делото не раскажува приказна, туку конструира поле на присуство во кое чекањето станува единствена реалност.

Кандидатот м-р Дејан Битровски е дел од уметничкиот тим на „Скопје танцовиот театар" од 2014 година до денес, каде што активно настапува како танчар и кореограф во бројни продукции во земјата и во странство. Настапува во претставите: „СМС (Сите мои слики)", „Тишина на пчелите", „Кјароскуро", „Жива на друго место", „Најди некој", „Азбука", „Погрешно", „ДОЛ", „Котел", „Истиот извор", „Скеч", „Идентитети", „Блесок и коски", „Трагедија на тигарската буба", „Свет помеѓу", „Не допирајте ми ги очите" и други.

Во текот на својата кариера работи со бројни домашни и странски кореографи, меѓу кои: проф. д-р Рисима Рисимкин, Џоан Ван Дер Маст, Антонело Тудиско, Чао Ке, Антон Рудаков, Симон Кубан и Јотам Пелед. Заедно

со „Скопје танцовиот театар“ учествува на повеќе меѓународни фестивали, како „Отворена сцена“ во Хаг и Ротердам, „ШЕР“ фестивал во Братислава, „Патот на свилата“ во Кина, „Холандскиот танцов фестивал“ и „Фестивалот Батери денс“ во Њујорк.

Во 2022 година, заедно со кореографите Адријана Данчевска-Ровчанин и Ивана Балабанова, го основа колективот за современа уметност „Танец бункер“, преку кој го развива фестивалот „Танц бункер – платформа 01“. Од 2010 до 2016 година е дел од студиото за урбани танцови стилови „Битрикс“, каде што дејствува како еден од водечките кореографи и инструктори.

**Општи услови за избор**

Кандидатот м-р Дејан Битровски има завршено соодветно високо образование од втор степен, односно магистерски студии од соодветната научна област на Филмската академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, со стручен назив: магистер за современ танц – Методика и педагогија на современ танц, со просечна оценка: 10,00.

Првиот циклус на додипломски студии го завршува со средна оценка на успехот: 8,87.

Реализира десет авторски современи танцови кореографии, кои премиерно се изведуваат во земјава, а дел од нив се изведуваат и во странство. Претставите се реализирани во периодот од 2017 до 2025 година, а претставите кои се реализирани во периодот од 2019 година до денес се наведени во поглавјето научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности.

Објавува научноистражувачки магистерски труд под наслов „Кореографските практики во високообразовниот систем за создавање современи танчари во РС Македонија“ во соодветната област.

Препораки од двајца професори од наставно-научната и уметничка област:

- репорака од ред. проф. м-р Сашо Поповски, Македонија;
- Препорака од ред. проф. м-р Александар Илиќ, Србија.

**Посебни услови**

Кандидатот м-р Дејан Битровски континуирано дејствува во областа на современиот танц и дава значаен придонес во уметничката и едукативната дејност во земјава, но и во меѓународни рамки, паралелно со ангажманот во наставната програма на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Во периодот од 2017 година до денес, кандидатот е ангажиран во наставно-образовниот процес на Катедрата за современ танц при Филмската академија на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, каде што активно учествува во реализација на наставата по предметите Современ танц, Импровизација и Композиција.

Кандидатот континуирано го надградува своето стручно и педагошко знаење преку соработка со домашни и со меѓународни уметници и кореографи, како и преку активно учество на меѓународни работилници, фестивали и едукативни програми од областа на современиот танц.

Како активен член на Скопје танцовиот театар, кандидатот учествува во реализација на значаен број уметнички продукции, како танчар и кореограф, со што дава придонес во развојот на современата танцова сцена и во афирмацијата на македонската танцова уметност во земјава и во странство.

Во изминатите седум години кандидатот м-р Битровски остварува кореографии кои имаат официјални видеозаписи. Во прилог линкови од истите:

**„Ехо на баронот“**
Линк: https://www.youtube.com/watch?v=QYA0lgAr9Mo
**„Напуштена иднина“**
Линк: https://vimeo.com/952276278?fl=ip&fe=ec
**„Блокови“**
Линк: https://vimeo.com/952645170?fl=ip&fe=ec
**„Контура“**
Линк: https://youtu.be/JHMMF9ODpMQ?si=DMuJyq_HlNW0sIfs

**Евалуација на магистерскиот труд**

Магистерскиот труд на кандидатот м-р Дејан Битровски, под наслов „**Кореографски практики во високообразовниот систем за создавање современи танчари во С Македонија**“, е структуриран во повеќе поглавја, кои опфаќаат воведен дел, теоретска рамка, аналитички пристап кон кореографските практики, како и заклучни согледби произлезени од истражувањето на авторот.

Во воведниот дел, кандидатот јасно ја дефинира предметната област на истражување, при што го поставува фокусот на улогата на кореографските практики во едукативниот процес и нивното влијание врз оформувањето на современи танчари во високообразовниот систем. Притоа, танцот се третира како комплексна уметничка форма која претставува синтеза на физичка експресија, емоционален израз и културен контекст.

Првото поглавје се однесува на историскиот развој на танцовата уметност, со посебен осврт кон современиот танц во 20 век. Во овој дел кандидатот дава систематизиран и хронолошки преглед на развојот на танцот, почнувајќи од неговите најрани форми, преку класичниот балет, до појавата на модерниот и современиот танц. Особено внимание е посветено на клучните фигури и теоретичари, како Франсоа Делсарт, Емил Рудолф Лабан, чии методи и истражувања поставуваат темели за развој на современите танцови практики.

Во понатамошните поглавја, кандидатот го анализира развојот на современиот танц во Европа, Америка и во Северна Македонија, при што дава релевантен осврт кон институционалниот развој на танцовото образование, со акцент на Скопје танцовата академија и на Катедрата за современ танц при Филмската академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Овој сегмент овозможува јасно позиционирање на истражувањето во локален и во меѓународен контекст.

Особено значаен дел од трудот претставува анализата на кореографските практики во високообразовниот систем, каде што кандидатот прави компаративен и аналитички пристап кон различни методологии на работа, вклучувајќи ги пристапите на еминентни кореографи и педагози. Преку овие анализи, се согледува начинот на кој кореографските практики директно влијаат врз развојот на телото, сценската изразност и индивидуалниот уметнички идентитет на танчарот.

Во трудот се вклучени и резултати од интервјуа и практични согледби, кои дополнително ја збогатуваат истражувачката рамка и придонесуваат кон поврзување на теоријата со практиката. Овој пристап овозможува сеопфатно разбирање на образовниот процес во современиот танц.

Кандидатот м-р Дејан Битровски покажува способност за аналитичко и критичко размислување, систематско изложување на материјата и користење на релевантна литература. Трудот се одликува со јасна структура, логична поврзаност на поглавјата и аргументиран пристап во обработката на темата.

Во заклучните согледби, авторот ги сумира резултатите од истражувањето и укажува на значењето на интеграцијата на кореографските практики во високото образование како клучен фактор за развој на современиот танчар. Притоа, се истакнува потребата од континуирано унапредување на наставните методологии и нивно приспособување на современите уметнички и образовни текови.

Врз основа на наведеното може да се констатира дека магистерскиот труд на кандидатот м-р Дејан Битровски претставува значаен придонес во областа на современиот танц и танцовата педагогија, со јасна научна и уметничка релевантност.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од доставената документација, во периодот од 2019 година до денес, м-р Дејан Битровски ги има остварено следниве уметнички активности и научноистражувачка дејност:

**Авторски кореографии на м-р Дејан Битровски (2019-2026)**

1. **„МА“** – Премиерно изведена во Македонскиот народен театар во Скопје, во склоп на „Скопје Танцова платформа“ – Танц фест 2026, април 2026 г.

Евалуација на авторското дело:
Наслов: **„МА“;**
Праизведба: 24.5.2026 г., Македонски народен театар, Скопје;
Концепт и кореографија: Дејан Битровски;
Танчари: Лука Ѓоргиевски, Данило Скалинци;
Сценографија: Скопје танцов театар;
Музика: Душко Јаневски;
Костимографија: Андреј Папаз;
Инспирација: „Чекајќи го Годо“ од Самуел Бекет;
Продукција: Скопје танцов театар, 2026 г.

„МА“ е современа танцова претстава што го истражува суспендираното време како заедничка човечка состојба. Инспирирана од драматуршката структура на „Чекајќи го Годо“, ова дело не раскажува приказна, туку создава простор на присуство во кој чекањето се преобразува во единствена стварност. Двајца изведувачи го населуваат широкиот, аскетски простор, развивајќи спротивставени начини на опстојување во времето - едниот преку непрекинато микродвижење, другиот преку долготрајна, речиси медитативна неподвижност. Проѕирниот хоризонт, светлината и длабочината се јавуваат како живи сценографски чинители, кои ја обликуваат перцепцијата наместо да ја објаснуваат смислата. Во отсуство на настан, вниманието се прелева кон

едвај забележливите телесни промени, кон здивот и кон траењето. Претставата не нуди разрешница, туку отвора простор во кој времето се чувствува како кревко, споделено и постојано изместено.

2. „**Ехо на баронот**“ – Премиерно изведена на Малата сцена во Националната опера и балет во Скопје, во склоп на манифестацијата „Денови на македонски кореографи“, во продукција на Скопје танцовиот театар, април 2025 г.

Евалуација на авторското дело:

Наслов: **„Ехо на баронот“;**

Праизведба: 22.4.2025 г., Мала сцена на Национална опера и балет, Скопје;

Кореографија, концепт и дизајн на светло: Дејан Битровски;

Костими: Скопје танцов театар;

Танчари: Анастасија Данчевска, Стефани Шааршмит, Нина Петрушевска;

Продукција: Скопје танцов театар, 2025.

„Ехо на баронот“ е танцова претстава која ја истражува психолошката манипулација на поединци во современото општество, користејќи ги темите на синдромот Минхаузен и неговата модерна манифестација. Овие психолошки состојби, каде што поединците намерно фабрикуваат болест или вознемиреност за внимание, се одраз на тоа како современото општество ги притиска луѓето да создадат искривени верзии од себе, особено во дигиталниот свет. Овој концепт е поврзан со „Бели мугри“ на Кочо Рацин, збирка поезија која ја прикажува борбата на работничката класа против економската експлоатација. Проектот прави паралела помеѓу историската експлоатација на физичкото тело и модерната манипулација на умот преку дигиталните медиуми.

Во денешното општество, слично како работниците во „Бели мугри“, поединците се подложни на моќни надворешни сили, иако овие сили еволуираа од индустриска експлоатација до психолошки притисоци. Социјалните медиуми, дезинформациите и општествените очекувања делуваат како модерни угнетувачи, поттикнувајќи ги луѓето да усвојат лажни идентитети и претерани личности за валидација. Изведбата ја отслика оваа борба, нагласувајќи како современите луѓе се справуваат со одржување на своето автентично јас додека се движат низ лажните реалности наметнати од надворешни влијанија.

3. „**Напуштена иднина**“ – Премиерно изведена на фестивалот Танц фест 2024, за Скопје танцовиот театар 2, на сцената на Македонскиот народен театар во Скопје, мај 2024 г.

**Евалуација на авторското дело:**

Наслов: „**Напуштена иднина**“;

Праизведба: 11.5.2024 г., Македонски народен театар, Скопје;

Кореографија и дизајн на светло: Дејан Битровски;

Костими: Скопје танцов театар;

Танчари: Анастасија Данчевска, Стефани Шааршмит, Нина Петрушевска, Викторија Коцева, Сара Димовска, Клара Христовска, Јоана Благадуша, Илина Костовска, Надја Лукановска, Михаела Колцунова, Елена Терзиева;

Продукција: Скопје танцов театар, 2024 г.

„Напуштена иднина“ е современ танцов перформанс кој црпи инспирација од темите на футуризмот и од нашите дискусии за напредокот, издржливоста и човечкото искуство. Преку движење, музика и визуелно раскажување приказни, претставата ја истражува цикличната природа на иновациите и последиците од занемарувањето на нашата колективна судбина.

4. „**Блокови**“ – Премиерно изведена на фестивалот Танц фест 2023, за Скопје танцовиот театар, на сцената на Македонскиот народен театар, април 2023 г.

**Евалуација на авторското дело:**
Наслов: „**Блокови**“;
Праизведба: 11.4.2023 г., Македонски народен театар, Скопје;
Кореографија и дизајн на светло: Дејан Битровски;
Костими: Благој Мицевски;
Танчари: Анастасија Данчевска, Бобан Русески, Стефани Шааршмит, Илина Костовска, Клара Христовска;
Продукција: Скопје танцов театар, 2023 г.

„Кој ни замати извори бистри, извори на души чисти?“ – Кочо Рацин.

„Блокови“ е мултимедијален перформанс кој вклучува танц, звук, светло, видео и сценски елементи. Во ова дело се прикажува борбата на човекот и неговата мисла преточена во градење и рушење на ѕидови кои фигуративно го претставуваат моменталниот ментален склоп на општеството и неговата поделеност. Авторот на ова дело црпи инспирација од македонскиот поет Кочо Рацин и од неговата поезија. Во ова дело голем печат остава дизајнот и решението на светлото како и сценските елементи кои се интегрирани во нарација на истото.

**5. „09190“** – Премиерно изведена на фестивалот Танц фест Скопје за Скопје танцовиот театар 2, на сцената Домот на АРМ во април 2022 г.

**Евалуација на авторското дело**:
Наслов: **„09190“;**
Прва изведба: 15.4.2022 г., Дом на АРМ, Северна Македонија Кореографија: Дејан Битровски;
Продукција: Скопје танцов театар, 2022 г.;
Костими: Благој Мицевски;
Танчари: Дејан Битровски, Стефани Шааршмит, Андреј Димоски, Викторија Коцева, Сара Димовска, Емилија Милак, Клара Христовска, Јоана Благадуша, Микаела-Анџела Глигорова.

„09190“ е танцова претстава создадена за потребите на Скопје танцов театар 2, со студентите од Катедрата за современ танц при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во ова дело се разговара за заборавот, неизвесноста, празнината. Смиреноста и одмереноста во движењата создаваат енергија која го обзема целиот простор и го кани гледачот да биде дел од самиот перформанс.

**6. „Ѓаволска дупка“** – Премиерно изведена на фестивалот Танц Фест Скопје за Скопје танцовиот театар, во јуни 2021 г.

**Евалуација на авторското дело:**
Наслов: „**Ѓаволска дупка“;**
Прва изведба: 4.6.2021 г., платото пред Дом на АРМ, Северна Македонија;
Кореографија: Дејан Битровски;
Видео: Владислав Гавриловски;

Музика: Тони Китановски, Виктор Филиповски - костими: Благој Мицевски;

Танчари: Адријана Данчевска, Анастасија Данчевска, Бобан Русески, Исидора Краљевска;

Продукција: Скопје танцов театар, 2021 г.

„Ѓаволска дупка“ е танцова претстава која вклучува два медиуми: танц и видео. Преку звуците на ударните инструменти во музиката кои потсетуваат на племенски обред и со репетитивни движења во кореографијата танчарите ја носат публиката во своевиден транс. Во соработка со кинематографот Владислав Гавриловски тие креираат еден целосен продукт кој ја претставува „скопската ситуација“. Оваа претстава е продолжение на претходното дело на Битровски „Божја брзина“.

**7. „Божја брзина“** – Премиерно изведена на фестивалот Танц фест Скопје за Скопје танцовиот театар, во септември 2021 г.

**Евалуација на авторското дело:**

Наслов: „**Божја брзина“;**

Прва изведба: 5.9.2020 г., парк МКЦ, Северна Македонија;

Кореографија: Дејан Битровски;

Визуелен уметник: Дејан Битровски Музика: Gloomie, Димитар Поп Алексов

Костим: Благој Мицевски;

Танчари: Валентино Апостоловски, Анастасија Данчевска, Бобан Русески, Исидора Краљевска;

Продукција: Скопје танцов театар, 2020 г.

„Божја брзина“ е танцова претстава создадена од социјалните перцепции за општеството за време на светската пандемија на КОВИД-19. Во процесот на создавање и инспирација тој се осврнува на размислувањата за животот во родниот град Скопје помеѓу две години од пандемијата. Тој искажува и претставува револт за тоа колку малку се променија луѓето, а животот и многу други работи околу нас се целосно променети.

8. „**Контура**“ е танцова претстава создадена за продукцијата на Скопје танцов театар, премиерно изведена на 9.10.2019 г. во Младинскиот културен центар, Скопје.

**Евалуација на авторското дело:**

Наслов: **„Контура“;**

Кореограф: Дејан Битровски;

Костими: Скопје танцов театар;

Танчар: Анастасија Данчевска;

„Жените. Општество. Рутини. Граници.“

„Контура“ е танцова претстава којашто се занимава со перцепцијата на жените и нивниот социополитички пристап кон секојдневието во 21 век. Граница поставена од традиционални вредности и побуна кон истите од современ аспект.

**9. „Стриминг“** – Премиерно изведена на летниот камп за танц ЦИЕЦЕ во Тонглиао, Кина во август 2019 г.

**Евалуација на авторското дело:**

Наслов: „**Стриминг“;**

Прва изведба: 22.8.2019 г., Тонглиао, Народна Република Кина;

Кореографија: Дејан Битровски, Марта Томич;
Музика: Традиционална народна монголска музика;
Танчари: учесници на летниот камп ЦЕИЦЕ – Кина.

„Стриминг“ е производ на истражувањата на формата на телото направени со танчари од летниот камп кој потекнуваа од Кина и од земјите од централна и од источна Европа во периодот 31.7.2019 - 25.8.2019 г.

10. „**Луцидниот Јос**“ – Премиерно изведена на фестивалот Танц фест Скопје за Скопје танцовиот театар, во април 2019 г.

Евалуација на авторското дело:
Наслов: **Луцидниот Јос;**
Прва изведба: 16.4.2019 г., голема сцена на Македонскиот народен театар, Северна Македонија;
Кореографија: Дејан Битровски;
Визуелен уметник: Дејан Битровски;
Музика: Dulelud;
Костим: Благој Мицевски;
Танчари: Адријана Данчевска, Анастасија Данчевска, Бобан Русески, Исидора Крaљевска, Сара Цветковска, Јована Зајкова, Јасмин Систи, Нил Хохенер, Тереза Лазарев.

**„Луцидниот Јос“** е танцова претстава создадена врз база на соништа и реалност на еден човек кој е во тесна корелација со кореографот. Преку физичката подготвеност на танчарите, употребата на неонските бои во костимите, како и компјутерски генерирани фотографии, се создава една приказна која нема конкретна лиричност туку се фокусира на формата и визурата на сцената. Музиката е електронска со потпис на домашниот музички продуцент Dulelud.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

**Автор-изведувач во оригинални премиерни кореографии: (2014-2026)**

2026 – „Будење“, кор. Рисима Рисимкин; Македонски народен театар.

2025 – „Идентитети – будење“ кор. Рисима Рисимкин; Македонски народен театар, Скопје.

2025 – „Д (како Дездемона)“, кор. Рисима Рисимкин; Мала сцена на Национална опера и балет.

2024 – „Mockumentary“ кор. Адријана Данчевска-Ровачанин; Национална опера и балет.

2023 – „Моја крв, мои политикии“ кор. Ивана Балабанова; Мултимедијален центар „Мала станица“.

2023 – „Солзите на кловнот“ кор. Адријана Данчевска-Ровчанин; Мултимедијален центар „Мала станица“.

2023 – „Лиминално тело“ кор. Ивана Балабанова; Младински културен центар, Скопје.

2023 – „Одење“ кор. Филип Петковски; Национална опера и балет, Скопје;

2023 – „Лејди Магбет“ кор. Рисима Рисимкин; Македонски народен театар, Скопје;

2023 – „ Schwindel“ кор. Тобијас М. Драгер; Младински културен центар, Скопје;

2021 – „Не ми ги допирај очите“ кор. Адријана Данчевска; Дом на АРМ – Сцена Лубарда;

2021 – „Меѓусвет – Убавите жени“, кор. Рисима Рисимкин; Отворена сцена Танц фест;

2020 – „Идентитети – Историја на еден растегнат сон“, кор. Рисима Рисимкин; Македонски народен театар, Предворје на „Св. Софија“, Охридско лето;

2020 – „Дома“, танцов филм, кор. Адријана Данчевска;

2019 – „Трагедија на тигарската буба“ кор. Јотам Пелед; Младински културен центар;

2019 – „Месо и коски“ кор. Симон Кубан; Младински културен центар, Скопје;

2019 – „Идентитети“ кор. Рисима Рисимкин; Македонски народен театар;

2019 – „Скеч“ кор. Адријана Данчевска; Македонски народен театар;

2018 – „Непознато“ кор. Александра Петрушевска; Кино Култура, Скопје;

2018 – „Анима“ кор. Рисима Рисимкин; Македонски народен театар;

2018 – „Д.О.Л.“ кор. Адријана Данчевска; Македонски народен театар;

2017 – „Котел“ кор. Рисима Рисимкин; Македонски народен театар;

2017 – „Истиот извор“ кор. Матеа Киселичка; Македонски народен театар;

2017 – „Погрешно“ кор. Адријана Данчевска; Македонски народен театар;

2017 – „Патот“ кор. Антон Рудаков; Театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“, Велес;

2016 – „Езерце“ кор. Чао Ке; Јордан Хаџи Константинов-Џинот“, Велес;

2016 – „Најди некој“ кор. Матеа Киселичка; Младински културен центар, Скопје;

2016 – „Control Freak“ кор. Иван Ангелковски; Младински културен центар, Скопје;

2016 – „Тишина на пчелите“ кор. Џоан Ван Дер Маст; Македонски народен театар;

2015 – „СМС (Сите мои слики)“ кор. Рисима Рисимкин; Македонски народен театар;

2015 – „Блесок“ кор. Антонело Тудиско; „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“, Велес;

2014 – „Лудус“ кор. Рисима Рисимкин; Сцена ЗЕБРА, Скопје;

2014 – „О(тело)“ кор. Рисима Рисимкин; Сцена ЗЕБРА, Скопје.

**Изведби на кореографии** како автор-изведувач во оригинални кореографии **на м-р Дејан Битровски во странство (2015-2025):**

2025 – „Д (како Дездемона)“ кор. Рисима Рисимкин; „Планета Шекспир Фестивал“, Верона, Италија;

2024 – „Моја крв, моја политика“ кор. Ивана Балабанова; Уфер Студија Берлин, Германија;

2023 – „Лејди Магбет“ кор. Рисима Рисимкин; „Верона Шекспир Фринге Фестивал“, Верона, Италија;

2022 – „Не ми ги допирај очите", кор. Адријана Данчевска; „Фестивал на кореографски минијатури", Белград, Србија;

2022 – „Идентитети – Историја на еден растегнат сон" кор. Рисима Рисимкин; Националниот театар за современ танц „Шајо", Париз, Франција;

2022 – „Не ми ги допирај очите" кор. Адријана Данчевска-Ровчанин; „Laiksdejot festival", Рига, Латвија;

2018 – „Котел" кор. Рисима Рисимкин; „Holland Dance Festival", Хаг, Холандија;

2018 – „Истиот извор" кор. Матеа Киселичка; „Battery Dance Festival", Њујорк, САД;

2018 – „Котел" кор. Рисима Рисимкин; „Battery Dance Festival", Њујорк, САД;

2017 – „Котел" кор. Рисима Рисимкин; Silk road festival, Чуанчо, Кина;

2015 – „Жива на друга место" кор. Адријана Данчевска Ровчанин; „Отворена сцена" во Хаг и Ротердам, Холандија;

**Изведби на кореографии на м-р Дејан Битровски во странство од 2015 до 2024:**

2024 – „Квинтет" – „Share festival", Братислава, Словачка;

2022 – „Контура" – „Share festival", Братислава, Словачка;

2019 – „Стриминг" – „Интернационален летен танцов камп Кина – ЦИЕЦЕ" Тонглиао, Кина.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност во „Битрикс" – Центар за урбани танци помеѓу 2010-2016 година.

Кандидатот м-р Дејан Битровски извршува наставно-образовна дејност во Центарот „Битрикс" во Скопје во периодот од 201 до 2016 година, каде што предава урбани танци и работи со деца и младинци. Со учениците настапува на:

2010 – 2016 – Учество на државни шампионати во урбани стилови;

2015 – ESDU Masters Final 2014, второ место.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност, семинари и работилници**

Кандидатот м-р Дејан Битровски, одржува работилници и мастер часови:

2026 – „Еутопија" танцова компанија, Таранто, Италија;

2022 – Танцова компанија „Марта Греам" на Танц фест 2022;

2022 – „LAIKS DEJOT" фестивал, Рига Латвија;

2019 – Интернационален летен танцов камп Кина-ЦИЕЦЕ;

2018 – „Оф Бродвеј", Њујорк, САД;

2018 – 2025 – Учествува во организацискиот тим на Танц фест;

2018 – Учествува во организација на гостувањето на „Шер" интернационален студентски фестивал во Скопје и во Штип, Македонија;

2018 – Учествува во „Инкубатор културна програма" во продукција на Интерарт културниот център, Скопје, Македонија;

2017 – Учествува во Битрикс танцова лига, Скопје, Македонија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

М-р Дејан Битровски е стручен соработник и асистент на Катедрата за современ танц при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, каде што од 2017 година активно учествува во наставно-образовниот процес во областа на современиот танц, импровизација и композиција. За време на неговиот ангажман, кандидатот стекнува повеќегодишно искуство како предавач и уметник, при што покажува високо ниво на професионалност, стручност и посветеност во работата со студентите.

Во наставниот процес, м-р Дејан Битровски демонстрира способност за јасно и систематско пренесување на знаењето, како и развивање на креативен и интерактивен однос со студентите. Преку индивидуален пристап и современи педагошки методи, придонесува за развој на нивните технички способности, сценска изразност и уметнички интегритет.

Покрај наставната дејност, кандидатот активно дејствува како танчар и кореограф во рамки на „Скопје танцовиот театар“, каде што реализира значаен број уметнички продукции и настапи во земјава и во странство. Неговата уметничка активност се одликува со современ сценски израз, истражувачки пристап и интердисциплинарност, што претставува значаен придонес во развојот на современата танцова сцена. Преку својата авторска работа, кандидатот обработува современи општествени и психолошки теми, користејќи современи кореографски и мултимедијални пристапи.

М-р Дејан Битровски се занимава и со научноистражувачка дејност, при што го изработува магистерскиот труд „Кореографските практики во високообразовниот систем за создавање современи танчари во РС Македонија“, кој претставува значаен придонес во областа на танцовата педагогија и современите образовни методологии. Трудот се одликува со аналитички пристап, јасна структура и релевантност на обработената проблематика, при што отвора нови насоки за унапредување на наставниот процес во областа на современиот танц.

Во својата досегашна работа, кандидатот покажува континуиран уметнички и професионален развој, како и активно учество во меѓународни проекти, фестивали и едукативни програми, со што придонесува за афирмација на македонската танцова уметност во меѓународни рамки.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Дејан Битровски ги има остварено потребните поени, во периодот од 2017 година до денес, односно вкупно поени од НИ-СУ + СА-ОР = 305 поени.

Врз основа на изнесените факти и податоци му предлагаме на Наставно-научниот и уметнички совет на Филмската академија при УГД – Штип да го избере кандидатот **м-р Дејан Битровски** во наставно-научното звање **доцент за наставно-научната област** танцови уметности и науки (6.04.00.06) на Филмската академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Рисима Матевска-Мијановиќ (Рисимкин)**, редовен професор од наставно-научната област танцови уметности и науки (6.04.00.06), вработена на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Скопје, претседател, с.р.

**Проф. м-р Адријана Данчевска**, доцент од наставно-научната област танцови уметности и науки (6.04.00.06), вработена на Филмска академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Скопје, член, с.р.

**Проф. м-р Антонијо Китановски**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Настапи на официјални концерти/претстави | 33 x 3 | 99 | 11 x 6 | 66 | 165 |
| | Самостојни настапи со авторски дела | 10 x 6 | 60 | 3 x 10 | 30 | 90 |
| | Студентски престој во странство | | | 2 x 8 | 16 | 16 |
| | Член на научен одбор/фестивал | 2 x 4 | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **279** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Предавање на стручен собир | 5 x 2 | 10 | 4 x 4 | 16 | 26 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **26** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **305** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАСОВНИ КОМУНИКАЦИИ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1102-80/4 од 12.5.2026 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област масовни комуникации (5.08.00.05) на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- проф. д-р Андон Мајхошев - претседател, редовен професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, наставно-научна област комуникации и мас-медиуми (масовни комуникации 5.08.00.05);
-
- проф. д-р Јорданка Галева - член, вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, наставно-научна област новинарство (5.08.00.01) и меѓународни односи и меѓународни организации (5.05.00.13);
-
- проф. д-р Страшко Стојановски - член, редовен професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област социологија на политиката и социологија на етничките групи (социологија 5.04.00.01).
-

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ од 21.4.2026 година и во предвидениот рок се пријави како единствен кандидат: **д-р Искра Коровешовска**. Комисијата внимателно ги разгледа сите документи и утврдивме дека кандидатката д-р Искра Коровешовска, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено следниве документи: 1) Пријава; 2) Диплома за соодветно образование/научен степен доктор на комуниколошки науки - еден примерок копија заверена на нотар; 3) Диплома за завршени постдипломски магистерски студии и стекнување на звање магистер на комуниколошки науки: еден примерок копија заверена на нотар; 4) Диплома за завршени додипломски студии по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан први“, УКИМ, Скопје, еден примерок копија заверена на нотар; 5) Уверение за положени испити, еден примерок копија заверена на нотар; 6) Одлука за одбранета магистерска теза, еден примерок копија заверена на нотар; 7) Потврда за завршен курс по англиски јазик и дипломи за завршен степен FCE; 8) Препорака од проф. д-р Јорданка Галева; 9) Препорака од проф. д-р Андон Мајхошев; 10) Уверение за државјанство не постаро од 6 месеци: еден оригинален документ; 11) Кратка биографија; 12) Список на објавени научни и стручни трудови; 13) По еден примерок од трудовите; 14) Еден примерок од магистерскиот труд; 15) Еден примерок од докторскиот труд.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, констатираме дека се доставени сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Искра Коровешовска** е родена на 3.10.1981 година во Скопје. Основно и средното образование завршува во Скопје, а во академската 1998/1999 година се запишува на Правен факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршува на 28.10.2004 година со просечна оценка 8.75, со што се стекнува со звање дипломиран новинар. По дипломирањето таа е вклучена како демонстратор на Правниот факултет на насоката Студиската програма по новинарство и оваа должност ја врши во периодот од октомври во учебната 2006/2007-2013/2014 по предметот Медиуми и општество. Во 2004 година се запишува на постдипломските студии на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје на отсекот Политичко-правни науки и комуникологија, насока Комуникологија. По положувањето на предвидените испити со просечна оценка 9.33 и изготвувањето на магистерскиот труд на тема *„Медиумите и презумцијата на невиност“*, д-р Искра Коровешовска истиот го брани на ден 23.2.2011 година. Во 2014/2015 година таа завршува Школа за јавни политики „Мајка Тереза“.

На 11.4.2019 година, на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ со одбрана на докторската дисертација на тема *„Комуникација на социјалните мрежи“* се стекнува со звање доктор на комуниколошки науки.

Во 2019 година, со Одлука на ННС на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, д-р Искра Коровешовска е избрана како надворешен соработник за изведување на практична настава со студентите по Медиумски студии и односи со јавноста за предметите: Вовед во новинарство, Пишување за печатените медиуми; Основи на комуникации, Радио и ТВ новинарство и др. Во април 2021 година, со Одлука на ННС на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип таа е избрана во насловен доцент на студиите за Медиуми и комуникации, за предметите во втор и трет семестар: Јавен говор и јавен настап и Онлајн медиуми. Во меѓувреме, не престанува да се надградува. Па, во периодот декември 2022 - декември 2025 г. таа ги завршува обуките на DCAF (Женевскиот институт за реформи во безбедносните служби) и се стекнува со сертификат за знаење на граѓански надзор врз тајните служби, и станува сертифициран тренер за извршување граѓански мониторинг врз безбедносните служби. На 3.3.2026 г., со Одлука на ННС на Правниот факултет при УГД - Штип, д-р Коровешовска е избрана во насловно звање насловен вонреден професор.

По завршувањето на високото образование, во ноември 2004 година се вработува во Скај нет ТВ, каде што како сопствен проект ја подготвува и уредува 30-минутната емисија *„Секојдневие»* во која се обработуваат приказни од социјалната и урбаната проблематика. Во периодот од 28.2.2006-13.2.2008 година таа работи во А1 ТВ како новинар во информативната редакција и асистент во лајф магазинот *„Чуму»* во организација на емисијата, подготвување на прилози, селекција на гости, а во вестите покрива настани, подготвува истражувачки стории, извештаи од прес-конференции и др. Во 2012 година е вклучена како новинар во лајф магазинот *„Ако е»* на уредникот и новинар Александар Чомовски. Своето професионално портфолио, д-р

Искра Коровешовска го надградува и во печатениот медиум „Дневник», како и во Алфа ТВ, каде што од септември 2019 година до јануари 2022 година е назначена за главен и одговорен уредник на истата. Во моментот таа е уредник и водител на една авторска емисија, како и дневен уредник на вестите на ТВ Алфа.

Освен во медиумите, д-р Искра Коровешовска активно се вклучува и во работата на неколку НВО каде што учествува во повеќе проекти како експерт за изработка и спроведување на комуникациска стратегија на проектите. Работи активно на полето обуки и тренинзи за комуникациски вештини, ангажирана преку државни институции и други проекти финансирани од странски донатори.

**Општи услови за избор:**

1) Просечен успех – додипломски студии 8,75 и постдипломски студии 9,33;

2) На 11.4.2019 година одбранет докторат на Правен факултет „Јустинијан Први“ на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ на тема „*Комуникацијата на социјалните мрежи“;*

3) На 23.2.2011 одбранет магистерски труд на Правен факултет „Јустинијан Први“ на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ на тема „*Медиумите и презумцијата на невиност»;*

4) Д-р Искра Коровешовска има објавено пет научни труда во научни списанија, годишни зборници или зборници од научни конференции, согласно со ЗВО во последните 5 (пет) години пред објавување на Конкурсот. Во табелите се презентирани трудовите;

5) Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик (доставена потврда);

6) Способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови**

*Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати*

Д-р Искра Коровешовска била дел од тим во научноистражувачки проекти што се реализирани од страна на истражувачки тим при Правен факултет во рамките на научноистражувачката програма на Универзитет „Гоце Делчев“: „*Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот регион на Република С. Македонија», „Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Западниот регион на Република С. Македонија», „Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Северниот и Јужниот регион на Република С. Македонија», „Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Република С. Македонија» (компаративна анализа).*

Работно искуство повеќе од 5 години: март 2012-октомври 2013 година, новинар во лајф магазинот „Ако е» на уредникот и новинар Александар Чомовски, МТВ; ноември 2014-јуни 2017 година - новинар за надворешна политика во дневниот весник „Дневник“; август 2017 година – новинар за внатрешна и надворешна политика во приватната национална ТВ Алфа; од септември 2019 до јануари 2022 година ја врши должноста главен и одговорен

уредник на приватната национална ТВ Алфа; од 2022 година до денес е уредник и водител на две авторски емисии, како и дневен уредник и водител на вестите во ТВ Алфа.

Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)= 7 или вкупно 75 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Имајќи го предвид нејзиното огромно познавање и работно искуство во сферата на медиумите, д-р Искра Коровешовска со Одлука на ННС на Правниот факултет на УГД во 2019 година беше избрана и ангажирана како стручно лице за изведување на практична настава со студентите од насоката Медиумски студии и односи со јавноста на повеќе предмети од новинарството, мас-медиумите и комуникологијата. Поради нејзиното несебично залагање и врвен професионализам во работата со студентите, д-р Коровешовска даде голем придонес во поврзувањето на теоријата и практиката на мас-медиумите, со што покажа дека поседува голем потенцијал за мотивирање и работа со студенти, а воедно стекна голем авторитет кај колегите и студентите.

Таа беше вклучена во изведувањето на вежбите на насоката Медиумски студии и односи со јавноста за следните предмети: Вовед во новинарството, 6 ЕКТС (2+2+1); Основи на комуникации, 8 ЕКТС (3+2+2), Пишување за печатените медиуми, 6 ЕКТС (2+2+1), Радио и ТВ новинарство, 6 ЕКТС (2+2+1), Онлајн медиуми, 6 ЕКТС (2+2+1) и др.

Заради ваквиот нејзин ангажман, професионалност и посветеност, д-р Коровешовска во април 2021 година, со Одлука на ННС на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, е избрана во насловен доцент на студиите за Медиуми и комуникации, за предметите во втор и трет семестар: Јавен говор и јавен настап 6 ЕКТС (2+2+1) и Онлајн медиуми 6 ЕКТС (2+2+1). Пет години подоцна, на 3.3.2026 година, со Одлука на ННС на Правниот факултет при УГД - Штип, д-р Коровешовска е избрана во насловно звање насловен вонреден професор.

***Евалуација на научните трудови***

| | *Автори* | *Наслов на трудот* | *Списание* | *Година на излегување* |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | ***Искра Коровешовска*** | *„The integrity of macedonian traditional media in comparison with online media: Peport on the tragic fire in Kochani“* | Proceedings of the Twelfth International Scientific Conference “Social Changes in the Global World”, Vol. 1 No. 12, Faculty of law, Goce Delcev University https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/en/article/view/7803 | *2025* |
| *2.* | ***Искра Коровешовска*** | *“Macedonian media and national interests: Promotion and protection in comparation with the region and Europe”* | 11th International Scientific Conference: “Social changes in the global world”, Vol. 11 No. 11, Faculty of law, Goce Delcev University https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/en/article/view/6842/5480 | *2024* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *3.* | ***Искра Коровешовска,*** *Јорданка Галева, Андон Мајхошев* | *"Media workers perception of freedom of expression in Republic of N. Macedonia"* | 10th International Scientific Conference: "Social changes in the global world", Vol. 2 No. 10, Faculty of law, Goce Delcev University<br><br>https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/en/article/view/6067/4970 | *2023* |
| *4.* | *Јорданка Галева,* ***Искра Коровешовска,*** *Андон Мајхошев* | *"Perception of freedom of expression of media workers in the Northern and Southern region of the Republic of N.Macedonia"* | 9th International Scientific Conference: "Social changes in the global world", Vol. 2 No. 9, Faculty of law, Goce Delcev University<br><br>https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/en/article/view/5313 | *2022* |
| *5.* | ***Искра Коровешовска,*** *Јорданка Галева, Андон Мајхошев, Јадранка Денкова* | *"Perception of freedom of expression of media workers in the Western region of the Republic of North Macedonia"* | 8th International Scientific Conference: "Social changes in the global world", Vol. 2 No. 8Faculty of law, Goce Delcev University<br><br>https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/en/article/view/4719/4222 | *2021* |

Д-р Искра Коровешовска во своите научни трудови е насочена кон истражувања од областа на мас-медиумите и комуникацијата, каде што во нејзините трудови се осврнува кон анализата на медиумите, а пред се кон: медиумскиот интегритет на традиционалните и онлајн медиумите, медиумската заштита на националните интереси, новинарството како политичка инструментализација и технолошка иновација; саморегулација на медиумите; слободата на изразување и др.

Ги има објавено следниве научни трудови:

1) "Perception of freedom of expression of media workers in the Western region of the Republic of North Macedonia"; Proceedings of the Eighth International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", Vol. 2 No. 8, 2021.

2) "Perception of freedom of expression of media workers in the Northern and Southern region of the Republic of N.Macedonia"; Proceedings of the Ninth International Scientific Conference Social Changes in the Global World / Media and communications, Vol. 2 No. 9, 2022.

3) "Media workers perception of freedom of expression in Republic of N. Macedonia";: Proceedings of the Tenth International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", Vol. 2 No. 10, 2023.

4) "Macedonian media and national interests: Promotion and protection in comparation with the region and Europe"; Proceedings of the Eleventh International Scientific Conference "Social Changes in the Global World" /Media and communications, Vol. 11 No. 11, 2024.

5) „The integrity of macedonian traditional media in comparison with online media: Report on the tragic fire in Kochani"; Proceedings of the Twelfth International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", Vol. 1 No. 12, 2025.

***Кратка евалуација на секој труд поединечно***

1) **“Perception of freedom of expression of media workers in the Western region of the Republic of North Macedonia”; Proceedings of the Eighth International Scientific Conference “Social Changes in the Global World”, Vol. 2 No. 8, 2021**

Со цел да се добијат конкретни резултати во однос на имплементацијата на правата на слобода на изразување и на говор, како и слобода на информирање, во трудот авторката ја анализира перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразување, степенот на цензура и самоцензура на медиумските работници, а со крајна цел да се откријат кои се причините кои влијаат на ограничувањето на тоа право. Истражувањето, кое е направено преку анкета, се водеше од основното прашање „Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слобода на изразување во македонската држава?“ и опфаќа медиумски работници вработени во медиумите во северниот и јужниот регион на Република С. Македонија

**2) “Perception of freedom of expression of media workers in the Northern and Southern region of the Republic of N.Macedonia”; Proceedings of the Ninth International Scientific Conference “Social Changes in the Global World”, Vol. 2 No. 9, 2022**

Во трудот авторката ја анализира перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразување, степенот на цензура и самоцензура на медиумските работници, а со крајна цел да се откријат кои се причините кои влијаат на ограничувањето на тоа право. Истражувањето, кое е направено преку анкета, се води од основното прашање „Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слобода на изразување во Република Македонија?“, а опфатени се медиумски работници вработени во медиумите во северниот и јужниот регион на Република С. Македонија.

***3)* ”Media workers perception of freedom of expression in Pepublic of N. Macedonia”, Proceedings of the Tenth International Scientific Conference “Social Changes in the Global World”, Vol. 2 No. 10, 2023**

Предмет на овој труд е перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразување, степенот на цензура и самоцензура во Република С. Македонија. Тргнувајќи од основното човеково право, односно слобода на изразување содржано во меѓународните и националните документи, целта на ова истражување е да се види колку ова право го остваруваат медиумските работници и дали постојат причини за негово ограничување во пракса. Анализата направена преку компарација на добиени резултати од три истражувања кои ги опфаќаат Северниот, Јужниот, Источниот и Западниот Регион во С. Македонија, даваат одговор на прашањето – „Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слобода на изразување во Република С. Македонија?“

**4) “Macedonian media and national interests: Promotion and protection in comparation with the region and Europe”; Proceedings of the Eleventh International Scientific Conference “Social Changes in the Global World”, Vol. 11 No. 11, 2024**

Овој труд е посветен на улогата на медиумите во заштита на националните интереси на македонската држава и потребата од носење

на медиумска стратегија во тој правец. Улогата на медиумите во секоја држава е клучна за промоција и поддршка на институционалните агенди, во насока на штитење на националните интереси. Во објаснувањето на тезата на трудот авторката нагласува дека нашата држава, од осамостојувањето до денес, најмногу во изминатите десетина години, мина низ период на сериозни предизвици, како промената на уставното име, оспорувањето на македонскиот јазик и македонската историја. Токму затоа таа, преку темелна анализа на улогата и начинот на известување на македонските медиуми во гореспоменатите процеси, ја објаснува потребата од креирање на посебна медиумска стратегија за заштита на македонските национални интереси, иницирана и подготвена од медиумите. Коровешовска прави компаративната анализа со земјите во регионот од поранешните југословенски републики и пошироко, на истата тема, овој труд покажува дека стратешкото известување на новинарите во клучни моменти е силен штит за државата.

**5) „The integrity of macedonian traditional media in comparison with online media: Report on the tragic fire in Kochani“, Proceedings of the Twelfth International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", Vol. 1 No. 12, 2025**

Тема на овој труд е анализата на интегритетот на традиционалните медиуми во споредба со онлајн медиумите во Република С. Македонија, со фокус на клучните предизвици, предности и слабости на секој од овие медиумски сегменти, кога известуваат за кризни состојби. Во светот, ова се уште е актуелна дебата, заклучува авторката, бидејќи во состојба сме на постојано дигитализирање и глобализација на информациите, заради што традиционалните медиуми, како што се телевизијата, радиото и печатените медиуми, се соочуваат со нови извори на конкуренција и нови етички дилеми, предизвикани од појавата на онлајн медиумите и социјалните мрежи. Затоа во конкретниот труд таа детално, квалитативно и квантитативно анализира, но и илустрира преку начинот на известување од една страна, на традиционалните, а од друга на онлајн медиумите во земјава, во два клучни дена: 16 март 2025 година, кога се случи пожарот во т.н. кабаре „Пулс“ во Кочани и 20 март 2025 година - денот на погребувањето на жртвите. Онлајн медиумите, со својата брзина, достапност и интерактивност, понекогаш го нарушуваат концептот на новинарскиот интегритет, додека традиционалните медиуми во многу случаи го задржуваат високото ниво на проверка на фактите и професионалните стандарди. Но, како да се изборат на медиумскиот пазар, наспроти брзината и маркетинг битката на онлајн медиумите е прашањето на кое авторката нуди одговор во заклучокот од трудот.

***Завршна евалуација на наставно - педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност Рецензентската комисија констатира дека д-р Искра Коровешовска е научник и истражувач од областа на мас-медиумите и комуникологијата која со исклучителна стручност, професионалност и посветеност пристапува кон професијата. Таа дава значаен придонес во образовната и научната мисла од именуваната област, што се докажа изминатите години додека таа е насловен доцент, а потоа избрана во насловен вонреден професор. Нејзините

трудови се осврнуваат кон анализа на слободата на медиумите, слободата на изразување, комуникацијата на социјалните мрежи, саморегулацијата, медиумскиот интегритет, медиумските стратегии и др. Учествувала на повеќе научни собири и работилници, во земјава и во странство, со трудови, усни презентации од каде што се стекнала со бројни сертификати. Во целокупниот истражувачки период има објавено 9 трудови (5 во периодот од последни пет години пред објавата на Конкурсот). Исто така, д-р Искра Коровешовска била дел од тим во научноистражувачкот проект „Перцепцијата за слободата на изразување на медиумските работници од јужниот и северниот регион на Република С. Македонија“ спроведен во периодот мај-јуни 2022 година, и реализиран при Правниот факултет, во рамките на научноистражувачката програма на Универзитет „Гоце Делчев“. Во 2023 година работела како истражувач во рамките на проектот „Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Република С. Македонија (компаративна анализа)", реализиран исто така при Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Од научноистражувачките проекти објавени се и презентирани научноистражувачки труд на деветтата и десеттата Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, одржани во 2022 и 2023 година, во организација на Правниот факултет во Штип.

Во рамките на образовните активности учествува и во изведување на практична настава по предметите: Јавен настап и јавен говор и Онлајн медиуми и Радио и ТВ новинарство, каде што со својот метод на работа постигна висок степен на мотивација на студентите и учество во радио и ТВ емисии во рамките на Студентското радио и Телевизија и Центарот за односи со јавноста на Универзитетот „Гоце Делчев» - Штип, а овозможува реализација на практична настава на студентите во ТВ Алфа. Д-р Коровешовска учествува на пет последователни меѓународни научни конференции „Општествени промени во глобалниот свет“, одржани на Правниот факултет при УГД-Штип, на панел дискусиите „Медиуми и комуникации“ и тоа на дванаесеттата одржана на 25.9.2025 г., единаесеттата на 19-20.9.2024 г., потоа десеттата на 28-29.9.2023 г., деветтата на 1-2.9.2022 г. и осмата одржана на 2.9.2021 година, со усно презентирање на научни трудови претставени во горенаведената табела „Евалуација на научните трудови“.

Во рамките на научноистражувачката дејност, во периодот 2021 до 2025 година д-р Коровешовска има реализирано три студиски посети во странство, преку кои, со стекнување на искуство и знаење, придонесува во промените за подобар квалитет на студиската програма во Штип. Едната е во Берлин, 5-7 септември 2023 година: „DCAF Study visit on the Role of Civil Society Organizations and the Media in Security Sector Governance and Oversight“, по покана на Женевскиот институт за реформи во безбедносниот сектор. Следната 2024 година заминува во Брисел од 21-23 мај, со учество на „Interactive exchange and state of play on important developments in the EU, in the EU – North Macedonia relations“, со посебен аспект на средби и панел дискусии со новинарите, комуникацискиот тим и односите со јавност на Европскиот парламент. Последната во конкретниот период (5 години во периодот до овој избор) е во Израел, 26-30 мај 2025 година: студиска посета на покана на израелското Министерство за надворешни работи, но и посета на неколку важни институции, меѓу кои и Универзитетот во Тел Авив.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Искра Коровешовска ги има реализирано следниве стручни и организациско-развојни активности: била член во истражувачки тим на 4 научноистражувачки проекти, и тоа: *„Слободата на изразување на медиумските работници во Источниот регион на Република С. Македонија" (2020),"Perception of freedom of expression of media workers in the Western region of the Republic of North Macedonia" (2021), "Perception of freedom of expression of media workers in the Northern and Southern region of the Republic of N.Macedonia" (2022), «Media workers perception of freedom of expression in Republic of N. Macedonia» (2023)* во рамките на Програмата за научноистражувачки проекти при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Била демонстратор по предметот Медиуми и општество на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, од октомври 2006/2007 до 2013/2014 г. Во 2019 година, со Одлука на ННС на Правен факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" е избрана како експерт за изведување на практична настава на повеќе предмети од областа на медиумите и комуникологијата. Во април 2021 година, со Одлука на ННС на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип таа е избрана во насловен доцент на студиите за Медиуми и комуникации, за предметите во втор и трет семестар: Јавен говор и јавен настап и Онлајн медиуми.

Била ангажирана како јуниор експерт за изработка и спроведување на комуникациска стратегија на проектот *„Поддршка и имплементација на Стратегијата за Ромите»* (мај 2011-јули 2012 година). Исто така, д-р Искра Коровешовска била вклучена како јуниор експерт за комуникации во проектот „Поттикнување на социјална инклузија на ранливи групи на пазарот на труд» (март 2012-октомври 2012). Исто така, таа активно била вклучена како консултант за комуникации на следните проекти: *„Поддршка за вклучување на жените Ромки и жените од другите етнички заедници на пазарот на труд»* (јули-декември 2016) и *„Економско зајакнување и поддршка при вработување на самохраните мајки»* (ноември 2016-април 2017), а учествувала во изработката на стратегијата за комуникации за потребите на Националната федерација на фармери (август 2018-октомври 2018). Од 2022 година и се уште, таа е ангажирана како обучувач за јавен настап, јавен говор, вештини на комуникација. Има одржано пленарно, стручно предавање на тема „Вештини на деловно и кризно комуницирање", на 9 август 2024 г., пред неколку извршни директори и раководители во групацијата Maliqui Group, во Приштина, Косово, како и претходно, 23 јули 2024 година, стручно предавање по покана на истата групација, но овој пат пред извршните директори и раководни структури во Скопје. На 20 октомври 2024 година, по покана на Школата за јавни политики „Мајка Тереза" има одржано стручно предавање пред нивните студенти и алумни на тема „Македонските медиуми и заштитата на националните интереси: компаративна анализа со регионот и Европа". На 30 јуни 2025 г. по покана на Светска банка, Невладината организација „САНО" и Министерството за образование и наука, д-р Коровешовска одржа стручно предавање на тема „Развој на комуникациски вештини за работа на наставникот со ученик на подолго отсуство заради лекување", пред 60 наставници од 50-тина македонски основни училишта.

Во 2023 година Македонската асоцијација на новинари (МАН) на д-р Искра Коровешовска и доделува ПРИЗНАНИЕ за „Автентичност и самостојност во ТВ новинарството“. Таа, исто така, е именувана со Одлука бр. 1102-60/6 од 2.4.2025 година донесена на 273. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 1.4.2025 година, за член на Рецензентска комисија за избор на д-р Маја Блажевска-Евросимоска во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област комуникации и мас-медиуми (5.08.00.05) на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше доставена, предвидена во Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област масовни комуникации (5.08.00.05), објавен на 21.4.2026 година во дневните весници „Вечер“ и „Коха“, и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Искра Коровешовска. Воедно, Комисијата констатира дека кандидатката д-р Искра Коровешовска ги доставила сите потребни документи и дека ги исполнува условите за пријавување на Конкурсот.

По прегледот на документацијата и податоците, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Искра Коровешовска:

- во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор на наставник;
- има континуирано научно напредување и позитивни научноистражувачки резултати во доменот на комуникациите и масовните медиуми;
- научните и стручни трудови и публикации од областа на комуникациите и мас-медиумите, чиј автор е кандидатката, покрај научно, стручно и теоретско, имаат и апликативно значење;
- преку учеството на меѓународни и домашни научни конференции, научни собири, советувања, работилници и семинари, кандидатката д-р Искра Коровешовска континуирано придонесува за развојот на областа на комуникациите и мас-медиумите. Исто така, кандидатката постојано и со голем успех ги надградува своите теоретски познавања од областа на комуникациите и мас-медиумите и истите успешно им ги пренесува на студентите во рамки на наставните процеси и менторската работа;
- има вкупно 131,5 поени (последните 5 години) согласно со табелата на активности кои се бодуваат при избор во звање, со што ги исполнува условите предвидени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатката д-р Искра Коровешовска во целост ги задоволува образовните, научните и стручните критериуми, како и законските услови и условите предвидени со постојните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за избор во наставник во сите звања.

Со оглед на тоа, членовите на Комисијата едногласно и со задоволство му предлагаат на **Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да ја избере д-р Искра Коровешовска за наставник во звање вонреден професор на наставно-научната област масовни комуникации.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Андон Мајхошев, претседател, с.р.
Проф. д-р Јорданка Галева, член, с.р.
Проф. д-р Страшко Стојановски, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 5. | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | ВКУПНО | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) – последните пет години меѓу двата избори | 5 (наведени во табела „Евалуација на научните трудови“) | 4x9=36<br>1X6=6 | | | 42 |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава или во странство | 5 (усно презентирање на реферати на 5 последователни меѓународни научни конференции „Општествени промени во глобалниот свет“, одржани на Правниот факултет при УГД-Штип, на панел дискусиите „Медиуми и комуникации“ и тоа на 12-тата одржана на 25.9.2025, 11-тата на 19-20.9. 2024, потоа 10-тата на 28-29.9.2023, 9-тата на 1-2.9.2022 и осмата одржана на 2.9.2021 година) | 1,5<br>(5x1,5=7,5) | | | 7,5 |
| **14.** | Учесник во научен проект | **1** (истражување спроведено во мај 2022: „Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во северниот и јужниот регион на Република С.Македонија“) | 2<br>(1x2=2) | | | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **23.** | Студиски престој во странство | **3. Берлин,** 5-7 септември 2023 година: „DCAF Study visit on the Role of Civil Society Organizations and the Media in Security Sector Governance and Oversight“<br>2. **Брисел** 21-23 мај 2024: „Interactive exchange and state of play on important developments in the EU, in the EU – North Macedonia relations“<br>3. **Израел** 26-30 мај 2025 година: Студиска посета на покана на израелското Министерство за надворешни работи, посета на неколку важни институции, меѓу кои и универзитетот во Тел Авив) | 8<br>(3x8=24) | | | 24 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **75,5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **7.** | Пленарно предавање на стручен собир | **3** „Вештини на деловно и кризно комуницирање“, на 23 јули 2024 година, по покана на групација Maliqui Group)<br><br>(1. На 20. 11. 2024, по покана на Школата за јавни политики „Мајка Тереза“, тема „Македонските медиуми и заштитата на националните интереси: компаративна анализа со регионот и Европа“)<br><br>(2. На 30 јуни 2025 г. по покана на Светска банка, САНО и МОН, тема „Развој на комуникациски вештини за работа на наставникот со ученик на подолго отсуство заради лекување“) | 2<br>(3x2=6) | 1<br><br>(„Вештини на деловно и кризно комуницирање“, на 9 август 2024 г., во Приштина, Косово) | 4<br>(1x4=4) | **10** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **19.** | Стручни награди и признанија | **1** (Скопје, 2023 година, признание од Македонска асоцијација на новинари за „Автентичност и самостојност во ТВ новинарството“) | 4 (1x4=4) | | | **4** |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија | **1** (член на рецензентска комисија за избор на д-р Маја Блажевска Евросимоска за насловен доцент на Правен факултет, формирана со Одлука на 2.4.2025 г.) | 2 (1x2=2) | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **16** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **131,5** |

## Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (6.04.00.05) МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1402-51/7 од 5.5.2026 година, донесена на 152. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 5.5.2026 година, а врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, донесена на 7.4.2026 година, арх.бр. 1402-49/9, врз основа на Барање за поведување на постапка за избор во звање од 7.4.2026 година, арх.бр. 0801-2/2, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научната област *(6.04.00.05) музички уметности и науки* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **проф. м-р Сашо Поповски**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- **проф. м-р Антонијо Китановски**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- **проф. д-р Ангеле Михајловски,** редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

На Конкурсот објавен во дневните весници „Вечер“ и „Коха“ на 21.4.2026 година, за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област (6.04.00.05) музички уметности и науки во предвидениот рок се пријавија кандидатите:

- насл. вонр. проф. м-р Дејан Лазаревски - магистер по музички уметности (интерпретација на гитара);
- насл. вонр. проф. м-р Ивана Јанков - магистер по теорија на музика и музичка педагогија.

По разгледување на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека првиот кандидат ги исполнува пропишаните услови, а вториот кандидат не ги исполнува во целост пропишаните услови, според утврдената потреба за наставник за дисциплината видови на инструмент – гитара, по што го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**М-р Дејан Лазаревски** е роден на 15 мај 1986 година. Средно музичко училиште завршува во музичкото училиште ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ - Штип. Дипломира класична гитара на ФМУ - Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, започнувајќи ги студиите под менторство на проф. Војислав Ивановиќ, а дипломира под менторство на проф. Тања Јанкова, со просек 8.90, со назив дипломиран гитарист. На истата институција магистрира на Одделот за класична гитара во 2012 година, со

просек 9.50 и се стекнува со диплома со назив - магистер по музички уметности (интерпретација на класична гитара), исто така под менторство на проф. Тања Јанкова.

Во текот на своето образование учествува на повеќе работилници и семинари одржани од страна на повеќе еминентни професори од светски ранг, како што се: Вера Огризовиќ, Костас Котсиолис, Герхард Рајхенбах, Бошко Радојковиќ и други. Уште за време на студиите како наставник по гитара почнува да предава хонорарно во музичкото училиште ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“ Скопје. По дипломирањето се вработува како професор по гитара во музичкото училиште „Стефан Гајдов“ - Велес и паралелно работи во музичкото училиште ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“ - Скопје. Во 2009 година се вработува во музичкото училиште ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ - Штип, како професор по гитара, каде се уште работи и е координатор на Одделот за жичени инструменти.

Од 2018 година е ангажиран како наставник на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип по наставниот предмет - Гитара.

На 18.7.2018 година е избран за наставник со насловно звање насловен доцент за наставно-научната област видови на инструменти - класична гитара на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

На 11.4.2023 година е избран за наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област видови на инструменти - класична гитара на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

За потребите на наставата има објавено рецензирана скрипта во електронска верзија и практикум со вежби по предметот Класична гитара. http://e-lib.ugd.edu.mk/1057

Во текот на своето образование м-р Дејан Лазаревски учествувал на многу државни и меѓународни натпревари, каде што освојува високи награди.

Во последните пет години има реализирано бројни солистички и камерни концерти, како во државата, така и надвор од неа. Како член на Дуо кларинет и гитара и Дуо гитари. Научна посета и концерт на гитара во Норвешка. Комисии на натпревари за гитара, како и организирање на нив, учество ворганизациски одбори на фестивали.

Лазаревски е активен член на Сојуз на музички уметници на Македонија (СМУМ) од 2026 година, каде што активно учествува во работата и активностите на здружението, придонесувајќи кон развојот на музичката уметност, музичката педагогија и културниот живот во Република Северна Македонија.

Како долгогодишен наставник по класична гитара и музички педагог, тој преку своето членство во СМУМ остварува професионална соработка со истакнати музички уметници, педагози и институции, со цел унапредување на уметничките и образовните стандарди во областа на музиката. Неговата професионална активност е насочена кон афирмација на класичната гитара, поддршка на младите таленти и активно учество во културни и едукативни проекти.

Во рамките на својата дејност, Дејан Лазаревски учествува и поддржува различни концерти, семинари, натпревари, уметнички средби и други музички манифестации кои придонесуваат за развој и промоција на македонската

музичка сцена. Неговото учество во организацијата претставува потврда за неговата професионална ангажираност, континуирана работа и посветеност кон музичката уметност и образованието. Со своето активно делување, тој придонесува кон зачувување и развој на музичката култура, како и кон промоција на вредностите на професионалното музичко творештво и педагогија во државата и пошироко.

Лазаревски, исто така, бил и член на жири-комисии на интернационални, државни, регионални и општински натпревари, како член на комисија во Здружението на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Македонија, Меѓународен фестивал со натпреварувачки карактер на млади музичари ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ - Штип, Интернационален натпревар „Winter Music Competition”, Здружение на музичките педагози на Р. Македонија, Интернационален фестивал „Тремоло”, Здружение на гитаристи „Бастет“ - Скопје. Активно учествува и во проектот Music Entertaiment - Француска продукциска куќа, во рамките на МРТВ со проф. Тања Јанкова.

Како солист и камерен музичар Лазаревски настапувал на повеќе концерти, а дел од нив се: во квартет состав во 2023 год. настапувал во Македонска филхармонија - Камерна сала - Скопје, Концерт во Офицерски дом - Битола, Концерт на Штипско културно лето во УГ „Безистен” - Штип.

Концерт на „Гитар фест“ - Крушево, Дуо класична гитара со женскиот младински хор „Менада“ 2024, Спомен куќа - Тодор Проески. Концерт на Дуо „Милонга“ 2025 - ОУ Дом на култура „Ацо Караманов“ - Радовиш, ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков“ - Свети Николе, „Безистен“ - Штип; „Лешочки камерен музички фестивал“, во состав дуо класична гитара 2025.

Солистички концерти на ШКЛ 2025 - „Безистен“, во НУЦК „Никола Јонков Вапцаров” - Делчево во 2023 и 2025 г., Ликовен салон во Велес и ОУК „Дом на млади“ - Штип во 2021 година; Солистички концерт во НУЦК „Ацо Шопов” - Штип, 2022, 2024 година; камерни концерти, дуо гитара со Горан Тонев во НУЦК „Антон Панов“ - Струмица и ОУК „Дом на млади“ - Штип во 2021 година.

Настапувал како солист и на Интернационалниот фестивал за гитара „Тремоло“, КИЦ „Салон 19:19“ - Скопје во 2017 година. Тој исто така има настапувано и со камерниот состав „Класична гитара и кларинет“ со Иле Колев на „Штипско културно лето“ во 2014 година, во Ликовниот салон – Велес во 2015 година, „Радовишко културно лето“ во 2013 година. Како член на камерниот состав „Дуо гитари“ со Виктор Пешчеров има настапувано на „Skopje Guitar Festival” во Скопје, во Сала „Фросина“ при МКЦ во 2015 година, како и концерт во „Horten Kulturskole” во Хортен, Норвешка, во 2022 година.

Во текот на своето образование м-р Дејан Лазаревски учествувал на многу државни и меѓународни натпревари, каде што освојува високи награди со неговите ученици. Неговите ученици учествувале на државни и меѓународни натпревари, како Интернационалниот фестивал „Тремоло“ – Скопје; Војводина гитар фестивал - Нови Сад, Србија; Naissus Gutar festival - Ниш, Србија; Меѓународен музички фестивал - Аранѓеловац, Србија. Државните натпревари на Здружението на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Република Северна Македонија, „Хармонија - МБ“ во Скопје, Битола, „Полихимнија - МБ“ - Скопје, Меѓународен фестивал „Арт ин“ - Кавадарци, Меѓународен фестивал со натпреварувачки карактер на млади музичари ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ - Штип.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во сите звања по стручно-уметнички предмети согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип:**

**Општи услови за избор**

1. Научен степен - магистер од соодветната област за која се избира:

Кандидатот стекнува степен магистер по музички уметности на Одделот за класична гитара, во 2012 година, со просек 9.50 на Факултет за музичка уметност при Универизитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

Кандидатот стекнува диплома од прв циклус студии – дипломиран гитарист (класична гитара) во 2009 година, на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со просек 8.90.

2. Признати уметнички и стручни претставувања, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава.

Во периодот од 2022 до 2026 година, кандидатот Дејан Лазаревски, како изведувач на класична гитара бележи 20 целовечерни концерти, од кои пет солистички, 15 камерни концерти, како и учество во жири-комисија за класична гитара на 18 државни и меѓународни натпревари. Член на комисија за стручен-практичен испит од приемниот испит за запишување на ученици, ментор на дипломски трудови, претседател и член на комисии за полагање дипломски, магистерски трудови, рецензент, член на одбор на фестивал.

Во приложената документација се наоѓаат докази за остварени концерти, а во табелата се издвоени 6 концертни изведби значајни за афирмација на културата преку класичната гитара (во земјава и странство).

3. Претходен избор во областа во која се избира:

- насловен вонреден професор на 11.4.2023 година;
- насловен доцент на 18.7.2018 година.

**Посебни услови за избор:**

1. Успех од најмалку 8 како просечна вредност на студиите на прв и втор циклус или успех од најмалку 8 како просечна вредност на интегрирани студии:

– просечен успех од втор циклус студии 9.50;
– просечен успех од прв циклус студии 8.90.

2. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници:

Кандидатот м-р Дејан Лазаревски дал придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници; неговите студенти тоа веќе го докажале преку нивните ангажмани, а тој преку неговата ангажираност. Има издадено најмалку една рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област и практикум со вежби од истиот предмет.

Со неговиот придонес за оспособување на помлади наставници и соработници како ментор се истакнува преку неговата примарна дејност воспитувањето и образувањето преку неговата стручност во класичната гитара.

Насловниот вонреден професор м-р Дејан Лазаревски своето големо искуство во неговата стручност го докажува и преку неговите менторирања на четири дипломски труда од областа на класичната гитара, како член во седум комисии за полагање на дипломски работи, како член на една комисија за полагање на магистерски труд и како член во рецензентска комисија при Музичката академија. Изведува практична настава по предметот Гитара, со цел неговите млади студенти да умеат да го применат неговото знаење. Организира и реализира јавни часови на студентите кои го изучуваат предметот Гитара.

Има реализирано учебно помагало, скрипта, т.е. практикум со вежби https://e-lib.ugd.edu.mk/1057# Има посебен значаен придонес во педагошката дејност.

3. Покажал способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност:

Кандидатот м-р Дејан Лазаревски покажал умешност и стручност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност: умешност во изведувањето на настава на додипломските студии на Вокално-инструменталниот оддел (Гитара) при Музичката академија во Штип, по Гитара. Со студентите активно учествува со јавни настапи - концерти, ги раководи нивните учества на семинари и сите активности поврзани со наставата.

4. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива (НО) = 40; (НИ-СУ) = 108; (САОР) = 94 или вкупно 242 поени.

2. Кандидатот има приложено потврда за познавање на најмалку еден странски јазик. Во документацијата се наоѓа потврдата за познавање на англиски јазик.

| **Бр.** | **Изведувач** | **Вид на концерт** | **Место на изведба на концертот** | **Датум на изведба на концертот** | **Репозиториум** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дејан Лазаревски | Целовечерен концерт | НУЦК „Ацо Шопов“ - Штип | 14.5.2024 | https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35113 |
| 2. | Дејан Лазаревски | Целовечерен концерт | УГ „Безистен” Штип | 17.7.2025 | https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36994 |
| 3. | Дејан Лазаревски | Целовечерен концерт | НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ -Делчево | 23.5.2025 | https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36996 |
| 4. | Дејан Лазаревски со Давид Костов, Александра Кировска и Георги Трајков | Целовечерен концерт | Македонска филхармонија - Скопје | 11.4.2023 | https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32853 |
| 5. | Дејан Лазаревски со Горан Тонев и женски младински хор - Менада | Целовечерен Концерт | XV P.S.Guitar Fest-Крушево | 1.6.2024 | https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35124 |
| 6. | Дејан Лазаревски и Виктор Пешчеров | Целовечерен концерт | Хортен-Норвешка, Horten Kulturskule Storgata 37,3182 | 3.4.2022 | https://eprints.ugd.edu.mk/30863/ |

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот како реномиран уметник и професор по гитара почнува да предава 2008 година во музичкото училиште ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј" Скопје. Потоа се вработува како професор по гитара во музичкото училиште „Стефан Гајдов" - Велес и паралелно работи во музичкото училиште ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј" Скопје. Во 2009 година се вработува во музичкото училиште ДМУЦ „Сергеј Михајлов" - Штип, како професор по гитара, каде работи и денес, и е координатор на одделот за жичени инструменти.

1. 18.7.2018 година е избран за наставник со насловно звање - насловен доцент за наставно-научната област видови на инструменти - класична гитара на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, каде што изведува настава по предметот Гитара (1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8) од 2018 година, па се до денес.
2. На 11.4.2023 г. Одлука за избор за наставник во насловно звање - насловен вонреден професор за наставно-научната област видови на инструменти - класична гитара на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Активен член на Сојуз на музички уметници на Македонија (СМУМ) од 2026 година.

Со неговото високо ниво на стручност во реализацијата на наставата се истакнува и се стреми кон нови иновативни методи преку различен методски пристап и практики. Неговото стручно и уметничко искуство говорат за неговата умешност, а бројните концерти се дополнителен доказ.

За неговата иновативност и успешност во наставата говори и неговата издадена рецензирана скрипта – Практикум со вежби - „Технички вежби за класична гитара" - проф. м-р Дејан Лазаревски, Штип, Универзитет „Гоце Делчев", Факултет за музичка уметност 2022. ISBN: 978-608-244-886-2 78.087.5:780.614.131(035)

Скриптата е прикачена во е-библиотека на УГД, на адреса https://e-lib.ugd.edu.mk/1057#

**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**

Од доставената документација, во периодот до Конкурсот, м-р Дејан Лазаревски ги има остварено следниве уметнички активности:

**Музички настап на официјален концерт во последните пет години:**

1. 30.6.2025, Целовечерен камерен концерт Дејан Лазаревски - гитара и Александра Кировска – гитара, УГ „Безистен» – Штип, 2025 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37015
2. 25.6.2025, Целовечерен камерен концерт Дејан Лазаревски - гитара и Александра Кировска – гитара, ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков» - Свети Николе, 2025 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37014
3. 26.6.2025, Целовечерен камерен концерт на Дејан Лазаревски - гитара и Александра Кировска – гитара, ОУЦК „Ацо Караманов» – Радовиш, 2025 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37013
4. 23.5.09.2025, Целовечерен солистички концерт на Дејан Лазаревски, НУЦК „Никола Јонков Вапцаров» – Делчево, 2025 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36996

5. 17.7.2025, Целовечерен солистички концерт на Дејан Лазаревски, Штипско културно лето 2025, УГ „Безистен» – Штип https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36994
6. 30.9.2024, Целовечерен концерт на класична гитара Дејан Лазаревски и Александра Кировска, Лешочки камерен музички фестивал, 2024 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35158
7. 1.6.2024, Целовечерен концерт на Дејан Лазаревски и Горан Тонев заедно со Женскиот младински хор Менада на - XV P.S.Guitar Fest Krushevo-2024 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35124
8. 14.5.2024, Целовечерен солистички концерт на Дејан Лазаревски, НУЦК „Ацо Шопов» – Штип, 2024. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35113
9. 30.6.2023, Целовечерен концерт на класична гитара, Дејан Лазаревски, Давид Костов, Александра Кировска, Георги Трајков, Штипско културно лето 2023, Штип, 2023 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32855
10. 27.5.2023, Целовечерен концерт на класична гитара, Дејан Лазаревски, Давид Костов, Александра Кировска, Георги Трајков, Офицерски дом – Битола, 2023 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32854
11. 11.4.2023, Целовечерен концерт на класична гитара, Дејан Лазаревски, Давид Костов, Александра Кировска, Георги Трајков, Македонска филхармонија – Скопје, 2023 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32853
12. 16.6.2023, Целовечерен солистички концерт на Дејан Лазаревски - гитара, НУЦК „Никола Јонков Вапцаров» – Делчево, 2023 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32852
13. 3.4.2022, Хортен-Норвешка, Horten Kulturskule Storgata 37,3182
Целовечерен концерт, Дејан Лазаревски – гитара и Виктор Пешчеров - гитара https://eprints.ugd.edu.mk/30863/
14. 25.5.2022, Штип, НУЦК „Ацо Шопов" - Штип,
Целовечерен солистички концерт, Дејан Лазаревски – гитара https://eprints.ugd.edu.mk/30677/
15. 29.6.2022, Струмица, НУЦК „Антон Панов" - Струмица,
Целовечерен концерт, Дејан Лазаревски – гитара и Горан Тонев - гитара https://eprints.ugd.edu.mk/30862/
16. 12.9.2022, Велес, „Ликовен салон“ - Велес
Целовечерен концерт, Дејан Лазаревски – гитара и Иле Колев – кларинет https://eprints.ugd.edu.mk/30861/
17. 14.9.2022, Штип, ОУК „Дом на млади" - Штип,
Целовечерен концерт, Дејан Лазаревски – гитара и Иле Колев – кларинет https://eprints.ugd.edu.mk/30859/
18. 15.9.2022, Штип, НУЦК „Ацо Шопов" - Штип,
Целовечерен концерт, Дејан Лазаревски – гитара и Иле Колев – кларинет (По повод свечено отворање на мала сала во НУЦК „Ацо Шопов" - Штип) https://eprints.ugd.edu.mk/30860/
19. 16.9.2022, Струмица , НУЦК „Антон Панов" - Струмица
Целовечерен концерт, Дејан Лазаревски – гитара и Иле Колев – кларинет https://eprints.ugd.edu.mk/30858/
20. 6.12.2022, Пробиштип, Дом на култура „Злетовски рудар" - Пробиштип
Целовечерен концерт, Дејан Лазаревски – гитара и Иле Колев – кларинет https://eprints.ugd.edu.mk/30868/

**Награди и признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди**

1. Диплома за придонес во педагошката активност, за откривање и развивање на млади таленти од Меѓународниот натпревар „Сергеј Михајлов“ – Штип, 2026.
2. Сертификат за придонес во педагошката активност, за откривање и развивање на млади таленти од Меѓународниот натпревар за класична музика „Арт ин“, Кавадарци, 2025.
3. Диплома за камерна музика за освоена специјална награда на XIII Меѓународен натпревар Република Северна Македонија, Кавадарци, 2025.
4. Диплома за значаен придонес во реализација на Меѓународниот фестивал „Полихимниа“ 2025, Скопје.
5. Пофалница за значаен придонес во реализирањето на државниот натпревар на млади музичари од средните музички училишта во Република Северна Македонија, Скопје 2024, наставник – ментор.
6. Диплома за придонес во педагошката активност, за откривање и развивање на млади таленти од Меѓународниот натпревар „Сергеј Михајлов“ – Штип, 2023.
7. Диплома за придонес во педагошката активност, за откривање и развивање на млади таленти од Меѓународен фестивал со натпреварувачки карактер на млади музичари ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ – Штип, 2022.

Одбранет магистерски труд
12.12.2011 Прв дел
Програма:
D.Scarlatti-Соната К213
M.M.Ponce - Соната романтика (I, II, III, IV став)
Isaac Albeniz-Torre Bermeja
N.Koshkin-Usher Waltz
R.Dyens-Fuoco
F.Tarrega-Carnival of Venice
18.6.2012 Втор дел
Програма:
Luigi Boccherini-Концерт во Е-Дур за гитара и оркестар (I, II, III,став)

**Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал**

4-13.5.2022 - 2023 Штип, Меѓународен фестивал со натпреварувачки карактер на млади музичари ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ - Штип

- Диплома за учество на натпреварот како член на организациски одбор.

https://eprints.ugd.edu.mk/30890/

**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**

1. 8.7.2024 г. Решение за член за Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област музички уметности и науки на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип за пријавениот кандидат м-р Софија Никоска.

2. 20.8.2024 г. Одлука за формирање на комисии (член) за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година, на прв циклус универзитетски студии во учебната (2022/2023; 2023/2024; 2024/2025; 2025/2026) година - Жичени инструменти, вонреден проф. м-р Дејан Лазаревски при Музичката академија на УГД - Штип.

3. 7.2.2023 г. Одлука за назначување на координатори на оддели - координатор на Одделот за жичени инструменти (2023-2027).

4. Ментор на одбрана на дипломски работи на студенти од Вокално-инструментален оддел, студиска програма Гитара на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип:

- април 2023 г., Тошо Јуца;
- мај 2023 г., Саша Спасовски;
- септември 2024 г., Александра Кировска;
- септември 2023 г., Горан Тонев.

5. Член во комисија за полагање на Завршен испит - Дипломски труд на студентите при Музичката академија на УГД – Штип.

- јуни 2023 г., Трајче Илов (ВИ оддел - студиска програма: Музичар изведувач - кларинет);
- јуни 2023г., Моника Стојкоска (ВИ оддел - студиска програма: Музичар изведувач - флејта);
- јуни 2023 г., Бојан Шапковски (ВИ оддел - студиска програма: Музичар изведувач - кларинет);
- јуни 2024 г., Лука Петешев (ВИ оддел - студиска програма: Соло пеење);
- септември 2025 г., Нина Крагуевска (ВИ оддел - студиска програма: Музичар изведувач - кларинет);
- октомври 2025 г., Даниел Ѓорѓиевски (ВИ оддел - студиска програма: Музичар изведувач - кларинет);

6. Член во комисија за полагање на завршен испит - Магистерски труд на студентот при Музичката акдемија на УГД „Гоце Делчев" – Штип;

- јуни 2023 г., Елена Ѓорѓиевски (ВИ оддел - студиска програма: Музичар изведувач - виолина);

7. Претседател на Комисија за полагање на завршен испит - Дипломски труд на студентите при Музичката акдемија на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;

- јуни 2025, Мартина Зекановиќ (ВИ оддел - студиска програма: Виола);

8. 10.4.2025 г. Решение за одредување на член на Комисија за стручен-практичен испит од приемниот испит за запишување на учениците во учебната 2025-2026 година во ДМУЦ „Сергеј Михајлов"- Штип;

9. 8.4.2025 г. Решение за именување на членови на Училишна комисија за запишување на ученици во прва година средно музичко училиште во учебната 2025-2026 година ДМУЦ „Сергеј Михајлов"- Штип;

10. 10.4.2023 г. Решение за одредување на член на Комисија за стручен-практичен испит од приемниот испит за запишување на учениците во учебната 2023-2024 година ДМУЦ „Сергеј Михајлов" - Штип;

11. 5.4.2023 г. Решение за именување на членови на Училишна комисија за запишување на ученици во прва година средно музичко училиште во учебната 2023-2024 година ДМУЦ „Сергеј Михајлов" - Штип;

12. Решение за одредување на член на Комисија за стручен-практичен испит од приемниот испит за запишување на учениците во учебната 2024-2025 година ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ – Штип;

13. Решение за именување на членови на Училишна комисија за запишување на ученици во прва година средно музичко училиште во учебната 2024-2025 година ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ – Штип.

**14. Член на жири-комисии**

**1.** 6, 7, 8 април 2026 г., 64-ти Државен натпревар за ученици во основно музичко образование

(Музички и балетски педагози на Северна Македонија).

Учество на натпреварот како член на жири-комисија

6, 7, 8 април 2026 г., 64-ти Регионален натпревар за ученици во основно музичко образование

(Музички и балетски педагози на Северна Македонија).

Учество на натпреварот како член на жири-комисија

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38347

6, 7, 8 април 2026 г., Фестивал за ученици во средно музичко образование.

Учество на натпреварот како член на жири-комисија

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38348

**2.** 16-17 мај 2025 г., Фестивал на музички и балетски таленти за основно и средно музичко образование 2025.

Учество на натпреварот како член на жири-комисија

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38373

**3.** 25-26 април 2024 г., 62. Државен натпревар за ученици во основно музичко училиште, Битола

- Општински натпревар за ученици во основно музичко училиште, Штип;
- Регионален натпревар за ученици во основно музичко училиште, Штип

(Музички и балетски педагози на Северна Македонија).

Учество на натпреварот како член на жири-комисија

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38375

**4.** 11-18.4.2024 г., Штип, Меѓународен фестивал со натпреварувачки карактер на млади музичари „Сергеј Михајлов“ – Штип.

Учество на натпреварот како член на жири-комисија

https://competition-sergejmihajlov.com/

**5.** Април 2024 г., Скопје, Државен натпревар на млади музичари 2024 од средните музички училишта во Република Северна Македонија, Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Република Северна Македонија, „Хармонија - МБ“.

Учество на општински натпревар како член на жири-комисија.

Април 2024 г., Скопје, Државен натпревар на млади музичари 2024 од средните музички училишта во Република Северна Македонија, Здружение на директори и наставници на музичките и балетските училишта на Република Северна Македонија, „Хармонија - МБ“.

Учество на регионален натпревар како член на жири-комисија.

Април 2024 г., Скопје, Државен натпревар на млади музичари 2024 од средните музички училишта во Република Северна Македонија, Здружение на

директори и наставници на музичките и балетските училишта на Република Северна Македонија, „Хармонија - МБ“.

Учество на државен натпревар како член на жири-комисија.

**6.** 1-18.5.2023 г., Штип, Меѓународен фестивал со натпреварувачки карактер на млади музичари „Сергеј Михајлов“ – Штип.

Учество на натпреварот како член на жири-комисија
https://competition-sergejmihajlov.com/

**7.** 17-18 мај 2023 г., 61. Државен натпревар за учениците од основното музичко училиште

- Општински натпревар за ученици во основно музичко училиште, Штип;
- Регионален натпревар за ученици во основно музичко училиште, Штип (Музички и балетски педагози на Северна Македонија).

Учество на натпреварот како член на жири-комисија
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38376

**8.** 18-19 мај 2022 г., Скопје, 60. Државен натпревар за учениците од основното музичко училиште

- Општински натпревар за ученици во основно музичко училиште, Штип;
- Регионален натпревар за ученици во основно музичко училиште, Штип
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38378

Во текот на извршувањето на оваа дејност Лазаревски покажа висок степен на професионалност и стручност, особено од областа на интерпретацијата – гитара, што се потврдува со неговиот магистерски труд, како и севкупната музичка дејност. Во однос на студентите кандидатот покажува флексибилност, разбирање и подготвеност за соработка, што покрај стручноста секако претставува исклучително важен елемент за ликот на еден професор.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 5 | **Избор во звање насловен вонреден професор** | 1x40 | 40 | | | **40** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 6 | **Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба.** Има севкупно 20 настапи, 19 целовечерни концерти, од кои 19 во земјава, 1 во странство. | 19x3 | 57 | 1x6 | 6 | **63** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | **Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал.** Диплома за учество на натпреварот како член на организациски одбор на Меѓународен фестивал со натпреварувачки карактер на млади музичари ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ - Штип 2022-2023 | 1x10 | 10 | | | **10** |
| 21 | **Награди - признанија за научно, уметнички постигнувања, сценско-музички изведби.** Дипломи за значаен придонес во педагошката активност, за откривање и развивање на млади таленти од Меѓународниот натпревар „Сергеј Михајлов“ -Штип; од Меѓународниот натпревар за класична музика „Арт ин“, Кавадарци; специјална награда на XIII Меѓународен натпревар Република Северна Македонија, Кавадарци; придонес во реализирањето на државниот натпревар на млади музичари од средните музички училишта во Република Северна Македонија, Скопје | 7x5 | 35 | | | **35** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **108** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Издаден учебник - книга, објавен во електронска библиотека при УГД | 1x10 | 10 | | | **10** |
| **25** | **Шеф на институт.** Координатор на жичен оддел | 1x4 | 4 | | | **4** |
| **28** | **Член на факултетски орган, комисија.** Член на рецензентска комисија 1, Член во комисии за одбрана на дипломски труд во улога на ментор 4, Член во комисии за одбрана на дипломски труд 6, Претседател на комисија за одбрана на дипломски труд 1, Член на комисија за одбрана на магистерски труд 1, Член на комисија за проверка на знаењата и умеењата за запишување студенти при УГД 4, Член во комисија за запишување на ученици во средно образование 2, Член на комисија за полагање стручен-практичен дел на ученици 2 ) | 1x2<br>4x2<br>6x2<br>1x2<br>1x2<br>4x2<br>3x2<br>3x2 | 2<br>8<br>12<br>2<br>2<br>8<br>6<br>6 | | | **46** |
| **29** | **Член на институтски орган, комисија (член во комисии; одбор)** Член во жири-комисии на натпревари | 18x2 | 36 | | | **36** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **94** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **242** |

***Биографски податоци***

**М-р Ивана Јанков** е родена во 1975 година во Бор, Р Србија. Своето музичко образование го започнува во основно музичко училиште „Д-р Милое Милоевиќ“ во Крагуевац, каде што го продолжува своето средно образование и матурира на теоретскиот оддел во 1994 година.

Во учебната 1994/1995 година кандидатката се запишува на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот на уметности во Белград, каде што дипломира на Катедрата за диригирање, во класа на ред. проф. м-р Даринка Матиќ-Маровиќ. Како дел од дипломскиот испит кандидатката го диригира вокално-инструменталното дело „Магнификат" од Ј.С. Бах. На 26.3.2001 година Ивана Јанков ги завршува студиите со просечна оценка 10 по главен предмет - Диригирање и просечна оценка на студиите 8.09, со што се стекнува со звање дипломиран диригент.

Во учебната 2010/2011 година се запишува на втор циклус студии на Одделот за теорија на музиката и музичката педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Магистерските студии ги завршува на 13.6.2013 година со трудот „Музичките изразни средства и нивните особености во вокалната кантата *Псалми* од композиторот Стојан Стојков, со просечна оценка на магистерски студии 9.00 и се стекнува со звање магистер по теорија на музика и музичка педагогија.

Работно искуство во реализирање на настава стекнува во Белград (Р Србија) во средното музичко училиште „Ватрослав Лисински" (2000/2002) и основното училиште „Стеван Сремац" (1998/2000). М-р Ивана Јанков од 2002 година е жител на Штип.

Од учебната 2011/2012 година кандидатката е ангажирана на Музичката академија при УГД, како лице кое помага во наставата, потоа како стручњак по практика. На 21.1.2016 г. се стекнува со насловно звање - доцент, а на 24.2.2021 г. се стекнува со насловно звање - вонреден професор и изведува настава по предметите: Хорско диригирање, Хорско пеење, Оркестар, Хорска литература и Свирење хорски партитури.

За потребите на наставата кандидатката Ивана Јанков издала рецензирана скрипта „Основи на хорско диригирање 1", која е објавена на е-библиотеката на УГД. Покрај тоа изработила и интерни скрипти по предметите Хорска литература и Свирење на хорски партитури. Кандидатката има зад себе менторство на 14 дипломски труда на Одделот за теорија на музиката и музичката педагогија/ насока Хорско диригирање на Музичката академија при УГД, Штип.

Како диригент работела со: „Градски хор", Штип (2014 - до денес), Хор при работилница на YEN (Youth of Europian Nationalities) (2014), Хор при Одделот за скандинавистика при Филолошкиот факултет на Универзитетот во Белград (2000- 2002), Младинскиот женски хор „Падинке", Белград (1998-2002), Академскиот камерен хор „Лицеум", Крагуевац - асистент на диригентот (1994-1997).

М-р Ивана Јанков во својата обемна диригентска дејност со хор и/или оркестар има одржано преку 30 самостојни, целовечерни концерти во земјава и во регионот. За потребите на ансамблите со кои работи, таа има оркестрирано и аранжирано повеќе дела од класичната, џез и популарната музика. За својата работата како диригент и промотор на уметничката музика кандидатката м-р Ивана Јанков има добиено повеќе награди и признанија, меѓу кои ќе ги издвоиме:

1. Признание за промоција и популаризација на хорската музика на првиот Божиќен хорски фестивал во Ќустендил, Р. Бугарија (2018);

2. Осмоноемвриско признание на Општина Штип за промовирање и афирмирање на Штип и културата на хорско пеење преку „Градски хор“, Штип (2017);

3. Лауреат на Божиќниот хорски фестивал - диригент на „Градски хор“, Штип (2018);

4. Арт-фестивал „Дојрана“ - 1. награда во категоријата: Оркестри, како диригент на камерниот оркестар на Музичката академија при УГД, Штип (2014).

М-р Ивана Јанков е организатор и уметнички директор на Фестивалот на камерни хорови и вокални ансамбли „АСТИБО-ФЕСТ“ - Штип, кој до сега имал осум изданија. Фестивалот стана еден од особено значајните белези на градот Штип и интензивно придонесува во промоцијата и популаризацијата на хорското пеење, потоа обединува настапи на повеќе репрезентативни хорови коишто го збогатуваат концертниот музички живот на градот Штип.

Освен концертната и педагошка дејност, кандидатката м-р Ивана Јанков развива и впечатлива публицистичка дејност преку издавањето на неколку книги, во кои се вбројува и монографијата посветена на хронолошкото проследување на хорската уметност во градот Штип.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор за стручно-уметнички предмети согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.**

**Општи услови за избор:**

1. Најмалку научен степен магистер од соодветната област:

Кандидатката стекнува степен магистер по теорија на музика и музичка педагогија во 2013 година со оценка 10 на Музичката академија на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, но не од соодветната област.

2. Признати уметнички и стручни претставувања, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава:

Во диригентската кариера Ивана Јанков бележи 27 целовечерни концерти (во најголем процент со хорови) и 56 настапи во земјава и Европа (Полска, Грција, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Албанија и Бугарија). Во периодот од 2021 до 2025 година, кандидатката Ивана Јанков како диригент реализира и 9 целовечерни концерти, 10 учества на концерти и манифестации во земјава и 6 во странство. Во приложената документација се наоѓаат докази за остварени концерти, а во табелата се издвоени 6 концертни изведби значајни за афирмација на културата на хорското пеење, промоција на македонско хорско творештво, како и џез и популарна македонска музика во аранжмани за мешан хор.

3. Претходен избор во областа во која се избира:

М-р Ивана Јанков е избрана во звање насловен вонреден професор на 24.2.2021 година за наставно-научните области диригирање и композиција и џез ансамбл на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, објавено во Билтен бр.270 од февруари 2021 година.

**Посебни услови за избор:**

1. Успех од најмалку 8 како просечна вредност на студиите на прв и втор циклус или успех од најмалку 8 како просечна вредност на интегрирани студии:

Просечен успех од прв и втор циклус студии 8,55

2. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници, - покажало способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност:

Насловен вонреден професор м-р Ивана Јанков бележи менторство на 31 дипломски труд од областа на хорско диригирање, од тоа во период од 2021 до 2025 г. - 17 менторства. Изведува практична настава по хорско диригирање во соработка со хорот на Музичката академија при УГД - Штип и со „Градски камерен хор АСТИБО“ – Штип, со цел младите диригенти/студенти да го применат знаење стекнато во текот на изучувањето на предметот Хорско диригирање. Студентите имаат можност да диригираат со хорот на пробите, но и на настапите во земјава и во странство, што претставува голем предизвик за младите диригенти, но ги оспособува за практичната работа со хорот, вклучувајќи ја и комуникација со публиката. М-р Јанков има организиран и Јавен час по хорско диригирање.

3. Покажало способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност:

Кандидатката м-р Ивана Јанков покажува способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност. За потребите на наставата кандидатката м-р Ивана Јанков има издадено рецензирана скрипта „Основи на хорско диригирање 1“ – проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска; м-р Ивана Јанков, Штип, Универзитет „Гоце Делчев“, Факултет за музичка уметност, 2014 ISSBN 978-608-244-013-2

78.071.2:781.68 (075.8) скриптата е поставена во е-библиотека на УГД, на адреса https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=274&ugd=1d3a28d1cfa7719edc39 74dbe6806336 Покрај тоа, Јанков има изработено интерни скрипти за предметите Хорска литература и Свирење на хорски партитури.

4. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива (НО) = 40; (НИ-СУ) = 94; (САОР) = 32 или вкупно 166 поени.

5. Кандидатката има приложено потврда за познавање на најмалку еден странски јазик. Во документацијата се наоѓа сертификат за познавање на англиски јазик на ниво А2;

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Место на одржување | Датум на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ивана Јанков - диригент | Концерт на „ГКХ АСТИБО“ промоција на македонската хорска музика | Културен центар Метрополис, Превеза, Р Грција | 11.7.2025 |
| 2. | Ивана Јанков - диригент | Настап на „ГКХ АСТИБО“ на XXIII Меѓународен фестивал „Мајски музички свечености“ | Дом на култура, Бијељина, Република Српска/ Федерација Босна и Херцеговина | 9-12. 5.2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Ивана Јанков - диригент | Концерт на „ГКХ АСТИБО“ на IV Божиќен хорски фестивал | Читалиште „Братство“, Ќустендил, Р Бугарија | 15.12.2023 |
| 4. | Ивана Јанков - диригент | Настап на „Градски хор“ од Штип на XXXXI хорски фестивал на православна музика „Хајновка“ | Сала на филхармонија Подласка, Бјалисток, Р Полска | 21-25.9.2022 |
| 5. | Ивана Јанков - диригент | Концерт „Меѓусебна соработка како мост за зближување на народите“ | „Градски хор“ од Штип и Женски хор „Неразделни“ од Ќустендил, Р Бугарија Галерија 22, НУЦК „Ацо Шопов“ - Штип | 11.11.2023 |
| 6. | Ивана Јанков - диригент | Концерт на „Градски хор“ од Штип. „Мојот свет се вика музика. Нема вера, ниту граница“ | Концерт по повод Светскиот ден на музика, со инклузија во музичкиот перформанс на лица со посебни потреби: ЦПЛИП „Порака“ и ДСУ „Искра“ | 21.6.2023 |

**Наставно-образовна дејност**

Од 2023 г. до денес во насловно звање вонреден професор м-р Ивана Јанков учествува во наставата по предметите: Оркестар 1-8, Свирење на хорски партитури 1-2 и Диригирање 1-6. Од претходниот избор во насловно звање вонреден професор, м-р Ивана Јанков е ментор на 17 дипломски трудови од областа на хорското диригирање.

Од 2021 година стекнува насловно звање вонреден професор по наставно-научните и уметнички области диригирање и композиција и џез ансамбл. М-р Ивана Јанков учествува во наставата по предметите: Свирење на хорски партитури; Хорска литература; Оркестар; Хорско диригирање; Хорско пеење; Пеење хорски партитури; Основи на хорско пеење; Хорско пеење - Универзитетски предмет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во периодот од 2016 до 2021 година е со насловно звање доцент по наставно-научните и уметнички области диригирање и композиција и џез ансамбл. М-р Ивана Јанков учествува во наставата по предметите: Свирење на хорски партитури; Хорска литература; Оркестар; Хорско диригирање; Хорско пеење; Пеење хорски партитури; Основи на хорско пеење; Хорско пеење - Универзитетски предмет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;

Во периодот од 2014 до 2016 година е ангажирана како стручњак по практика по предметите: Оркестар, Хорско диригирање, Свирење на хорски партитури на ФМУ при УГД во Штип. Во учебната 2012/2013 година е ангажирана како стручњак по практика по предметите: Хорско диригирање, Хорско пеење и Свирење на хорски партитури, а во учебната 2011/2012 година е ангажирана како лице кое помага во наставата по предметите: Хорско диригирање, Хорско пеење и Свирење на хорски партитури на ФМУ при УГД во Штип.

Кандидатката м-р Ивана Јанков на студентите им овозможува и пракса низ концерти, јавни часови, презентации, посета на концерти, а покрај тоа и индивидуални и групни аналитички активности во рамки на наставата. За потребите на наставата, таа има оркестрирано и аранжирано повеќе дела од класичната и џез музиката за оркестар и за хор.

**Научноистражувачка дејност**

Во научните трудови објавени во Годишните зборници на трудови на Музичката академија при УГД, Штип; списанието „Музика“ и Зборник на трудови на „Струшка музичка есен“, кандидатката м-р Ивана Јанков се насочува главно кон осознавање на суштината на музичкото дело низ анализа на музичките параметри, кои пак драматуршки влијаат врз кулминативниот тек на делото. Во трудовите, таа ги анализира, како хорските, така и оркестарските дела, претежно од македонски композитори, со цел осознавање и промоција на македонското уметничко творештво. Во 2025 година ја објави книгата „Еден век хорска уметност во градот под Исарот“, која претставува резултат на осумгодишно интензивно истражување. Во неа се опфатени сите релевантни податоци, од природните и социјални предиспозиции на градот Штип за негување на хорската уметност, до институциите и поединци коишто се заслужни за одржување на оваа благородна мисија во период од 1925 до 2025 година. Книгата нуди студиозна класификација на хоровите, нивниот состав и квалитет на изведбата, проблемите со кои се соочувале и се соочуваат. Во прилог на документацијата се и рецензиите на проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска и проф. д-р Валентина Велковска-Трајановска.

**Стручно-уметнички активности**

Во периодот од 2021 до 2025 година, м-р Ивана Јанков има реализирано 9 самостојни концерти и 16 настапи на концерти, хорски фестивали и натпревари во земјава и во странство (наведени во табелата под ред. бр. 6 и 7, како и во табелата - концерти).

**Самостојни концерти во Македонија од 2021 до денес/ концерти со времетраење од 60 до 90 минути (табела НИ ред.бр.6)**

1. Триптих – промоција на книгата „Еден век хорска уметност во градот под Исарот“, Концерт на ГКХ АСТИБО и изложба на слики по повод 100 години постоење на хорската уметност во Штип, 16.12.2025, Галерија 22, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип;
2. Штипско културно лето „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, Целовечерен концерт „Вера, надеж, љубов“ 26.6.2025, Галерија 22, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип;
3. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, Целовечерен концерт, 19.11.2024, Центар за култура „Никола Јонков – Вапцаров“, Делчево;
4. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, Целовечерен концерт на отворањето на VII Интернационален фестивал на камерни хорови „АСТИБО-ФЕСТ“, 4.9.2024, НУ Центар за култура „Ацо Шопов“, Штип;

5. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, Целовечерен концерт „ГКХ АСТИБО и нашите деца“ по повод одбележување 15-годишнина на хорот, 24.6.2024, Галерија 22, НУ Центар за култура „Ацо Шопов“, Штип;

6. „Градски камерен хор АСТИБО“ - Штип и женски хор „Неразделни“ – Ќустендил, диригенти: Ивана Јанков и Веселка Петрова, Концерт „Меѓусебна соработка како мост за зближување на народите“, 11.11.2023, Галерија 22, НУ Центар за култура „Ацо Шопов“, Штип;

7. „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, Целовечерен концерт „Мојот свет се вика музика. Нема вера, ниту граница“, по повод Светскиот ден на музиката, со инклузија на лица со посебни потреби во музичкиот перформанс: ЦПЛИП „Порака“ и ДСУ „Искра“ – Штип, 21.6.2023, Галерија 22, НУ Центар за култура „Ацо Шопов“, Штип;

8. „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, Годишен концерт, 10.11.2022, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип;

9. „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, Целовечерен концерт, 22.06.2022, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип;

10. „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, Самостоен концерт во рамки на регионален проект „Културен мост низ вековите“, 29.8.2021, Мултимедијален центар „Киро Глигоров“, Штип.

**Учество на концерти, манифестации и фестивали во земјава/ настапи со времетраење до 30 минути (НИ ред.бр.7)**

1. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутна програма како гости на Градски мешан хор Вардар, на концертот „25 години хорска магија, љубов и посветеност 2020-2025“, 16.11.2025, Музеј на македонска револуционерна борба, Скопје;

2. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутна програма на VIII Интернационален фестивал на камерни хорови „АСТИБО-ФЕСТ“, Штип, 3-5.10.2025, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип – голема сала

3. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутна програма на VIII Интернационален хорски фестивал „Драган Шуплевски“, 25-28.8.2025, Музеј на македонска револуционерна борба, Скопје;

4. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 30-минутна програма како гости на концертот на Женски камерен хор КЕРАМИЈА, 4.7.2025, Центар за култура „Марко Цепенков“, Прилеп;

5. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутна програма на XXXIV Хорски фестивал ТЕХО, 27-29.6.2025, Центар за култура „Иљо Антевски – Смок“, Тетово;

6. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 30-минутна програма во рамки на VII Интернационален хорски фестивал „Драган Шуплевски“, 5-7.7.2024, Музеј на македонската револуционарна борба, Скопје;

7. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 30-минутна православна духовна програма во рамки на XXXIII Интернационален хорски фестивал ТЕХО, 29-30.6.2024, Духовно-културен центар „Кирил Пејчиновиќ“ , Лешок

8. „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутен настап на VI Интернационален фестивал на камерни хорови АСТИБО-ФЕСТ, 16.9.2023, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип;

9. „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутен настап на XXXII Интернационален хорски фестивал ТЕХО, 24-25.6.2023, Соборен храм „Св. Св. Кирил и Методиј“, Тетово;

10. „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутен настап на V Интернационален фестивал на камерни хорови АСТИБО-ФЕСТ, 13-15.10.2022, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип.

**Учество на хорски фестивали и натпревари во странство/ настапи со времетраење до 20 минути (табела НИ ред.бр.7)**

1. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутен настап на XXXXIII Интернационален хорски натпревар во Превеза, категорија Г фолклор (промоција на македонското хорско творештво), 11.7.2025, Центар за култура „Метрополис“, Превеза, Република Грција;

2. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутен настап на XXXXIII Интернационален хорски натпревар во Превеза, категорија Ф православна духовна музика, 12.7.2025, Центар за култура Метрополис, Превеза, Република Грција;

3. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 30-минутен настап на XXIX Интернационален хорски ревијален фестивал, 10-13.7.2025, плоштад „Андруцос“, Превеза, Република Грција;

4. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутен настап на XXIII Интернационален хорски фестивал „Мајски музички свечености“, 9-12.5.2024, Дом на култура Бијељина, Република Српска – Федерација Босна и Херцеговина;

5. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригенти: Ивана Јанков, Ема Стојковска и Антонио Василев (студенти по хорско диригирање во класа на насл.вонр. проф. м-р Ивана Јанков) 30-минутен настап на IV Интернационален „Божиќен хорски фестивал“, 15.12.2023, Читалиште „Братство“, Ќустендил, Република Бугарија;

6. „Градски хор“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутен настап на Интернационален хорски фестивал за православна музика „Хајновка“, 21-25.9.2022 сала на филхармонија Подласка, Бјалисток, Република Полска.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

М-р Ивана Јанков е добитник на диплома како диригент на XXIX натпревар во Превеза, Р. Грција (2025) и сребрен медал на хорски натпревар „Мајски музички свечености“ во Бијељина (2024) (во табелата СА-ОР бр.19).

Добитник е на признание за зачувување, промоција и афирмација на хорската уметност доделено во рамки на Божиќниот хорски фестивал во Ќустендил (2018), како и Осмоноемвриско признание на Општина Штип (2017).

Менторство на 17 дипломски испити од областа на хорско диригирање (табела СА-ОР под р.бр.28).

Книгата, скриптата, трудовите и рефератите објавени во зборниците и научно-популарното списание, потоа добиените признанија за промоцијата

на хорската музика, менторството на 31 дипломска работа покажуваат континуирана активност на полето на коешто е стручноста на м-р Ивана Јанков.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 4. | Избор во звање насловен вонреден професор | 1x40 | **40** | | | **40** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност истручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 1 | Монографија или научна книга „Еден век хорска уметност во градот под Исарот“ | 1 | 10 | | | 10 |
| 6 | Пленарно предавање на наученсобир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (10 целовечерни концерти) | 10x3 | 30 | | | 30 |
| **7** | Секциско предавање на наученсобир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 10x2 | 20 | 6x4 | 24 | 44 |
| **19** | Претседател на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал - Уметнички директор на АСТИБО-ФЕСТ, Штип (фестивал на камерни хорови и вокални ансамбли) од (2017) 2021-2025 | 5x2 | 10 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **94** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност иорганизациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 1. | Издаден учебник - книга, објавен во електронска библиотека при УГД | 1x10 | 10 | | | 10 |
| 19 | Стручни награди и признанија | | | 2x8 | 16 | 16 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија (Комисија за одбрана на дипломски труд) | 3x2 | 6 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **32** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **166** |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, наставни-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (Универзитетски гласник бр.63 од 10.3.2025 година), како и по деталното разгледување на доставената комплетна документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека **кандидатот м-р Дејан Лазаревски ги исполнува сите законски услови за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05)** на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, со високо ниво на професионалност, одговорност, компетентност и посветеност за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев".

Кандидатот м-р Дејан Лазаревски има реализирано наставно-образовна активност (НО) 40 поени, научноистражувачка и стручно-уметничка активност (НИ-СУ) 108 поена, како и стручно-апликативна и организациско-развојна активност (СА-ОР) 94 поени, или 242 вкупно поени.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го избере кандидатот м-р Дејан Лазаревски во наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Сашо Поповски,** редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, претседател, с.р.

**Проф. м-р Антонијо Китановски,** редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти музички уметности и науки, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член, с.р.

**Проф. д-р Ангеле Михајловски,** редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ (6.04.00.05) НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП.**

Со Одлука број 1402-51/11 од 5.5.2026 година донесена на 152. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичка академија, одржана на 5.5.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област *музички уметности и науки (6.04.00.05)* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **проф. м-р Ѓеорги Мицанов**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- **проф. м-р Сашо Поповски**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев “ во Штип, член;
- **проф. м-р Ванче Харалампoвски**, вонреден професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 21.4.2026 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Кирил Кузманов, насловен вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05) на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс, и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Кирил Кузманов** завршува во ОУ „Гоце Делчев“ во Штип и Основно музичко училиште во Штип (инструмент Флејта, класа на проф. Миле Серафимов) 1995/1996 - 2000/2001 година. Средно музичко училиште завршува во Штип (инструмент Саксофон во класата на проф. Гоце Мицанов) 2005 година.

Дипломира на Универзитетот за музичка и драмска уметност „Kunst Univesitat Graz“ во Австрија (отсек Џез саксофон, класа на проф. Карлхајнц Миклин) со просек 9,2 (2010 година). Постдипломски (магистерски) студии завршува на Универзитетот за музичка и драмска уметност „Kunst Univesitat Graz“ во Австрија (отсек Џез саксофон, класа на проф. Карлхајнц Миклин) со просек 9,6 (2012 година) на **тема на магистерскиот труд „*The Music of Dick***

***Oatts“***. За време на периодот на едукација учествува на повеќе натпревари, семинари, мастеркласови и работилници кај еминентни светски педагози, од кои се издвојуваат: Боб Минцер, Дик Оутс, Џери Бергонзи, Џим Снидеро, Џими Коб, Адам Нусбаум, Луис Диего Бониља, Лари Голдингс, Бил Стјуарт, Боб Брукмаер, Џон Аберкромби, Дејв Либман, Мигуел Зенон, Дон Менза, Џеф Балард, Били Харт и други.

Во 2009 година учествува на IASJ JAZZ MEETING 2009, кој се одржува во Луцерн, како претставник на Џез академијата од Грац. На семинарот присуствуваат најдобрите студенти и професори на џез академиите од цел свет под водство на Дејв Либман. Член е на повеќе музички состави со кои снима бројни композиции и албуми: Кирил Кузманов квартет; Jim Rotondi Electric Band; HGM Jazz Orchester Zagreb; SCURDIA Markus Schirmer&Friends; La Cherga; Irina Karamarkovic Band; Тони Китановски биг бенд; Влатко Стефановски бенд; Mathias Ruppnig 5tet; Vesna Petkovic Band; Гоце Стевковски септет; Dave Wilson 7; Зоран Маџиров бенд; Даниел Чачија бенд; Tavitjan Brothers Band; Lars Johanson Band; ЗЏМ биг бенд; Кукурек ансамбл; Тони Китановски Панда 5.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор за стручно уметнички предмети согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.**

**Општи услови за избор:**

1. Најмалку научен степен магистер од соодветната област:

Постдипломски (магистерски) студии завршува на Универзитетот за музичка и драмска уметност „Kunst Univesitat Graz“ во Австрија (отсек Џез саксофон, класа на проф. Карлхајнц Миклин) со просек 9,6 (2010/2011 и 2011/2012 година) на тема на магистерскиот труд „The Music of Dick Oatts“.

2. Признати уметнички и стручни претставувања, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава

Во кариерата Кирил Кузманов се бележат на 30 целовечерни концерти во земјава, Европа (Австрија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Португалија, Турција, Црна Гора, Србија, Албанија, Бугарија и др.) и Америка со различни состави и формации. Во периодот од 2021 до 2025 година, Кирил Кузманов реализира 8 целовечерни концерти во земјава и во странство. Во приложената документација се наоѓаат докази за остварени концерти, а во табелата се издвоени сите концертни изведби.

3. Вонреден професор во областа во која се избира

Кандидатот м-р Кирил Кузманов е избран во звањето насловен доцент на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научните области саксофон и џез ансамбл на 20.1.2016 година од страна на Наставничкиот совет на МА во Штип, сметано од 21.1.2016 до 21.1.2021 година.

Кандидатот м-р Кирил Кузманов е избран во звањето насловен вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за наставно-научните области саксофон и џез ансамбл на 20.1.2016 година од страна на Наставничкиот совет на МА во Штип, сметано од 24.2.2021 до 24.2.2026 година.

**Посебни услови**

1. Успех од најмалку 8 како просечна вредност на студиите на прв и втор циклус или успех од најмалку 8 како просечна вредност на интегрирани студии:

Просечен успех од прв и втор циклус студии 9,6;

2. Најмалку една рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област објавена во е-библиотека или практикум со вежби од истиот предмет или објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија:

М-р Кирил Кузманов има издадено скрипта со наслов „Џез саксофон – напредна импровизација и вежби". http://eprints.ugd.edu.mk/26954/

3. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници - покажало способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност

М-р Кирил Кузманов има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници; дипломираните студенти веќе активно учествуваат и работат со повеќе бендови и оркестри во Одделот за џез-музика, како во државата така и надвор од неа.

4. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива (НО)=30; (СУ)=52; (САОР)=35 или вкупно 117 поени.

5. Кандидатот има приложено потврда за познавање на најмалку еден странски јазик. Во документацијата се наоѓа сертификат за познавање на англиски јазик.

Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава.

Изведба на осум целовечерни концерти во земјава или во странство

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Место и датум на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кирил Кузманов со Националниот џез оркестар | Целовечерен концерт | The National Macedonian Jazz Orchestra at :Porgy and Bess Jazz Club" Vienna Austria | Porgy and Bess Jazz Club" Vienna Austria 17.11.2025 |
| 2 | Кирил Кузманов со Националниот џез оркестар | Целовечерен концерт | National Jazz Orchestra with Sigi Feigl & Luis Bonilla | Скопје џез фестивал-Скопје 16.10.2025 |
| 3 | Кирил Кузманов со бендот Next to Silence | Целовечерен концерт | Авторски концерт на бендот „Next to Silence" | Bova Jazz Club Istanbul 26.9.2025 |
| 4 | Кирил Кузманов со Gimaraes Orchestra Project/ Guimaraes Jazz with Dzijan Emin Octeto | Целовечерен концерт | Dzijan Emin compositions for Jazz bend and orchestra | Guimaraes Jazz Festival Portugal 16.11.2024 |
| 5 | Кирил Кузманов со Сашо Поповски трио | Целовечерен концерт | Аларма панк џез фестивал | Аларма панк џез фестивал Пловдив Бугарија 21.1.2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Кирил Кузманов со „Sarajevo Jazz Guerrilla" | Целовечерен концерт | Авторски концерт на бендот „Sarajevo Jazz Guerrilla" | Народен театар -Сараево БиХ<br>9.11.2022 |
| 7 | Кирил Кузманов со Сашо Поповски трио | Целовечерен концерт | Сашо Поповски трио фт. Кирил Кузманов | Куманово џез фестивал 15.9.2022 |
| 8 | Кирил Кузманов со Сашо Поповски Трио | Целовечерен концерт | Сашо Поповски трио фт. Кирил Кузманов | Астибо џез фестивал - Штип<br>6.9.2022 |

**Наставно-образовна дејност**

М-р Кирил Кузманов покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност; успешно изведува настава на додипломските студии на Вокално-инструменталниот оддел (Џез студии) при Музичката академија во Штип по Џез саксофон и Џез ансамбл.

Кандидатот м-р Кирил Кузманов е избран во звањето насловен вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научните области *саксофон* и *џез ансамбл* на 20.1.2016 година од страна на Наставничкиот совет на МА во Штип, сметано од 24.2.2021 до 24.2.2026 година.

Кандидатот м-р Кирил Кузманов е избран во звањето насловен доцент на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научните области *саксофон* и *џез ансамбл* на 20.1.2016 година од страна на Наставничкиот совет на МА во Штип, сметано од 21.1.2016 до 21.1.2021 година.

Кандидатот како реномиран уметник на интернационалната сцена од 2013 година е ангажиран како стручњак од пракса при изведба на настава и вежби по уметничките области/предмети Саксофон и Џез ансамбл. Кандидатот покажува високо стручно ниво во реализацијата на наставата, се стреми кон применување на нови инвентивни методи кои се темелат на досегашното стручно и уметничко искуство.

**Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници**

М-р Кирил Кузманов има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници; дипломираните студенти веќе активно учествуваат и работат со повеќе бендови и оркестри во одделот на Џез музиката, како во државата така и надвор од неа.

**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**

Музички настап на официјален концерт

1. 30.4.2022 - Скопје - Кирил Кузманов со Сашо Поповски трио - Денес се е џез фестивал,
2. 30.4.2022 – Битола - Кирил Кузманов со Сашо Поповски трио - Интернационален ден на џезот,
3. 19.9.2021 – Битола - Кирил Кузманов со Сашо Поповски трио - Фестивал на музика од светот,

Кандидатот м-р Кирил Кузманов е реномиран уметник на интернационалната сцена од 2013 година и е ангажиран како стручњак од пракса при изведба на настава и вежби по уметничките области/предмети Саксофон и Џез ансамбл.

Кандидатот покажува високо стручно ниво во реализацијата на наставата, се стреми кон применување на нови инвентивни методи кои се темелат на досегашното стручно и уметничко искуство.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатот како активен музичар снимил неколку авторски ЦД, како и ЦД во соработка со познати артисти и џез формации.

1. ЦД Next to silence "Ruh" - SJF Records 2024
   https://sjfrecords.bandcamp.com/album/ruh
2. ЦД STEPS-Сашо Поповски - Art Melodies 2023
   https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33595
3. ЦД Sarajevo Jazz Guerrilla Album - Aquarius Records 2022
   https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38433

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование на Република Македонија и Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Рецензентската комисија го донесе следниов заклучок и предлог:

Врз основа на доставената документација и целокупната наведена активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Кирил Кузманов ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловно звање вонреден професор по наставно-научната и уметничка област *музички уметности и науки (6.04.00.05)* на Музичка академија, наведени во Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Кандидатот преку остварените досегашни активности покажа способности за извршување наставно-образовната функција, за стручно-уметничка активност (концертирање) и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев".

Задоволство ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет усвојување на нашиот заклучок и **кандидатот м-р Кирил Кузманов да го избере во насловно звање вонреден професор за наставно-научните и уметнички области музички уметности и науки (6.04.00.05) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Ѓеорги Мицанов**, редовен професор од наставно- научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, претседател, с.р.

**Проф. м-р Сашо Поповски**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член, с.р.

**Проф. м-р Ванче Харалампoвски**, вонреден професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член. с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **5.** | Избор во звање вонреден професор | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба<br><br>11 целовечерни концерти (6 концерти во земјава и 5 концерти во странство) | 6x3=18 | | | 5x6 =30 | **48** |
| **12.** | Одбранет магистерски труд | 4 | | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **52** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга/ЦД (издаден аудио компакт-диск) | 2x10 | 20 | 1 | 15 | **35** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **35** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **117** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (6.04.00.05) МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-51/9 од 5.5.2026 година донесена на 152. седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија, одржана на 5.5.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научната област **(6.04.00.05) музички уметности и науки** на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во следниов состав:

- **проф. м-р Антонијо Китановски**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- **Проф. м-р Сашо Поповски**, редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки, (6.04.00.05) вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- **проф. м-р Ванче Хараламповски,** редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.
-

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 21.4.2026 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот: **вонреден професор м-р Александар Секуловски** - магистер по музички уметности (магистер по поп и џез тапани).

Рецезентската комисија, врз основа на приложената документација од страна на кандидатот, до Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Александар Секуловски** е роден во 1975 година во Битола, Р Македонија. Тој е реномиран џез-тапанар и перкусионист во Македонија и пошироко, со богата изведувачка активност на европската сцена. Својата кариера, како концертен изведувач, ја развива уште за време на студиите на Државната музичка академија во Софија, Бугарија, каде што дипломира на Одделот за џез-тапани во класата на професор Христо Јоцов во 1999 година. Магистрира во истиот град на Новиот бугарски универзитет (магистер по тапани, поп и џез).

Александар Секуловски ја посетува Летната школа на прочуениот Берки колеџ во Веруѓа, Италија.

Посетува семинари и мајсторски класи кај врвни светски уметници: Џек Ди Џонет, Стив Гад, Рон Севиџ, Марко Волпе и Христо Јоцов.

Работното искуство како уметник и едукатор е кумулус на над две

илјади јавни настапи, студиски снимања, работа на театарски и филмски проекти, предавања и мајсторски класи (Гитар Арт фестивал – Белград, Софија Џем, Дурес Џез фестивал...). Извонредно успешно ја извршува својата инструкторска дејност на Одделот за џез студии на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Автор е на циклусот едукативни емисии за „Џез ФМ радио" - Скопје, насловени „Еволуција на џез-тапаните".

Настапува на најреномирани сцени во Европа и интернационални џез фестивали, како: Берлин џез-фест, Лондон џез-фест, Виена, Њујорк, Париз, Истанбул, Рим, Марсеј, Брисел ... Настапува со Густаво Агилар, Марк О'Лири, Франческо Беарцати, Теодосиј Спасов, Васил Хаџиманов, „Фолтин", Тони Китановски и др.

За својата уметничка активност е награден со: Гран-при на театарскиот фестивал „Славјански венец" во Москва, 2004; Гран-при на театарскиот фестивал „Славија" во Белград, 2003; Награда за најдобра музика за театар на фестивалот „Војдан Чернодрински" во Прилеп, 2002; Награда за најдобар тапанар на „Рок- фест" во Битола, 1994.

Кандидатот Секуловски своето формално академско образовани го стекнува во Софија, Република Бугарија. Додипломските студии ги завршува на националната академија „Панчо Владигеров", а магистерските на „Нов Бугарски универзитет". Во двата студиски циклуса се стекнува со највисоки оценки.

Од 2007 година е ангажиран како наставник на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип по предметот Џез тапани, а ги предава предметите - Џез тапани (1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8) .

На 25.2.2008 година е избран за наставник со насловно звање – **доцент** по наставно-уметничката област **џез ударни инструменти** на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

На 15.3.2013 година е избран за наставник во насловно звање - **вонреден професор за наставно-уметничката област видови на инструменти – ударни (џез тапани)** на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Општи услови за избор:**

1. Научен степен - магистер од научната област за која се избира;

Магистер по поп и џез ударни инструменти, диплома издадена на 13.10.2000 г. од Нов Бугарски универзитет, Софија, Република Бугарија, со просечна оценка 10,00.

2. Диплома од прв циклус студии - Дипломирал поп и џез тапани на Националната музичка академија „Панчо Владигеров" во Софија, Бугарија (1999), со просечна оценка 8,60.

3. Претходен избор во насловно звање - насловен доцент на 25.2.2008 година.

4. Претходен избор во насловно звање - насловен вонреден професор на 15.3.2013 година.

5. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик. Во документацијата се наоѓа потврдата за познавање на англиски јазик.

6. Способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови за избор:**

1. Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати. Кандидатот м-р Александар Секуловски има објавено една рецензирана скрипта во електронска верзија под наслов @Техника и практични вежби за инструментот џез тапани# – линк: http://e-lib.ugd.edu.mk/233

Во периодот од 2022 до 2026 година, кандидатот м-р Александар Секуловски, како изведувач на џез тапани и перкусии бележи 20 целовечерни концерти во земјава и во странство).

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Место на изведба на концертот | Датум на изведба на концертот | Репозиториум |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Александар Секуловски | Целовечерен концерт | Гевгелија град на културата 2025. Концерт Сашо Поповски трио | 15.7.2025 | https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37987 |
| 2. | Александар Секуловски | Целовечерен концерт | Џез ин Охрид – Концерт Сашо Поповски квартет | 13.8.2025 | https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37986 |
| 3. | Александар Секуловски | Целовечерен концерт | Нишвил џез фестивал – Концерт Сашо Поповски квартет | 15.8.2025 | https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37985 |
| 4. | Александар Секуловски | Целовечерен концерт | Астибо џез фестивал – Штип – Концерт Сашо Поповски трио | 13.9.2025 | https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37979 |
| 5. | Александар Секуловски | Целовечерен концерт | Рочела Џез фестивал – концерт Сашо Поповски квинтет | 21.8.2024 | https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35557 |
| 6. | Александар Секуловски | Целовечерен концерт | Демирхисарско културно лето – Концерт Сашо Поповски трио | 3.9.2025 | https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37977 |

М-р Александар Секуловски покажал умешност и стручност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност:

- способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност; умешност во изведувањето на настава на додипломските студии на Џез одделот (Џез тапани и перкусии) при Музичката академија во Штип.

Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници:

- М-р Александар Секуловски дал придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници; неговите студенти тоа веќе го докажале преку нивните ангажмани, а тој преку неговата ангажираност.

Со неговиот придонес за оспособување на помлади наставници и соработници како ментор се истакнува преку неговата примарна дејност воспитувањето и образувањето преку неговата стручност за предметот џез тапани и перкусии.

Има реализирано учебно помагало, скрипта, т.е. практикум со вежби под наслов „Техника и практични вежби за инструментот тапани“ – линк http://e-lib.ugd.edu.mk/233

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот е реномиран уметник и професор по џез тапани и перкусии. Неговата експертиза се темели на неговото образование и педагошко искуство и неговата професионална активност како изведувач на домашната и светската сцена.

1. На 25.2.2008 година е избран за наставник со звање **доцент** за наставно-научната област **џез ударни инструменти** на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, каде што креира и изведува настава по џез тапани на прв и втор циклус академски студии.
2. На 15.3.2013 г. Одлука за избор за наставник со звање **вонреден професор за наставно-научната област видови на инструменти – ударни (џез тапани)** на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
3. Поседува повеќегодишно искуство како инструктор по џез тапани и сродни уметнички дисциплини и одржувал мастер класи - кај нас и во светот.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2007 година работи како доцент по џез тапани на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. На истиот факултет предава широка палета на предмети од областа џез тапани, комбинирајќи ги своите стекнати академски квалификации, но и своето богато практично искуство како активен уметник на светската сцена. Секуловски има изготвено скрипта наменета за усовршување на техниката на изведбата на џез тапани.

Бил рецензент на повеќе наставници на Факултетот за музичка уметност во Штип.

***Наставни активности***

Универзитет „Гоце Делчев” - доцент по џез тапани (2008 -2013) и (2025-2026).

***Креира и предава на следниве предмети:***

Втор циклус - магистерски студии
– Џез тапани,
– Ментор.

Прв циклус - додипломски студии
– Џез тапани,
– Ритам,
– Џез ансамбл,
– Ментор.

**Предавања / семинари**

– 2012 - Семинар за македонските неправилни ритми, Биг-бенд студио, Торонто, Канада.

– 2012 - Воркшоп за македонските неправилни ритми, Лонг енд Меклејд драм центар, Торонто, Канада.

Ментор при изработка на дипломски и магистерски трудови.

Од доставената документација, во периодот до Конкурсот, м-р Александар Секуловски ги има остварено следниве уметнички активности:

**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности**
**Музички настап на официјален концерт**
***Концертни активности***
***Избор од настапи на престижни интернационални фестивали***

1. *Dunya World Music Festival*, Rotterdam, Holland
2. *Sziget Festival*, Budapest, Hungary
3. *Rio Loco*, Toulouse, France
4. *Trento Summer*, Trento, Italy
5. *Bath Fringe Festival*, Bath, England
6. *Balkan Fever Festival,* Vienna, Austria
7. *Skopje Jazz Festival,* Скопје, Македонија
8. *Off Fest,* Скопје, Македонија
9. *Guitar Art Festival,* Belgrade, Serbia
10. *Durham International Brass Festival,* Durham, UK
11. *Lent Festival,* Maribor, Slovenia
12. *Balkan Fever Festival,* London, UK
13. *Berlin Jazz Festival*, Berlin, Germany
14. *Barbican Hall "Blaze festival",* London, UK.

***Избор од настапи во престижни концертни простори***

1. "Porgy & Bess", Vienna, Austria
2. "Moods", Zurich, Switzerland
3. "Pizza Express" and "Ronnie Scott's", London, UK
4. "La Belle Villoise", Paris, France
5. "Le Cargo", Caen, France
6. "Bozar", Brussels, Belgium
7. "Quai Des Arts", Argentan, France.

***Стручно-уметнички активности***

Во текот на периодот од 2007 до 2012 година, Секуловски реализираше исклучително голем број концертни настапи на реномирани интернационални фестивали и во признати сали во земјава и во странство. Неговото име се наоѓа на ЦД изданија на домашни и странски куќи, како изведувач. Композитор е на музичката подлога на неколку театарски остварувања.

***Музички ЦД изданија***

– 2012 – "Boston", Toni Kitanovski jazz band featuring Greg Hopkins, Oscar Salas – SJF Records, Macedonia

– 2011 – "Shukar", Toni Kitanovski&Cherkezi, featuring Bob Stewart and PaquitoEchevaria

- ENJA Records, Germany

– 2011 – "El Raval", VasilHadzimanov trio, SJF Records, Macedonia

– 2010 – "Temjanika", PetarRendzov, PR Records, Macedonia

– 2010 – "Shutka my home town", Various artist -- FOSIM, Macedonia / Slovenia

– 2010 – "Make someone happy", Marija jazz quartet, – SJF Records, Macedonia
– 2009 – "Bridal Dream", PetarRendzov, PR Records, Macedonia
– 2009 – "Bosnian Blues", Don Guido & the Missionaries, Chicken Madess Records, Macedonia
– 2009 – Hector Zazou,
– 2009 – "Incubator", Project Zlust, Chicken Madness Records, Macedonia
– 2008 – "Project Zlust and Macedonian Philharmonic Orchestra", Project Zlust, Chicken Madness Records, Macedonia
– 2008 – "Macedonian Girl", Karolina Gocheva, Avalon Records, Macedonia
– 2006 – "SoHoHo", GeorgiSareski& Francesco Bearzatti Quartet, Chicken Madness Records,
– 2006 – "Borderlands", Toni Kitanovski&Cherkezi – ENJA Records, Germany
– 2005 – "Vo Zaborav", Karolina Gotcheva, Avalon Records, Macedonia
– 2005 – "Money Kills You", Ljubojna, BZ Records, Macedonia
– 2001 – "Love is Stronger Than Anything", LiliIvanova, Shinny World Records, Bulgaria
– 2001 – "Doni', Doni Band, Stars Records, Bulgaria
– 2000 – "Archimed", Foltin, Mag Records, Macedonia
– 2000 – "JuzniStrasti", Kanale Grand Band, Art Media Records, Bulgaria
– 1999 – "Kanaleto& Friends" part 2, Kanale Grand band, Art Media Records, Bulgaria
– 1998 – "Kanaleto& Friends" part 1, Kanale Grand band, Art Media Records, Bulgaria
– 2009 – „Џез од Македонија" СЏФ, Македонија
– 2007 – "Beginner's Guide to Eastern Europe", Various Artists - Nacente Records, UK
– 2006 – "Romano Suno – 2", Various Artists - B92 Records, Serbia
– 2006 – "Gypsy Garden – 2", Various Artist – Lola's World Records, Germany
– 2000 – „Македонски документ" 1,2 МРТВ, Македонија.

***Театарски претстави / ко-композитор и изведувач***

– 2010 – „Тупаница полна љубов"- Македонски народен театар и Берлински театар „Ноерколн" - Берлин, Германија.
– 2005 – „Ричард III", Народен театар - Битола, Битола, Македонија.
– 2005 – „Космос", Универзална сала театар, Скопје, Македонија.
– 2004 – „Јерма",Народен театар - Битола, Битола, Македонија.
– 2004 – „Франкенштајн", Македонски народен театар - Скопје, Македонија.
– 2003 – „Антигона", Битолски народен театар, Битола, Македонија.
– 2003 – „Парите се отепувачка", Народен театар - Битола, Битола, Македонија.
– 2000 – „Буре барут", Воен театар, Софија, Бугарија.

***Радиоедукативни документарни серии***

– 2006 – Коавтор на циклус емисии за еволуцијата на џез тапаните насловена „Еволуција на џез тапаните - од Њу Орлеанс до денес" - 24 радиоепизоди емитувани на ЏЕЗ ФМ, Скопје, Р Македонија.

**Награди и признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди**

– 2004 – Награда за најдобра музика за театарска претстава „Парите се отепувачка", Војдан Чернодрински, Фестивал на драмата, Прилеп, Македонија.

– 2004 – Награда за најдобра театарска претстава „Парите се отепувачка", Фестивал на драмата Војдан Чернодрински, Прилеп, Македонија.

– 2003 – Гран-при за музика во претставата „Парите се отепувачка", Фестивал „Славјански венец", Москва, Русија.

– 2002 – Гран-при за најдобра претстава „Парите се отепувачка", Фестивал „Славја", Београд, Србија.

– 1996 – Награда за најдобар тапанар - Поп рок фестивал Скопје, Македонија.

– 1995 – Најдобар тапанар, Поп и рок фест, Битола, Македонија.

– Институт Отворено општество - Стипендија за магистерски студии (1999 - 2000), Софија, Бугарија.

– Отворено општество - Стипендија за додипломски студии (1996 - 1999) Софија, Бугарија.

**Одбранет магистерски труд**

22.8.2000 г. под наслов „Психологија, техника и стилови за свирење на тапани" на Нов Бугарски универзитет – Софија, Р Бугарија.

**Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал**

4-13.5.2022 – 2023, Штип, Меѓународен фестивал со натпреварувачки карактер на млади музичари ДМУЦ „Сергеј Михајлов" – Штип;

- Диплома за учество на натпреварот како член на организациски одбор. https://eprints.ugd.edu.mk/30890/

**Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност**

Секуловски е редовен член на ННС и на комисиите на Факултетот за музичка уметност во Штип за приемни испити, завршни испити и признавање на испити. Секуловски редовно учествува и во изготвувањето на наставните програми на Одделот по џез студии при Факултетот за музичка уметност, согласно со промените на ЕКТС од основањето на Универзитетот „Гоце Делчев".

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, наставни-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација што беше доставена во која е наведена неговата наставно-образовна, научноистражувачка, уметничка и стручно-апликативна дејност. Комисијата заклучи дека кандидатот м-р Александар Секуловски ги исполнува сите **предвидени услови за избор во** наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област (6.04.00.05) музички уметности и науки.

Остварените поени се повеќе од потребниот минимум на поени кои се потребни за избор во наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област музички уметности и науки.

Кандидатот м-р Александар Секуловски преку остварените досегашни активности во изминатите години како вработен професор по џез тапани и ударни инструменти на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип студентите и учениците покажа високо ниво на професионалност, одговорност, компетентност и посветеност во организациско-развојните дејности .

Чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и да го избере кандидатот м-р Александар Секуловски во наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област (6.04.00.05) музички уметности и науки на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Антонијо Китановски,** редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки, вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател, с.р.

**Проф. м-р Сашо Поповски,** редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти музички уметности и науки, вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член, с.р.

**Проф. д-р Ванче Хараламповски,** редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки, вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 5 | **Избор во звање насловен вонреден професор** | 1x40 | 40 | | | **40** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6** | **Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба.** Има севкупно 20 настапи, целовечерни концерти, од кои 10 во земјава, 10 во странство. | 10x3 | 30 | 10x6 | 60 | **90** |
| **12** | **Одбранет магистерски труд** „Психологија, техника и стилови за свирење на тапани", на Нов Бугарски универзитет – Софија, Р Бугарија | 1x4 | 4 | | | **4** |
| **21** | **Награди - признанија за научно, уметнички постигнувања, сценско-музички изведби.** Награда за најдобра музика за театарска претстава „Парите се отепувачка", „Војдан Чернодрински", Фестивал на драмата, Прилеп, Македонија. Награда за најдобра театарска претстава „Парите се отепувачка", Фестивал на драмата „Војдан Чернодрински", Прилеп, Македонија. Гран-при за музика во претставата „Парите се отепувачка", Фестивал „Славјански венец", Москва, Русија. Гран-при за најдобра претстава „Парите се отепувачка", Фестивал „Славја", Београд, Србија. Награда за најдобар тапанар - Поп рок фестивал Скопје, Македонија. Најдобар тапанар, Поп и рок фест, Битола, Македонија. | 4x5 | 20 | 2x10 | 20 | **40** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **134** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Издаден учебник - книга, објавен во електронска библиотека при УГД | 1x10 | 10 | | | **10** |
| **28** | **Член на факултетски орган, комисија.** Член во комисии за одбрана на дипломски труд во улога на ментор 4, член во комисии за одбрана на дипломски труд 6, член на комисија за одбрана на магистерски труд 1, | 4x2<br>6x2<br>3x2 | 8<br>12<br>6 | | | **26** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **36** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **210** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ СОРАБОТНИК / АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука донесена на 280. седница на Наставно-научниот совет бр. 1202-51/4 од 7.5.2026 година на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник / асистент за наставно-научна област *сметководство (5.02.00.06)* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во следниов состав:

- проф. д-р Марија Гогова Самоников, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател;
- проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член;
- проф. д-р Благица Колева, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 21.4.2026 година и во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати:

- М-р Филип Тасковски, магистер по економски науки од област сметководство, финансии и ревизија, кој ги има доставено следниве документи: 1. Пријава, 2. Диплома за завршен прв циклус студии (копија заверена на нотар), 3. Диплома за завршен втор циклус студии (копија заверена на нотар), 4. Уверение за положени испити на прв циклус студии (копија заверена на нотар), 5. Уверение за положени испити на втор циклус студии (копија заверена на нотар), 6. Документ за познавање на странски (англиски) јазик, 7. Препораки од двајца професори во соодветните научни области, 8. Уверение за државјанство не постаро од 6 месеци, 9. Кратка биографија, 10. Листа на објавени трудови, 11. По еден примерок од трудовите и 12. Примерок од магистерскиот труд, 13. Копија од стекнати сертификати, 14. Копија од одлуки за избор за демонстратор, 15. Копија од Одлука за избор за асистент, 16. Потврда за запишан 6ти семестар на трет циклус студии.
- М-р Виктор Атанасовски, магистер по економски науки од област на МБА менаџмент, кој ги има доставено следниве документи: 1. Пријава, 2. Диплома за завршен прв циклус студии (копија заверена на нотар), 3. Диплома за завршен втор циклус студии (копија заверена на нотар), 4. Уверение за положени испити на прв циклус студии (копија заверена на нотар), 5. Уверение за положени испити на втор циклус студии (копија заверена на нотар), 6. Документи за познавање на странски (англиски, германски и шпански) јазици, 7. Препораки од четири професори во научните области менаџмент, маркетинг и сметководство, 8. Уверение за државјанство не постаро од 6 месеци, 9. Кратка биографија, 10. Мотивациско писмо, 11. Листа на објавени трудови, 11. По еден примерок од трудовите, 12. Примерок од магистерскиот труд, 13. Копија од стекнати уверенија, сертификати и пофалница 14. Потврда за запишан 3. семестар на трет циклус студии.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***За кандидатот м-р Филип Тасковски***

***Биографски податоци***

Кандидатот м-р Филип Тасковски е роден на 22.8.1998 година во Битола, каде што го завршува основното и средното образование.

Во 2017 година се запишува на Економски факултет, УКЛО, во Прилеп и дипломира на истиот факултет во 2021 година и се стекнува со звање дипломиран економист, насока Сметководство и ревизија, просек 9,97. По дипломирањето, на 5.11.2021 година, кандидатот е ангажиран за демонстратор на Економски факултет, УКЛО, од областите: сметководство, финансии и ревизија и на таа позиција останува до 30.9.2023 г. Покрај ангажманот за демонстратор, ги продолжуваа и студиите, запишувајќи се во 2021 година на втор циклус студии, на Економски факултет, УКЛО, насока: Сметководство, финансии и ревизија, и со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Ефекти од странските директни инвестиции врз економскиот развој на Република Северна Македонија", под менторство на проф. д-р Славица Роческа, во 2022 година се стекнува со звање магистер по економски науки од областа сметководство финансии и ревизија со просек 10,00. Кандидатот во 2023 година се запишува на докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, програма: Економски науки. Во моментот е запишан во 6. семестар, при што ги има положени сите предвидени испити со просечна оценка 10,00, има прифатена тема и тези за докторски труд, а исто така од академската 2024/2025 е прворангиран кандидат на Конкурсот за државна стипендија за докторанди од областа на општествено-хуманистичките науки. Кандидатот од 15.3.2024 година е ангажиран како соработник / асистент во областите финансии и сметководство на Факултет за економија и организација на претприемништвото при Меѓународен славјански универзитет „Св. Николе".

Во доменот на научноистражувачката работа, кандидатот учествувал со трудови на бројни научни конференции, верифицирани со соодветни сертификати, а исто така објавил повеќе рецензирани научни трудови во списанија со меѓународен научен одбор.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, а се служи и со германскиот јазик.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Општи услови за избор:**

- **просечен успех** – кандидатот м-р Филип Тасковски ги има остварено следните просечни успеси: просечен успех на прв циклус студии од 9,97 и просечен успех на втор циклус студии од 10,00;
- **научен степен – магистер на науки од научната област за која се избира** – кандидатот м-р Филип Тасковски има научен степен магистер на науки од област сметководство финансии и ревизија;

- **објавени научни трудови во референтна научна публикација во согласност со ЗВО и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип** – во прилог е прикажан преглед на објавените трудови:

| Ред. бр. | Автор/и | Наслов | Списание / публикација | Година на објавување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Filip Taskovski** & Olivera Gjorgieva-Trajkovska | THE ROLE OF CORPORATE FINANCIAL REPORTING IN THE FINANCIAL OPERATIONS OF BANKS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA | International Scientific Conference CIRCULAR ECONOMY: TRENDS AND PERSPECTIVES | 2024 |
| 2 | **Taskovski, Filip** & Gjorgieva-Trajkovska, Olivera | FINANCIAL ANALYSIS OF THE OIL SECTOR IN NORTH MACEDONIA– THE CASE OF MAKPETROL AD SKOPJE | REVIZOR* Časopis za upravljanje organizacijama, finansije i reviziju 27(7) | 2024 |
| 3 | **Filip Taskovski** & Vlatko Paceskoski | MONETARY POLICY EFFECTIVENESS IN THE CONTEXT OF GLOBAL INFLATION GROWTH: EVIDENCE FROM NORTH MACEDONIA | Vol. 2 No. 1 (2025): International Scientific Conference on Economics, Management and Information Technologies – ICEMIT 2025 | 2025 |
| 4 | **Taskovski, Filip** & Gogova Samonikov, Marija | MONETARY POLICY EFFECTIVENESS IN THE CONTEXT OF GLOBAL INFLATION GROWTH: EVIDENCE FROM NORTH MACEDONIA | Journal Socio-Economic Analyses 17(2) | 2025 |
| 5 | Siljanoska, Teodora; Siljanoska, Julijana; **Taskovski, Filip** & Marinovski, Nikolce | THE POTENTIAL OF CONTENT MARKETING SHOWN THROUGH WEB PLATFORMS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA | KNOWLEDGE-International Journal 71(1) | 2025 |
| 6 | Paceskoski, Vlatko & **Taskovski, Filip** | THE ROLE OF MONETARY POLICY DURING THE GLOBAL FINANCIAL CRISIS - THE CASE OF NORTH MACEDONIA | (ICBEF): RECENT GLOBAL TRENDS AND ECONOMIC SITUATIONS | 2025 |
| 7 | Paceskoski, Vlatko & **Taskovski, Filip** | THE ROLE OF MONETARY POLICY DURING THE GLOBAL FINANCIAL CRISIS - THE CASE OF NORTH MACEDONIA | The International Conference on Business and Technology (ICBTOxford ’2024) | 2024 |
| 8 | Paceskoski, Vlatko & **Taskovski, Filip** | TRANSMISSION OF MONETARY POLICY IN DEVELOPING COUNTRIES IN CONDITIONS OF GLOBAL INFLATION GROWTH - THE CASE OF NORTH MACEDONIA AND SERBIA | EMIDWORLD 2nd International Congress on Economics Public Finance Business & Social Science | 2024 |
| 9 | **Taskovski, Filip** & Paceskoski, Vlatko | DETERMINANTS OF INFLATION IN CONDITIONS OF GLOBAL CHANGES AND CONFLICTS - THE CASE OF NORTH MACEDONIA | 2nd International Congress on Economics Public Finance Business & Social Science | 2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10** | **Taskovski, Filip**; Gogova Samonikov, Marija & Paceskoski, Vlatko | ISLAMIC BANKING-A CHALLENGE FOR THE TURKISH FINANCIAL SYSTEM | Journal of Economics 9(2) | 2024 |
| **11** | Paceskoski, Vlatko & **Taskovski, Filip** | THE ROLE OF THE MONETARY POLICY IN STABILIZING INFLATION IN THE EUROPEAN MONETARY UNION DURING THE ENERGY CRISIS | Novi Ekonomist 18(35) | 2024 |
| **12** | Taskovski, Filip | KEY MACROECONOMIC DETERMINANTS OF GOVERNMENT DEBT: THE CASE OF NORTH MACEDONIA | Economic Review: Journal of Economics and Business 21(2) | 2023 |
| **13** | **Taskovski, Filip** & Paceskoski, Vlatko | THE INFLUENCE OF THE RUSSIAN-UKRAINIAN CONFLICT ON THE EURO | KNOWLEDGE International Journal 61(1) | 2023 |
| **14** | Siljanoska, Julijana; **Taskovski, Filip**; Gjorgjiev, Martin; Marinovski, Nikolce | THE INFLUENCE OF MODERN PROMOTIONAL ACTIVITIES ON THE VOLUME OF SALES OF FINANCIAL COMPANIES IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA | International Scientific Conference SMART AND SUSTAINABLE ECONOMY: TRENDS AND PERSPECTIVES | 2023 |
| **15** | Taskovski, Filip | THE SIGNIFICANCE OF STATE GRANTS FOR FINANCING LOCAL SELF - GOVERNMENTS FROM THE PELAGONIAN PLANNING REGION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA | International Scientific Conference SMART AND SUSTAINABLE ECONOMY: TRENDS AND PERSPECTIVES | 2023 |
| **16** | Taskovski, Filip | THE IMPACT OF THE ENERGY CRISIS ON INFLATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA | Southeast European Review of Business and Economics SERBE 4(1) | 2023 |
| **17** | **Taskovski, Filip** & Petreska Tomeska, Ena | DETERMINANTS OF FOREIGN DIRECT INVESTMENTS: THE CASE OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA | Horizons-International Scientific Journal, 2023 | 2023 |
| **18** | Petreska Tomeska, Ena & **Taskovski, Filip** | INNOVATIVE ASPECTS IN DIGITAL MARKETING OF TEXTILE COMPANIES FROM PRILEP | XX. IBANESS Congress Series on Economics, Business and Management – Ohrid /Republic of North Macedonia | 2023 |
| **19** | **Taskovski, Filip** & Petreska Tomeska, Ena | THE RUSSIAN-UKRAINIAN CONFLICT, A CHALLENGE FOR THE INTERNATIONAL MONETARY SYSTEM | XX. IBANESS Congress Series on Economics, Business and Management – Ohrid /Republic of North Macedonia | 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **20** | Taskovski, Filip | THE EFFECTS OF FOREIGN DIRECT INVESTMENTS ON ECONOMIC GROWTH: THE CASE OF NORTH MACEDONIA | XIX. IBANESS Congress Series on Economics, Business and Management – Plovdiv / Bulgaria | 2023 |
| **21** | Siljanoska, Julijana; **Taskovski, Filip** & Marinovski, Nikolce | GENERATION Y CONSUMER VIEWS ON PRODUCT USE OF THE NUTRIBULLET | Macedonian international Journal of “MARKETING” No. 16 | 2022 |

- **Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик** – кандидатот поседува / има доставено потврда за познавање на странски (англиски) јазик;
- **Способност за изведување на високообразовна дејност** – кандидатот бил ангажиран во текот на академските 2021/2022 и 2022/2023 како демонстратор на Економски факултет – Прилеп при УКЛО, а од 15.3.2024 година е ангажиран како соработник / асистент од областа финансии и сметководство на Факултет за економија и организација на претприемништвото при МСУ „Св. Никола“.

**Посебни услови за избор:**

**Две препораки од професори –** кандидатот има доставено препораки од двајца релевантни професори од соодветните области.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во текот на академските 2021/2022 и 2022/2023 г., кандидатот бил ангажиран како демонстратор на Економски факултет – Прилеп при УКЛО и одржувал вежби на прв циклус студии. Од 15.3.2024 година е ангажиран како соработник / асистент од областа финансии и сметководство на Факултет за економија и организација на претприемништвото при МСУ „Св. Николе“ и одржувал вежби на прв циклус студии по предметите: Принципи на сметководство, Финансиско сметководство, Анализа на финансиски извештаи, Ревизија, Монетарна економија и Економика.

Кандидатот м-р Филип Тасковски има квалитетни и забележителни резултати во делот на неговите научноистражувачки активности, во рамки на кои се појавува како автор на трудови објавени во референтни меѓународни научни списанија и публикации, а кои, заедно со евалуација на истите, се прикажани во продолжение. Истите се верифицирани со соодветни сертификати и копија од секој труд. Притоа, сите трудови поседуваат стручно-научна и апликативна важност.

1. **Filip Taskovski** & Olivera Gjorgieva-Trajkovska (2024) THE ROLE OF CORPORATE FINANCIAL REPORTING IN THE FINANCIAL OPERATIONS OF BANKS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA. International Scientific Conference CIRCULAR ECONOMY: TRENDS AND PERSPECTIVES http://we-succeed.eknfak.ni.ac.rs/documents/ISC-2024.pdf#page=359

Трудот ја анализира улогата на квалитетот на корпоративното финансиско известување како значаен фактор за одржување на финансиската стабилност на банкарскиот сектор. Во истражувањето се испитува влијанието на избрани финансиски показатели врз финансиските перформанси на банките во Северна Македонија, кои котираат на АД Македонска берза. Резултатите

укажуваат на значајна поврзаност помеѓу показателите за профитабилност (ROA и ROE) и независните променливи, при што нето добивката по акција и сметководствената вредност на акциите имаат значително влијание врз финансиската успешност на банките.

2. **Taskovski, Filip** & Gjorgieva-Trajkovska, Olivera (2024) FINANCIAL ANALYSIS OF THE OIL SECTOR IN NORTH MACEDONIA–THE CASE OF MAKPETROL AD SKOPJE. REVIZOR* Časopis za upravljanje organizacijama, finansije i reviziju 27(7) https://casopisrevizor.rs/index.php/revizor/article/view/170

Трудот ја анализира волатилноста на светските берзи, со посебен акцент на цените на нафтата и нафтените деривати, како фактор кој бара континуирано приспособување на финансиските политики со цел одржување на финансиската стабилност. Во фокусот на истражувањето е компанијата Макпетрол АД Скопје од Северна Македонија, која се анализира како клучен учесник во нафтениот сектор во услови на увозна зависност и пазарна нестабилност. Резултатите укажуваат дека компанијата одржува релативно стабилна финансиска позиција, со високо ниво на ликвидност и солвентност, како и задоволителни показатели за принос на средства и капитал, дури и во периоди на зголемени цени на нафтата.

3. **Filip Taskovski** & Vlatko Paceskoski (2025) MONETARY POLICY EFFECTIVENESS IN THE CONTEXT OF GLOBAL INFLATION GROWTH: EVIDENCE FROM NORTH MACEDONIA. Vol. 2 No. 1 (2025): International Scientific Conference on Economics, Management and Information Technologies – ICEMIT 2025 https://icemit.vpsblace.edu.rs/index.php/icemit/article/view/88

Трудот ја анализира улогата на монетарната политика во одржувањето на макроекономската стабилност во услови на засилени глобални инфлаторни притисоци, со посебен осврт на економијата на Северна Македонија. Наодите покажуваат дека глобалните нарушувања во синџирите на снабдување и енергетската криза имале силно влијание врз домашната инфлација поради високата увозна зависност на земјата. Резултатите покажуваат дека, иако инфлацијата била претежно увезена, мерките на монетарната политика придонеле за ублажување на негативните ефекти, зачувување на ценовната стабилност и одржување на макроекономската рамнотежа.

4. **Taskovski, Filip** & Gogova Samonikov, Marija (2025) CHALLENGES AND THE ROLE OF P2P LENDING PLATFORMS IN MODERN ALTERNATIVE WAYS OF FINANCING - THE CASE OF NORTH MACEDONIA. Journal Socio-Economic Analyses https://journals.uni-vt.bg/sia/eng/vol17/iss2/art9

Трудот ја анализира улогата на финансиските иновации, развојот на финтек индустријата и алтернативните извори на финансирање како клучни двигатели на современите финансиски пазари. Посебен акцент е ставен на P2P платформите за кредитирање, кои се разгледуваат како еден од најзастапените модели на алтернативно финансирање во земјите со развиени финансиски пазари, при што се оценуваат и можностите за нивна примена во земјите во развој. Резултатите од истражувањето покажуваат дека развојот на финансиските пазари во економиите во развој во голема мера зависи од прифаќањето на алтернативните финансиски механизми, што создава поволни услови за имплементација и проширување на P2P платформите.

5. Siljanoska, Teodora; Siljanoska, Julijana; **Taskovski, Filip** & Marinovski, Nikolce (2025) THE POTENTIAL OF CONTENT MARKETING SHOWN THROUGH WEB PLATFORMS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA. KNOWLEDGE-International Journal 71(1) https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/7729

Трудот ја разгледува улогата на социјалните мрежи како современи средства за масовна комуникација кои овозможуваат интеракција, информирање, едукација и поттикнување на потрошувачките навики кај корисниците. Во истражувањето се нагласува дека компаниите кои не воспоставуваат ефективна комуникација и не градат препознатлив бренд преку социјалните мрежи се соочуваат со намалена конкурентност на пазарот, особено во услови на динамични пазарни промени во Северна Македонија. Наодите сугерираат дека креирањето персонализиран и близок однос со потрошувачите, преку добро познавање на нивните потреби, интереси и навики, претставува значаен предуслов за стекнување и одржување конкурентска предност.

6. Paceskoski, Vlatko & **Taskovski, Filip** (2025) THE ROLE OF MONETARY POLICY DURING THE GLOBAL FINANCIAL CRISIS - THE CASE OF NORTH MACEDONIA. Fourth International Conference on Business, Economy and Finance (ICBEF): RECENT GLOBAL TRENDS AND ECONOMIC SITUATIONS. Journal of Economics 10(2) https://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/article/view/7833

Трудот ја анализира улогата на монетарната политика и мерките на централната банка во справувањето со последиците од глобалната финансиска криза, предизвикана од колапсот на пазарот на недвижности во САД и банкротот на Lehman Brothers. Во истражувањето се истакнува значењето на монетарните инструменти за зголемување на ликвидноста на финансискиот сектор и за стабилизирање на макроекономските текови во Северна Македонија, при што се применуваат дескриптивна статистика, корелациска, тренд и регресиона анализа. Резултатите покажуваат дека македонската економија, како мала и отворена економија чувствителна на меѓународните економски движења, била под влијание на кризата, но мерките на централната банка придонеле кон ублажување на негативните ефекти и зачувување на финансиската стабилност.

7. Paceskoski, Vlatko & **Taskovski, Filip** (2024) COMPARATIVE ANALYSIS OF THE BUDGET REVENUES FROM DIRECT TAXES IN NORTH MACEDONIA AND SERBIA. The International Conference on Business and Technology (ICBTOxford'2024) https://link.springer.com/chapter/10.1007/978-3-031-85398-2_84

Трудот ја разгледува улогата на директните даноци како значаен извор на јавни приходи и инструмент за финансирање на јавната потрошувачка во современите економии. Во истражувањето се врши компаративна анализа на приходите од директни даноци во Северна Македонија и Србија, при што се анализира и нивната поврзаност со клучните макроекономски показатели на двете држави. Резултатите укажуваат дека приходите од директни даноци бележат континуиран раст и сè поголемо учество во вкупните даночни приходи, што претставува показател за постепен развој и модернизација на даночните системи.

8. Paceskoski, Vlatko & **Taskovski, Filip** (2024) TRANSMISSION OF MONETARY POLICY IN DEVELOPING COUNTRIES IN CONDITIONS OF GLOBAL INFLATION GROWTH - THE CASE OF NORTH MACEDONIA AND SERBIA. EMIDWORLD 2nd International Congress on Economics Public Finance Business & Social Science https://emidworld.com/userfiles/files/proceedingbook(3).pdf

Трудот ја анализира улогата на монетарната политика, координирана со фискалната политика, во одржувањето на макроекономската стабилност во услови на глобални инфлаторни и економски шокови. Во истражувањето се испитува ефективноста на монетарните мерки во стабилизирањето на инфлацијата во Северна Македонија и Србија, преку примена на SVAR модел и анализа на трансмисионите канали на монетарната политика. Резултатите покажуваат дека инфлациските движења во двете земји биле претежно условени од глобални фактори, додека монетарната политика имала значајна улога во ублажувањето на инфлаторните притисоци и стабилизирањето на вкупните макроекономски текови.

**9. Taskovski, Filip** & Paceskoski, Vlatko (2024) DETERMINANTS OF INFLATION IN CONDITIONS OF GLOBAL CHANGES AND CONFLICTS - THE CASE OF NORTH MACEDONIA. EMIDWORLD 2nd International Congress on Economics Public Finance Business & Social Science https://emidworld.com/userfiles/files/proceedingbook(3).pdf

Трудот го анализира влијанието на геополитичките конфликти и нарушувањата во глобалните синџири на снабдување врз порастот на инфлацијата, со посебен осврт на економските движења во Северна Македонија. Во истражувањето се нагласува дека порастот на цените на енергенсите и дестабилизацијата на финансиските пазари, предизвикани од конфликтот во Украина, имале значително влијание врз инфлаторните движења, особено кај увозно зависните економии во развој. Резултатите од регресионата анализа укажуваат дека најголемиот дел од инфлацискиот раст е условен од глобалниот раст на цените на енергијата и зголемената нестабилност на меѓународните финансиски пазари.

**10. Taskovski, Filip**; Gogova Samonikov, Marija & Paceskoski, Vlatko (2024) ISLAMIC BANKING-A CHALLENGE FOR THE TURKISH FINANCIAL SYSTEM. Journal of Economics 9(2) https://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/article/view/7005

Трудот ја анализира примената на исламскиот банкарски модел како алтернативен финансиски пристап заснован на принципите на распределба на добивка и загуба и ниски или нулти каматни стапки, како предизвик за традиционалните економски системи. Во истражувањето посебен фокус е ставен на искуството на Турција, каде што промените во монетарната политика и намалувањето на референтните каматни стапки се поврзуваат со зголемена инфлација, депрецијација на турската лира и значајни осцилации на BIST 100. Резултатите од истражувањето укажуваат дека имплементацијата на овој модел довела до зголемена нестабилност на финансискиот систем, при што инфлациските движења и пазарните очекувања значајно влијаеле врз динамиката на берзанските индекси и финансиските текови.

11. Paceskoski, Vlatko & **Taskovski, Filip** (2024) THE ROLE OF THE MONETARY POLICY IN STABILIZING INFLATION IN THE EUROPEAN MONETARY UNION DURING THE ENERGY CRISIS. Novi Ekonomist 18(35) https://noviekonomist.ues.rs.ba/article/117

Трудот ја анализира улогата на монетарната и фискалната политика во стабилизирањето на економиите од различни шокови на понудата и побарувачката, со посебен осврт на инфлаторните движења во Еврозоната. Во истражувањето се разгледуваат последиците од пандемијата на КОВИД-19, како и енергетската криза предизвикана од конфликтот помеѓу Русија и Украина, кои доведоа до нарушување на синџирите на снабдување и зголемување на инфлацијата. Резултатите укажуваат дека монетарната политика на Европската централна банка, преку своите инструменти и трансмисиони канали, има значајна улога во стабилизирањето на ценовното ниво и намалувањето на инфлаторните притисоци во услови на висока инфлација.

12. Taskovski, Filip (2023) KEY MACROECONOMIC DETERMINANTS OF GOVERNMENT DEBT: THE CASE OF NORTH MACEDONIA. Economic Review: Journal of Economics and Business 21(2) https://www.er.ef.untz.ba/index.php/er/article/view/28

Трудот ја анализира јавната задолженост како клучен макроекономски детерминанти и нејзиното влијание врз креирањето на фискалната и монетарната политика во услови на кризи. Во фокусот е економијата на Северна Македонија, каде што пандемијата на КОВИД-19 и енергетската криза предизвикале раст на буџетскиот дефицит и значително зголемување на јавниот долг, кој во одреден период го надминал прагот од 60% од БДП, односно еден од Мастришките критериуми на конвергенција. Истражувањето, базирано на повеќекратна линеарна регресија, покажува дека економскиот раст, инфлацијата, буџетскиот дефицит и странските директни инвестиции имаат значајно влијание врз динамиката на државниот долг, при што глобалните кризи имаат силен ефект врз јавните финансии.

**13. Taskovski, Filip** & Paceskoski, Vlatko (2023) THE INFLUENCE OF THE RUSSIAN-UKRAINIAN CONFLICT ON THE EURO. KNOWLEDGEInternational Journal 61(1) https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/6532

Трудот ја анализира економската и финансиската димензија на конфликтот меѓу Русија и Украина, со посебен акцент на ефектите од меѓународните санкции врз глобалните трговски, монетарни и финансиски текови. Во истражувањето се разгледуваат очекувањата дека санкциите ќе предизвикаат главно негативни ефекти врз руската економија, без значајна дестабилизација на европските економии, но се укажува дека тие довеле до спротивни пазарни движења, особено преку раст на цените на енергенсите и основните земјоделски производи. Резултатите упатуваат на заклучок дека геополитичките шокови и санкциите значајно ја зголемиле волатилноста на глобалните пазари и влијаеле врз инфлаторните и ценовните движења на меѓународно ниво.

14. Siljanoska, Julijana; **Taskovski, Filip**; Gjorgjiev, Martin; Marinovski, Nikolce (2023) THE INFLUENCE OF MODERN PROMOTIONAL ACTIVITIES ON THE VOLUME OF SALES OF FINANCIAL COMPANIES IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA. International Scientific Conference SMART AND SUSTAINABLE ECONOMY: TRENDS AND PERSPECTIVES http://www.eknfak.ni.ac.rs/ISC2023/dl/Program.pdf

Трудот ја анализира улогата на маркетиншките активности кај финансиските институции како клучен фактор за зголемување на приходите, пазарното учество и јакнење на лојалноста на клиентите. Во истражувањето се нагласува дека современите промотивни стратегии, особено дигиталните

и онлајн активностите, претставуваат важен механизам за адаптација на банките и другите финансиски компании кон динамичните пазарни промени. Резултатите од спроведеното истражување, базирано на анкетно испитување и примена на статистички методи, укажуваат на постоење значајна поврзаност помеѓу маркетиншките активности и финансиските перформанси, како и пазарната позиција на компаниите.

15. Taskovski, Filip (2023) THE SIGNIFICANCE OF STATE GRANTS FOR FINANCING LOCAL SELF - GOVERNMENTS FROM THE PELAGONIAN PLANNING REGION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA. International Scientific Conference SMART AND SUSTAINABLE ECONOMY: TRENDS AND PERSPECTIVES http://www.eknfak.ni.ac.rs/ISC2023/dl/Program.p

Трудот ја анализира фискалната позиција на локалните самоуправи во Северна Македонија со посебен осврт на предизвиците во процесот на фискална децентрализација и зависноста од трансфери од централната власт. Во фокусот на истражувањето се општините Битола, Прилеп и Ресен, при што се анализираат изворите на финансирање, како и влијанието на даночните приходи, грантовите и социо-економските показатели врз општинските буџети. Резултатите укажуваат дека најголем дел од приходите потекнуваат од даноци и трансфери, додека стапката на вработеност има значајно влијание врз приходите од грантови во анализираните општини.

16. Taskovski, Filip (2023) THE IMPACT OF THE ENERGY CRISIS ON INFLATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA. Southeast European Review of Business and Economics SERBE 4(1) https://eccfp.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/sites/8/2023/10/SERBE-vol-4- issue-1.pdf

Трудот ја анализира поврзаноста помеѓу енергетската криза и инфлациските движења во услови на глобални економски шокови, со посебен фокус на економијата на Северна Македонија. Во истражувањето се истакнува дека пандемијата на КОВИД-19 и конфликтот меѓу Русија и Украина довеле до нарушување на синџирите на снабдување, раст на цените на енергенсите и засилена инфлаторна динамика во Европа. Резултатите од применетата повеќекратна линеарна регресија укажуваат дека енергетската криза има значајно влијание врз инфлацијата, при што монетарните реакции преку зголемување на референтните каматни стапки претставуваат клучен инструмент за стабилизација на ценовното ниво.

**17. Taskovski, Filip** & Petreska Tomeska, Ena (2023) DETERMINANTS OF FOREIGN DIRECT INVESTMENTS: THE CASE OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA. Horizons-International Scientific Journal, 2023 https://uklo.edu.mk/ojs/index.php/horizons/article/view/305/283

Трудот ја анализира улогата на странските директни инвестиции како клучен фактор за економска стабилност и развој, со посебен осврт на нивните детерминанти во Северна Македонија. Во истражувањето се применува регресиона анализа со цел да се испита влијанието на макроекономски и институционални променливи како БДП, инфлација, вработеност, индекс на економска слобода и индекс на перцепција на корупција врз приливот на СДИ. Резултатите обезбедуваат емпириски докази за значајното влијание на овие фактори врз привлекувањето странски инвестиции, што има директни импликации врз економскиот раст и долгорочниот развој на земјата.

18. Petreska Tomeska, Ena & **Taskovski, Filip** (2023) INNOVATIVE ASPECTS IN DIGITAL MARKETING OF TEXTILE COMPANIES FROM PRILEP. XX. IBANESS Congress Series on Economics, Business and Management – Ohrid / Republic of North Macedonia https://www.ibaness.org/conferences/ohrid_2023/ibaness_ohrid_proceedings_draf t_6.pdf

Трудот ја анализира улогата на дигиталниот маркетинг во современото деловно опкружување, каде што дигитализацијата и технолошките иновации значително го трансформираат начинот на кој компаниите комуницираат со потрошувачите. Во истражувањето се истакнува дека дигиталниот маркетинг, базиран на интернет технологии, претставува нова деловна филозофија која овозможува глобална промоција на производи и услуги и поефикасно таргетирање на клиентите. Резултатите упатуваат на заклучок дека клучниот предизвик во оваа област е обезбедување точни информации и нивно насочување кон вистинската целна група, со цел зголемување на ефикасноста на маркетиншките активности.

**19. Taskovski, Filip** & Petreska Tomeska, Ena (2023) THE RUSSIAN-UKRAINIAN CONFLICT, A CHALLENGE FOR THE INTERNATIONAL MONETARY SYSTEM. XX. IBANESS Congress Series on Economics, Business and Management – Ohrid / Republic of North Macedonia https://www.ibaness.org/conferences/ohrid_2023/ibaness_ohrid_proceedings_draf t_6.pdf

Трудот ја анализира влијанието на конфликтот меѓу Русија и Украина врз нарушувањето на меѓународниот монетарен систем и глобалните капитални текови. Во истражувањето се истакнува дека воведувањето санкции од страна на Европската Унија и САД, вклучително и исклучувањето на руските банки од системот SWIFT, довело до значајни промени во меѓународната трговија, зголемена нестабилност и засилена инфлација во развиените економии. Резултатите упатуваат на заклучок дека истовремено се јавуваат процеси на редефинирање на глобалниот монетарен поредок, преку намалување на доминацијата на американскиот долар во одредени меѓународни трансакции.

20. Taskovski, Filip (2023) THE EFFECTS OF FOREIGN DIRECT INVESTMENTS ON ECONOMIC GROWTH: THE CASE OF NORTH MACEDONIA. XIX. IBANESS Congress Series on Economics, Business and Management – Plovdiv / Bulgaria https://eprints.uklo.edu.mk/id/eprint/8154/1/ibaness_plovdiv_proceedings_draft.pdf

Трудот ја анализира улогата на странските директни инвестиции како клучен фактор за економски раст, со посебен акцент на нивното влијание во земјите во развој, вклучително и во Северна Македонија. Во истражувањето се истакнува дека СДИ придонесуваат за трансфер на нови технологии, прилив на странски капитал, подобрување на извозните перформанси и намалување на невработеноста, што ги прави стратешки значајни за економскиот развој. Резултатите од анализата упатуваат на заклучок дека влијанието на СДИ врз економскиот раст варира по сектори, при што одредени индустрии имаат посилно изразен ефект врз вкупната економска динамика на земјата.

21. Siljanoska, Julijana; **Taskovski, Filip** & Marinovski, Nikolce (2022) GENERATION Y CONSUMER VIEWS ON PRODUCT USE OF THE NUTRIBULLET. Macedonian international Journal of “MARKETING” No. 16 https://mzmarketing.org/wp-content/uploads/2026/02/Spisanie_16.pdf

Трудот ја анализира улогата на релацискиот маркетинг како современ пристап насочен кон задржување на потрошувачите и градење долгорочни односи со нив, во услови на зголемена конкуренција и дигитална трансформација на пазарот. Во истражувањето посебен фокус се става на виртуелната комуникација и промените во пазарните односи, како и на карактеристиките на генерацијата Y (милениумци), кои покажуваат висока склоност кон персонализација и здрав начин на живот. Резултатите укажуваат дека подоброто разбирање на нивните навики и преференции овозможува поефикасно таргетирање и креирање маркетиншки стратегии, особено во однос на производи како Nutribullet, кои се поврзани со здравиот стил на живот.

**Учество во работилници, семинари, конференции, презентации на научноистражувачки и стручни собири**

- **International Scientific Conference on Economy, Management and Information Technologies-ICEMIT 2025**, hosted by Toplica Academy of Applied Studies, Department of Business Studies Blace, from 9-11 October 2025;
- **Fourth International Conference on Business, Economy and Finance (ICBEF): Recent Global Trends and Economic Situations**, organized by Faculty of Economics, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, 28 March 2025;
- **The International Conference on Business and Technology (ICBTOxford'2024)**, organized by the EuroMid Academy of Business and Technology. ICBTOxford'2024, hosted by the University of Oxford, UK, November 21-22, 2024;
- **EMIDWORLD 2nd International Congress on Economics Public Finance Business & Social Sciences**, organized by TEMAR Foundation, November 07-09, 2024 in Istanbul/Turkey;
- **International Scientific Conference CIRCULAR ECONOMY: TRENDS AND PERSPECTIVES**, organized by the Faculty of Economics, University of Niš 18 October 2024;
- **International Scientific Conference SMART AND SUSTAINABLE ECONOMY: TRENDS AND PERSPECTIVES**, organized by the Faculty of Economics, University of Niš, 13 October 2023;
- **XX. IBANESS Congresses Series on Economics, Business and Management-Ohrid/Republic of North Macedonia**, October 11-12, 2025, Organized by IBANESS, University of Agribusiness and Rural Development/Bulgaria, University "St. Kliment Ohridski", Faculty of Economics – Prilep/Republic of North Macedonia and University "Isa Boletini"- Mitrovica, Faculty of Economics/Republic of Kosovo;
- **XIX. IBANESS Congress Series on Economics, Business and Management – Plovdiv / Bulgaria**, April 8–9, 2023, Organized by IBANESS, University of Agribusiness and Rural Development/Bulgaria, University "St. Kliment Ohridski", Faculty of Economics – Prilep/Republic of North Macedonia and University "Isa Boletini"- Mitrovica, Faculty of Economics/Republic of Kosovo.

**Учество на натпревари**

Кандидатот м-р Филип Тасковски учествувал на повеќе натпревари, меѓу кои и на меѓународниот натпревар за креирање на најоптимално

одржливо портфолио организиран од Sparkasse Stiftung Albania – во рамки на Sparkasse bank Albania, каде што во рамки на тимот BREND FIN освојува трета награда за најоптимално одржливо портфолио за што има доставено соодветен сертификат.

***За кандидатот м-р Виктор Атанасовски***
***Биографски податоци***

Кандидатот м-р Виктор Атанасовски е роден на 1.12.1994 година во Кочани.

Во 2013/2014 година се запишува на Економски факултет - УГД во Штип и дипломира на истиот факултет во 2017 година. Се стекнува со звање дипломиран економист од областа на менаџмент и претприемништво, просек 9,88. Кандидатот во знак на признание за постигнатиот најдобар успех во студирањето има добиено Пофалница од тогашниот ректор на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, проф. д-р Блажо Боев. Кандидатот ги продолжуваа студиите истата година (2017), запишувајќи се на втор циклус студии на Економски факултет, УГД, насока МБА - менаџмент, и со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Улогата на стратегискиот менаџмент во создавањето на конкурентен бренд", под менторство на проф. д-р Елена Веселинова, во 2021 година се стекнува со звање магистер по економски науки од областа на МБА менаџмент со просек 10,00. Кандидатот во 2024 година, се запишува на докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, програма: Економски науки. Во моментот е запишан во 3. семестар, при што има положено 6 предмети со оценка 10 и реализирана подготовка на пилот-истражувачки труд. Кандидатот од 19.5.2021 година се стекнал со Уверение за положен стручен испит за наставник. Од 2019 година м-р Виктор Атанасовски работи како професор во СОУ „Љупчо Сантов" – Кочани по предметите: Претприемништво и бизнис, Економија, Менаџмент.

Во доменот на научноистражувачката работа, кандидатот учествувал во проекти, работилници, Еразмус активности, верифицирани со соодветни сертификати, а исто така има објавено два рецензирани научни трудови, еден во списание со меѓународен научен одбор, а еден во домашен зборник на научни трудови.

Кандидатот активно се служи со англискиот, германскиот, шпанскиот јазик.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Општи услови за избор:**

- **просечен успех** – кандидатот м-р Виктор Атанасовски ги има остварено следните просечни успеси: просечен успех на прв циклус студии од 9,88 и просечен успех на втор циклус студии од 10,00;
- **научен степен – магистер на науки од научната област за која се избира** – кандидатот м-р Виктор Атанасовски има научен степен магистер на науки од област МБА - менаџмент;

- **објавени научни трудови во референтна научна публикација во согласност со ЗВО и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип** – во прилог е прикажан преглед на објавените трудови:

| Ред. бр. | Автор/и | Наслов | Списание / публикација | Година на објавување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Viktor Atanasovski** & Elena Veselinova | CREATING A STRATEGIC COMPETITIVE ADVANTAGE THROUGH BRANDING | Journal of Economics, 9 (2). ISSN 1857-9973 | **2024** |
| 2 | Veselinova, Elena & **Atanasovski, Viktor** | КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА КОНКУРЕНТНА ПРЕДНОСТ | Годишен зборник, Економски факултет, 17. pp. 107-118. ISSN 1857-7628 | **2019** |

- **Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик** – кандидатот поседува / има доставено потврда за познавање на странски (англиски, германски и шпански) јазик;
- **Способност за изведување на високообразовна дејност** – кандидатот има приложено Уверение и Сертификат, а воедно работи како професор во СОУ „Љупчо Сантов" – Кочани.

**Посебни услови за избор:**

**Две препораки од професори –** кандидатот има доставено препораки од четири професори.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од ноември 2019 година кандидатот работи во СОУ „Љупчо Сантов" – Кочани и е професор по предметите: Претприемништво и бизнис, Економија, Менаџмент, работи на воспитно-образовни активности и задачи, води и реализира вонаставни активности – натпревари, работилници, проекти. Тој е координатор и ментор за феријалната практика за учениците од економско-правна и трговска струка.

Следува елаборација на содржината на научните трудови кои ги има приложено.

1. **Atanasovski, Viktor** & Veselinova, Elena (2024) *Creating a strategic competitive advantage through branding.* Journal of Economics, 9 (2). ISSN 1857-9973

Фокусот на овој научен труд е анализата на создавањето конкурентска предност преку брендирање, како предуслов за стратешки и долгорочен опстанок на организацијата во услови на интензивна конкурентска структура на пазарот.

Главната цел е да се дефинира и нагласи потребата од разбирање на конкуренцијата и потрошувачите преку истражување на конкурентското опкружување, разбирање на основите на конкурентската маркетинг стратегија заснована на создавање вредност за потрошувачите, како и препознавање на потребата од балансирање на ориентацијата кон потрошувачите и ориентацијата кон конкурентите при градењето вистински пазарно ориентирана организација.

Резултатите од истражувањето водат до заклучок дека компаниите денес се соочуваат со најсилната конкуренција досега. Разбирањето на потрошувачите претставува важен прв чекор во развојот на односите со нив, но тоа не е доволно. За да стекнат конкурентска предност, компаниите мора да го искористат ова разбирање за да креираат пазарни понуди кои обезбедуваат поголема вредност од понудите на конкурентите што се натпреваруваат за истите потрошувачи.

2. Veselinova, Elena & **Atanasovski, Viktor** (2019) *Креирање на стратегиска конкурентска предност.* Годишен зборник, Економски факултет, 17. pp. 107-118. ISSN 1857-7628

Во фокусот на овој труд е анализата на креирањето на конкурентска предност, како предуслов за стратегиски-долгорочен опстанок на организацијата во услови на совршена конкурентска структура на пазарот. Главната дел е да се дефинира и сублимира потребата за разбирање на натпреварот, како и на потрошувачите преку истражување на натпреварот, согледување на основите на конкурентската маркетинг стратегија, базирана врз креирање на вредности за потрошувачите, како и воочување на потребата од балансирање на ориентациите на потрошувачите и конкурентите во изградувањето на вистинска пазарно-ориентирана организација. Резултатите од истражувањето водат кон заклучок во кој се потенцира дека денешните компании се соочуваат со најтешката конкуренција досега. Разбирањето на клиентите е важен прв чекор во развивањето на врски со клиентите, но тоа не е доволно. За да добијат конкурентска предност, компаниите мораат да го употребат ова разбирање за да дизајнираат понуди на пазарот кои носат поголема вредност од оние на конкурентите кои се борат за истите клиенти.

**Учество во работилници, семинари, конференции, презентации на научноистражувачки и стручни собири** – има доставено единаесет сертификати за присуство на работилници, едукации, мобилности.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација и утврди дека се пријавени двајца кандидати, м-р Филип Тасковски и м-р Виктор Атанасовски.

Рецензентската комисија, врз основа на целокупната доставена документација од страна на кандидатот м-р Филип Тасковски, утврди дека истиот во целост ги исполнува условите за избор на асистент во наставно-научната област сметководство, додека кандидатот м-р Виктор Атанасовски исполнува услови на област МБА – менаџмент која не е распишана по овој конкурс. Неговиот опус на активности и резултати се поврзани со менаџментот и претприемништвото.

Пријавениот кандидат м-р Филип Тасковски ги исполнува условите согласно со член 170 од Законот за високо образование и член 16 од Правилникот за избор за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, односно има стекнато назив магистер од соодветната област.

Оттука, Комисијата позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовна, научноистражувачка, како и дејноста од поширок интерес која е опфатена во овој реферат за кандидатот м-р Филип Тасковски. Комисијата констатира дека кандидатот ги исполнува сите предвидени формални и суштински услови за избор во звање соработник / асистент.

Со особена чест и задоволство, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Економски факултет да го избере кандидатот **м-р Филип Тасковски** во звање соработник / асистент за наставно-научната област *сметководство (5.02.00.06)* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Марија Гогова Самоников, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател, с.р.

Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.

Проф. д-р Благица Колева, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ М-Р ФИЛИП ТАСКОВСКИ

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | ПОЕНИ | |
|---|---|---|---|
| 2. | Избор во звање асистент | 15 | |
| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | ПОЕНИ | |
| | | во земјава | во странство |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>(прв автор, втор автор, останати автори)<br>Редни броеви: 2, 4, 5, 10, 11, 12, 13, 16, 17, 21<br>Пресметка на поени:<br>Трудови ред. бр. 2, 4, 10, 13 и 17 x 9 поени = 45<br>Трудови ред. бр. 11 и 21 x 6 поени = 12<br>Труд ред. бр. 5 x 3 поени = 3<br>Трудови ред. бр. 12 и 16 x 11.7 (9*1,3) поени = 23.4 | 83,4 | |
| 12. | Одбранет магистерски труд | 4 | |
| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ<br>И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | ПОЕНИ | |
| | | во земјава | во странство |
| 1. | Книга/учебник<br>ИНТЕГРИРАНИ МАРКЕТИНГ КОМУНИКАЦИИ<br>Автори: д-р Јулијана Силјаноска, д-р Ленче Петреска, м-р Филип Тасковски<br>Издавач: Македонско научно друштво Битола (МНД)<br>Година на издавање 2024<br>ISBN 978-608-4919-10-0<br>COBISS.MK-ID 63780307 | 10 | |
| 6. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br>Редни броеви (во земјава): 6, 18, 19<br>Пресметка на поени:<br>Трудови ред. бр. 6 и 18 x 2 поени = 4<br>Труд ред. бр. 19 x 2.6 (2*1,3) поени = 2.6<br>Редни броеви (во странство): 1, 3, 7, 8, 9, 14, 15, 20<br>Пресметка на поени:<br>Трудови ред. бр. 1, 3, 7, 8, 9, 14, 20 x 3 поени = 21<br>Труд ред. бр. 15 x 3,9 (3*1,3) поени = 3,9 | 6,6 | 24,9 |
| | ВКУПНО: | 143,9 | |